# Општинско Основно училиште
# “Круме Кепески“, Скопје




# САМОЕВАЛУАЦИЈА-2020-2022
## Општина Кисела Вода – Скопје

| | |
|---|---|
| **Самоевалуација на училиштето** | |
| **Училиште** | ОУ Круме Кепески – Скопје |
| Адреса | Ул Христо Татарчев, бр.46 |
| Телефон, e-mail | Тел. 2777-500, 2781-323<br>e-mail: ooukkepeskisk@gmail.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Април-јуни 2022 |
| Број на ученици во училиштето | 709 |
| Број на подрачни училишта | 1 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Павлина Трипуновска |
| Потпис | |
| Датум | 28.06.2022 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Христијан Јанкуловски |
| Потпис | |
| Датум | 28.06.2022 |

# Лична карта на училиштето

**Централно училиште**
ООУ “Круме Кепески“, Скопје
Ул.Христо Татарчев, бр.46
Тел. 02 2777-500,  02 2781-323
e-mail:   ooukkepeskisk@gmail.com
www.ooukrumekepeski.edu.mk
**Подрачно училиште**
ООУ “Круме Кепески“, Скопје, нас. Припор
ул. Христо Татарчев, бр.67-а
тел. 02 2780-604

## Идентификациони податоци

| | |
|---|---|
| **Основно училиште** | “Круме Кепески“- Скопје |
| **Дејност** | Јавна установа за основно воспитание и образование |
| **Седиште** | ЦУ: ул. Христо Татарчев, бр.46 – Општина “Кисела Вода“ – Скопје<br>ПУ: Христо Татарчев, бр.67-а - Општина “Кисела Вода“, нас. Припор – Скопје |
| **Основано од:** | Народен одбор на Општина “Кисела Вода“, Скопје |
| **Одлука број:** | 1240 од 14.07.1962 |
| **Верификација:** | 15-1887 од 4.12.1985 |

# Услови за изведување на воспитно-образовната дејност

## I. ВРАБОТЕН КАДАР ВО УЧИЛИШТЕТО

| Работни места | Образование | Вкупен број | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| Директор | 1 ВСС | 1 | | 1 |
| Педагог | 1 ВСС | 1 | | 1 |
| Психолог | 1 ВСС | 1 | | 1 |
| Специјален едукатор и рехабилитатор | 1 ВСС | 1 | | 1 |
| Одделенски наставници | 26 ВСС +1 ВШС | 27 | | 27 |
| Предметни наставници | 30 ВСС + 2 ВШС | 32 | 8 | 24 |
| Секретар-благајник | 1 ВСС | 1 | | 1 |
| Хигиеничари | 4-основно + 5 ССС | 9 | | 9 |
| Одржувачи на објектот | 1ССС + 1КВ | 2 | 2 | |
| Вкупно | | 75 | 10 | 65 |

## II. УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| Вкупен број на паралелки и ученици во училиштето | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Централно | | | | Подрачно | | | | Вкупно централно и подрачно | | | |
| **Одд.** | **Пар.** | **М** | **Ж** | **Вкуп.** | **Пар.** | **М** | **Ж** | **Вкуп.** | **Пар.** | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| I | 3 | 37 | 24 | 61 | 1 | 6 | 3 | 9 | 4 | 43 | 27 | 70 |
| II | 3 | 42 | 34 | 76 | 1 | 5 | 9 | 14 | 4 | 47 | 43 | 90 |
| III | 3 | 39 | 31 | 70 | 1 | 8 | 6 | 14 | 4 | 47 | 37 | 84 |
| IV | 3 | 31 | 40 | 71 | 1 | 6 | 8 | 14 | 4 | 37 | 48 | 85 |
| V | 2 | 30 | 20 | 50 | 1 | 10 | 3 | 13 | 3 | 40 | 23 | 63 |
| **I-V** | **14** | **179** | **149** | **328** | **5** | **35** | **29** | **64** | **19** | **214** | **178** | **392** |
| VI | 4 | 46 | 40 | 86 | | | | | 4 | 46 | 40 | 86 |
| VII | 4 | 37 | 33 | 70 | | | | | 4 | 37 | 33 | 70 |
| VIII | 4 | 50 | 42 | 92 | | | | | 4 | 50 | 42 | 92 |
| IX | 4 | 44 | 25 | 69 | | | | | 4 | 44 | 25 | 69 |
| **VI-IX** | **16** | **177** | **140** | **317** | | | | | **16** | **177** | **140** | **317** |
| **I-IX** | **30** | **356** | **289** | **645** | **5** | **35** | **29** | **64** | **35** | **391** | **318** | **709** |

### Етнички состав на учениците

| **Националност** | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Македонци | 383 | 317 | 700 |
| Срби | 1 | 1 | 2 |
| Роми | 3 | | 3 |
| Власи | 3 | | 3 |
| Останати | 1 | | 1 |

## III. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

-училнички простор- 2004 m2
- училишен простор-4332 m2

### Училишен двор и други површини

| Вид | Број | m2 | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1.Спортски полигони | 2 | 1.400 | Во двете училишта |
| 2.Училишен парк | 2 | 16.688 | Во двете училишта |
| 3.Асфалтирани-бетонирани површини | 2 | 1.200 | Во двете училишта |
| **Вкупно** | 6 | 19.288 | |

| **Наставни простории** | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на просторијата | Број | m2 | Забелешка |
| 1.Училници | 25 | 1464 | Во двете згради |
| 2.Кабинети | 9 | 540 | Во двете згради |
| 3.Фискултурна сала | 1 | 138 | Во двете згради |
| 4.Соблекувални | 2 | 32 | Во двете згради |
| 5.Простории за наставни средства и помагала | 5 | 83 | Во двете згради |
| 6.Библиотека | 2 | 41 | |
| **Вкупно** | 44 | 2298 | |
| **Простории за педагошка дејност** | | | |
| Вид на просторијата | Број | m2 | Забелешка |
| 1.Простории за наставниците и директорот | 4 | 109 | Во двете згради |
| 2.Простории за педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор | 3 | 37 | Во централното училиште |
| 3.Канцеларии | 2 | 28 | Во централното училиште |
| 4.Простории за помошен персонал | 1 | 12 | Во централното училиште |

| **Вкупно** | 10 | 186 | |
|---|---|---|---|
| **Простории за санитарни потреби и други помошни простории** | | | |
| Вид на просторијата | Број | m2 | Забелешка |
| 1.Кујна со трпезарија | 2 | 138 | Во двете згради |
| 2.Ходници | 16 | 1450 | Во двете згради |
| 3.Санитарни јазли | 10 | 115 | Во двете згради |
| 4.Магацини | 2 | 25 | Во централното училиште |
| 5.Подруми | 2 | 105 | Во двете згради |
| 6.Работилница за домаќин | 1 | 15 | Во централното училиште |
| **Вкупно** | 33 | 1848 | |

# IV. НАСТАВНИ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА** | | |
| Македонски јазик | Лаптопи, принтери, смарт табли-5, смарт телевизори -3, библиотека на тркала,чекор по чекор (4), сликовници, детски списанија, едукативни игри, одделенска Букварка (4),постери, илустрации со слики. | песочни табли/кутии за цртање и пишување, еластични стапчиња за креирање правилни и неправилни дводимензионални форми, пластификатор |
| Ликовно образование | / | средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои и др.) |
| Музичко образование | Детски музички инструменти, касетофон, звучници | детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре) |
| Физичко образование | Душеци, хулахопи, јажиња, топки, мали топчиња, обрачи,конуси, | |
| Природни науки | мензури, паноа | фотографии од различни фази од животниот тек на човекот. Уреди за правење фотографии и уреди за слушање музика. Височинометри (метарски стап), огледала |

| | | |
|---|---|---|
| | | (пластични), лупи, платнени вреќички со врвка, очна табела, метални лажици, меки играчки, ѕвонче или свирче, хартиени чаши. Флипчарт (мала преносива табла на која може да се црта и пишува). |
| Општество | принтер | Фотографии/илустрации за месеците во годината. Временска лента на настани за една недела и временска лента за тоа што правиме наутро, преку ден, навечер и преку ноќ. Сложувалки или илустрации со ликови на човечки лица со различни емоции. Илустрации за поддршка на содржините/активностите поврзани за дом и семејство/заедница. Играчки за поддршка на содржините/активностите (градинарски алат, прибор за лична хигиена и хигиена во домот, мебел, коцки за конструирање). Реквизити: семафор, знакот стоп, униформи, стетоскоп, докторски прибори и други играчки од ваков вид. |
| Математика | линијар<br>триаголник<br>3Д форми, табела стотка со броеви, бројни низи, карти со броеви,картонска кутија која служи за собирање (операции) 3Д-форми, вага (кујнска),часовник, постер со броеви до 10, Куќички со десетки, кутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи (капачиња, макарони, дрвени стапчиња и сл), агломери- 2, паноа, , линеар- 2, триаголници-4, шестар, табели стотки (на хамер направени), картички со броеви | лизгачки ленти со броеви, низи со броеви, сметалки, абакус (бројалка со дрвени топчиња), цртежи, картони со отпечатени симболи (< , > , =), тркало со броеви, графикон со месна вредност, математички плочки. Комплет 2Д-форми и 3Д-форми (пластични, метални, магнетни, картонски), геотабла, огледало, хартиени форми и коцки кои се поврзуваат меѓу себе. Дигитални игри, на пример, Домино, Не лути се човече… Различни предмети за мерење: чаши, пластични шишиња, бокали, садови обележани со литри, ленти од хартија и ткаенина, вага, часовник (песочен часовник, аналоген часовник со стрелки кои ученикот може да ги придвижува, дигитален часовник. |
| Работа со компјутери | Компјутер | принтери, звучници |
| **ПРЕДМЕТНА НАСТАВА** | | |
| Македонски јазик | два проектори | две смарт табли |
| Англиски јазик | книги на англиски јазик, постери, слики | три CD/MP3 плеери, пластификатор<br>телевизор |
| Француски јазик | Проектор, лаптоп, флеш карти | / |
| Ликовно образование | / | енциклопедии за уметност |
| Музичко образование | Касетофон, пијано, хармоника, метроном, мандолина, металофонче, музичка енциклопедија; | LCD проектор или телевизор |

| | | |
|---|---|---|
| Математика | комплет триаголници,шестари,пластични 3Д форми,линијари | прибор за цртање за сите наставници (4 комплети) мрежи од 3Д форми |
| Информатика | два компјутери, LCD Проектор, принтер | исправни компјутери, смарт табла |
| Физика | сет магнети, мултиметри, амперметар, леќи, волтметар, призма, оптичка шина, отпорници, барометар и хигрометар, електростатска машина, динамометри | / |
| Хемија | опремен кабинет, хемиски апаратури, садови и сл. | обнова на некои хемиски материи |
| Биологија | лаптоп, трајни препарати, испечатени хамери, модели на органи (посебно) од човек и растителни, скелет (некомплетен голем и комплетен мал), слики, микроскоп | понов микроскоп, предметни стакла, покровни стакла |
| Природни науки | лаптоп, трајни препарати, испечатени хамери, модели на органи (посебно) од човек и растителни, скелет (некомплетен голем и комплетен мал) | решо, електромотор |
| Географија | Компјутер, 15 карти, еден глобус | проектор или LCD телевизор |
| Историја | Компјутер, историски карти | LCD телевизор, енциклопедија, глобус |
| Граѓанско образование | Телевизор, лап топ | / |
| Етика | | |
| Иновации | | |
| Физичко образование | Топки за фудбал, одбојка кошарка, ракомет, маса за пинг понг со мрежа и топчиња, разбој,одразна даска,јарец за прескокнување, метални ѓулиња, медицински топки. | Потребен е нов под во спортската сала и осветлување, дебели душеци,стартни блокови и препони за трчање-атлетика. |
| Опрема за предметна настава | Принтери, преносни и статички компјутери во секоја училница по еден, ЛЦД проектори-5, се користат и смарт таблите и телевизорите наменети за одделенска настава | Смарт табли и телевизори |

# СЕУ

## Подрачје 1: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

## Подрачје 1: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

**Оддели во рамките на подрачјето:**

1.1 Реализација на наставните планови и програми
1.2 Квалитетот на наставните планови и програми
1.3 Вонннаставни активности
1.4 Планирања на наставниците
1.5 Наставен процес
1.6 Искуства на учениците
1.7 Задоволување на потребите на учениците
1.8 Оценувањето како дел од наставата
1.9 Севкупна грижа за учениците
1.10 Здравје
1.11 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески“ Скопје**

## Подрачје 1: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по оддели** | **Информации кои се собрани** |
| -Наставни планови и програми одобрени од МОН<br>-Годишна Програма на училиштето<br>- Наставни планирања на наставниците<br>-Прилагодени наставни програми за децата со ПОП<br>-План и програма за соработка со родители<br>-Извештаи од предавања/презентации за интегрирана настава<br>-Одделенски дневници<br>-Записници од Наставнички Совет, Совет на родители, УО<br>-Записници од родителски средби<br>-Годишен Извештај на училиштето<br>-Распоред на часови<br>-Анкети со ученици, наставници, родители | **1.1**<br>Реализација на наставните планови и програм**и** | БРО и МОН се институции кои се одговорни за изработка и верификација на наставните планови и наставните програми за секој предмет во основното образование. Врз основа на овие документи, наставниот кадар во училиштето има законска обврска да изработува годишни планирања, како и тематско-процесни планирања проследени со дневни подготовки и/или сценарио за работа, од кои може да се согледа реализацијата на наставните програми. Родителите, кои се важен дел од образовниот процес на нивните деца, се запознаваат со овие документи на заедничките и/или индивидуалните родителски средби, а на вебстраницата на училиштето во електронска форма има и Училиштен информатор кој содржи дел од позначајните сегменти од наставните планови и програми. Учениците пак, директно се запознаваат на часовите со предметниот наставник. Тоа го потврдува и високиот процент на запознаеност на родителите и учениците со содржината на наставните програми добиен како резултат од спроведената анкета (70% од родителите се целосно информирани а 26% делумно, а од учениците 85% се изјасниле дека се целосно информирани, 12% малку, а останатите 3% се изјасниле дека воопшто не се информирани) што говори за постоење на транспарентност на содржината на наставните програми кај родителите и учениците.<br>- Покрај редовните предмети учениците заедно со нивните родители (преку анкети) го избираат изборниот предмет кој ќе го изучуваат во таа учебна година. Во учебните 2020/21 и 2021/2022 година во училиштето се изучуваа следните изборни предмети: истражување на родниот крај, нашата татковина, вештини за живеење, проекти од ликовна уметност, запознавање со религии, класични култури на европските цивилизации и етика на религии. Според новата Концепција за основно образование, во учебната 2021/2022 година во IV одделение учениците имаат изборни предмети кои се изучуваат во едно полугодие. Во текот на првото полугодие тоа се предметите справување со природни катастрофи, фудбал и математичко-логичко размислување, а во текот на второто полугодие тоа се предметите игри за разрешување конфликти, одбојка и оригами.<br>- Како дел од Годишната програма на училиштето е и Проширената програма, која се изработува на почетокот на учебната година од страна на директорот во соработка со стручната служба и наставниот кадар на училиштето. Таа опфаќа: продолжен престој (целодневна настава) за учениците од I-IV одд во централното училиште како и |

| | | |
|---|---|---|
| | | продолжен престој на учениците од I-V одд. во подрачното училиште; исто така вклучува и организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот на наставниот процес и по неговото завршување, како во одделенска така и во предметна настава, прифаќање на учениците во слободните ученички активности и организирање на настава во природа. Грижата за учениците се спроведува меѓу другото и со организирање и постоење на редовни секојдневни дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на наставата и по нејзиното завршување во рамките на училиштето и училишниот двор. |
| | **1.2**<br>Квалитетот на наставните планови и програми | - Имајќи предвид дека изработката на наставниот план и програмите се пред сè во рацете на МОН и БРО, повеќе од јасно е дека наставниците немаат директно влијание врз нивниот квалитет. Но, кога истите се ставени на јавна расправа, односно разгледување и коментирање од страна на јавноста (наставниот кадар, вклучително и родителите), тогаш може да напоменеме дека наставниците и родителите имаат можност да го искажат своето мислење, став, критика, и свои предлози и сугестии за предложените наставни планови и програми. Сепак, во која мера БРО и МОН ги прифаќаат и уважуваат понудените ставови, тоа не можеме со сигурност да го коментираме. Од друга страна, наставниот кадар има голема можност да влијае врз начинот на реализација на истите, а тоа го прави преку нивно прилагодување на карактеристиките на локалната средина, преку планирање и интегрирање на општите и меѓупредметните образовни цели, преку иницирање проектни активности и слично. Родителите исто така имаат можности да влијаат врз начинот и квалитетот на реализација на наставните програми преку нивно делегатско учество во Советот на родители и во УО, на заедничките родителски средби и на отворените родителски средби со наставниците на кои имаат можности да даваат свои идеи, предлози и сугестии, како и преку нивна вклученост во организирање и реализирање на разни хепенинзи и сл. Според анкетниот прашалник со родителите на прашањето дали училиштето ги зема предвид идеите и сугестиите на родителите, 41% одговорија со ДА а 46% одговорија со ДЕЛУМНО. Во прилог на ова може да се додаде и задоволството на родителите од одржувањето на родителските средби (91%).<br>-Наставните програми, како и учебните помагала со својата мултикултурна сензитивност на изработеност, во голема мера го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло, опфаќајќи тематика како што се развивање лидерски вештини, соработка, начини на учење и разрешување на конфликти. Според податоците од анкетните листови 88% од наставниците внесуваат елементи на мултикултурна сензитивност и елементи за различноста при реализација на содржините за време на часовите. |
| -Годишна програма на ОУ | **1.3**<br>Воннаставни | -Воннаставните активности, исто така претставуваат дел од планирањата на наставниците и придонесуваат за развивање на способностите и афинитетите на учениците, кои пак придонесуваат за развој на нивната личност. Во нашето училиште |

| | | |
|---|---|---|
| -Годишен извештај на ОУ<br>-Наставни планирања на наставниците<br>-Програми за дополнителна, додатна настава и други вонннаставни активности (секции, екскурзии, приредби)<br>-Распоред на часови за дополнителна и додатна настава<br>-Извештаи од наставниците за реализирање на дополнителна и додатна настава<br>-Одделенски дневници<br>-План за проектни активности<br>-Дипломи од натпревари, пофалници, признанија, благодарници (кај психолог)<br>-Интервју со стручна служба | активности | истите се предвидуваат и одржуваат во согласност со надареноста, способноста, потребите и желбите на учениците и се подеднакво достапни за сите ученици без разлика на полот. Според горенаведеното, во нашето училиште функционираат следниве вонннаставни активности: Секции , интерни проектни активности, односно еднократни работилници, Проекти, Учество на конкурси и натпревари, Ученичко организирање и акции. Во рамките на нивните планирања се предвидува и реализира учество на многубројни натпревари и голем број манифестации, како од спортски така и од друг карактер, како на пример литературни и ликовни конкурси, натпревари на хорот и оркестарот, натпревари за прва помош и ППЗ, квиз натпревари, одбележување на значајни датуми и празници. Исто така, нашите ученици соработуваат со надворешни институции и организации заради реализација на заеднички проекти, на пример соработка со Факултетот за физичка култура и ФФМ преку учество во разни проекти, потоа онлајн предавање на тема „Трговија со луѓе“ за учениците од осмо одделение реализирано во соработка со Црвен крст на општина Кисела Вода при што се организирани и повеќе хуманитарни акции (собирање парични средства за помош на болни лица, собирање храна и облека), потоа учество во проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди“ во соработка со Здружението на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ“ поддржан од БРО и МОН, потоа проектот „Наставници за едукација, демократија и човекови права“ во соработка со LEAD (Лидери за едукација, активизам и развој) одобрен од БРО и МОН во кој наши ученици од IX одделение учествуваа во изработка на промотивното видео на проектот, како и зедничкиот проект со ООУ „Рајко Жинзифов“ „Прославување на Божиќ“ (Celebration de Noel) во соработка и финансиска поддршка од Францускиот Институт Скопје. Во Годишните извештаи за работата на училиштето се гледа обемот и разновидноста на планираните и реализираните вонннаставни активности.<br>-Во нашето училиште се нудат можности сите ученици да учествуваат во вонннаставните активности. Според анкетата со учениците 57% се изјасниле дека активно учествуваат во вонннаставните активности и секции, а 32% тоа го прават понекогаш. Секое учество на нашите ученици на погоре споменатите вонннаставни активности претставува успех на нашиот наставен кадар и допринесува за афирмација на училиштето во пошироката средина и во јавните медиуми, а учениците се мотивираат бидејќи имаат можност да се претстават и како единка и да го претставуваат училиштето, да го развиваат и негуваат другарството и остваруваат контакти со други училишта како од општината така и пошироко. |
| -Наставни планови и програми одобрени од МОН<br>-Годишни, тематски и | **1.4**<br>Планирања на наставниците | -Секој наставник подготвува планирања на наставата во форма на: годишно, тематско-процесно и дневно планирање на наставата, сценарио за час, планирања на дополнителна настава, планирање на додатна настава, план за работа со надарени/талентирани ученици, годишно планирање и на други вонннаставни активности, потоа планирање на примена на ИКТ, МИО елементи и еко стандарди во наставата, |

| | | |
|---|---|---|
| дневни планирања<br>-Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците<br>-Инструмент (протокол) за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на наставен час, водењето и текот на часот, менаџирање на паралелката, оценувањето на напредокот на учениците<br>-Записници од состаноци на стручни активи,<br>-Разговор со наставници,<br>-Интервју со стручна служба,<br>-Анкети со наставници<br>-Полугодишен извештај на ОУ | | годишно планирање на содржините за часот на одделенската заедница, годишно планирање за соработка со родителите, планирање на следењето на напредокот и оценувањето на учениците.<br>Наставниците во нашето училиште го планираат процесот на подучување на начин на кој сите ученици може да учат. Во прилог на ова ќе надополниме дека во нашето училиште учат и ученици со посебни образовни потреби, а наставниот кадар кој работи со овие ученици соодветно изработува ИОП, кој е во согласност со програмите одобрени од МОН, но и во согласност со посебните образовни потреби на овие ученици. Во ИОП се дефинираат целите и очекуваните исходи за постигнувањата на учениците со ПОП, како и посебните критериуми за оценување и следење на нивниот напредок. Исто така, во нашето училиште функционираат и УИТ (Училишен инклузивен тим) и ИТУ (Инклузивен тим за ученик), чии членови и обврски на членовите се предвидени со Законот за основно образование.<br>Сите овие видови планирања наставникот ги прави во согласност со наставните програми одобрени од МОН и во согласност со мисијата и работата на нашето училиште, притоа применувајќи го своето искуство како наставник но и интегрирајќи ги новините кои ги носи современиот наставен процес.<br>- Во нашето училиште постои отворена соработка и размена на искуства и информации, и истата се реализира на релација наставник-наставник, наставник-наставник-приправник, наставник-стручни соработници, наставник-образовен асистент, стручен актив-стручен актив, особено при изработката на планирањето. Соработката се состои во организирање средби за размена на искуство, забелешки и идеи во однос на формата и начинот на реализација на наставата, во однос на дефинирање на целите и исходите, како и инструментите за следење на напредокот на учениците, и тоа не само на почетокот на учебната година, туку во текот на целата учебна година, што е особено важно за што поуспешно интегрирање на меѓупредметните цели во образовниот процес. Размената на искуство се прави и на тој начин што наставниците имаат можност да присуствуваат на отворени и иновативни часови, како и преку посебно тесна соработка меѓу наставникот-ментор со наставникот-приправник.<br><br>-За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, која се реализира со поддршка на директорот и стручната служба на училиштето. Врз основа на креирани протоколи, психологот, педагогот, специјалниот едукатор и рехабилитатор и директорот реализираат увид во индивидуалните планирања (годишни, тематско-процесни и дневни) на наставникот, според кои вршат вреднување на квалитетот на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на самиот час, како и оценувањето на напредокот на учениците за што наставниците по извршените увиди добиваат повратна информација со насоки за подобрување. Она што е од поголема важност е дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, било преку индивидуални средби со стручната служба и меѓу наставниците, било преку организирани интерни обуки и дисеминации, или пак како размена на искуства на средбите од стручните активи. |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Годишни, тематски и дневни планирања<br>-Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците;<br>-Анкети со ученици;<br>-Анкети со наставници;<br>-Увид на час; | **1.5**<br>Наставен процес | **-** Една од посебните заложби и карактеристики на наставниот кадар на нашето училиште е квалитетно организирање и спроведување на наставниот процес. Разновидноста во примената на соодветни наставни методи и форми на работа, од кои најзастапени се: интерактивната настава и работа во групи, индивидуална форма на работа, самостојно учење, како и учење преку проект, примена на ИКТ и Power Point презентации, фронтален и интегриран пристап. Според направените интервјуа со наставниците добивме согледувања дека се користат разновидни форми, методи и техники на поучување, во зависност од возраста на учениците како и од наставната единица. За квалитетот на наставниот процес, може да ги споменеме резултатите од анкетното прашање со учениците „Во која мера предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни?“, 76% од учениците одговориле во ГОЛЕМА МЕРА, 22% одговориле со ПОНЕКОГАШ, а 2% со ВООПШТО НЕ СЕ ЈАСНИ. Од друга страна пак, и покрај ваквиот висок процент на задоволство кај учениците од квалитетот на реализација на подучувањето, според анкетата наставниците на прашањето „Дали имате доволно нагледни средства за квалитетна реализација на наставните програми?“ 23% одговориле со ДА, а 77% со НЕ. Исто така на анкетното прашање со родителите „Дали сметате дека наставниот процес е прилагоден за сите деца без оглед на нивната различност“ 63% одговориле со ДА, 26% одговориле со ДЕЛУМНО, а само 11% со НЕ, што е показател дека родителите се задоволни од квалитетот на реализацијата на наставниот материјал во поглед на постоењето на различности меѓу учениците.<br>- Наставниот процес во текот на овој двегодишен период од самоевалуација би го поделиле на два дела: учебната 2020-2021 и учебната 2021-2022. Во учебната 2020-2021, поради пандемијата со вирусот Ковид-19, наставата целосно и сеопфатно се реализираше на платформата Teams, креирана и поддржана од МОН. Во текот на учебната 2021-2022 во голем дел наставата се одвива со физичко присуство во согласност со Протоколите за спроведување на настава во основните училишта наложени од МОН. Исто така, учениците кои имаат одредени хронични заболувања, како и учениците кои одат во изолација имаат можност непречено да ги следат часовите онлајн преку платформата Teams, за што училиштето обезбеди статичен компјутер или лаптоп за секоја училница.<br>Со цел поттикнување поголема ангажираност на учениците во наставниот процес од една страна и постигнување на повисоки образовни резултати од друга страна, наставниот кадар во нашето училиште им овозможува на нашите ученици да вршат поврзување на изученото, на тој начин што имаат интегриран пристап кон наставата реализирајќи и одржувајќи интегрирани часови односно интегрирана настава. Ова е |

| | | |
|---|---|---|
| | | особено изразено на часовите од I и IV одделение кои работат во согласност со новата Концепција за основно образование. |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>- Годишни, тематски и дневни планирања<br>-Интерна процедура за следење на планирањата на наставниците;<br>-Анкети со ученици;<br>-Анкети со наставници; | **1.6**<br>Искуства на учениците | - Сите ученици без разлика на социјалното потекло, етничката припадност или нивниот пол, континуирано се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење и настава. Учениците се поттикнуваат самостојно да размислуваат и да учествуваат во натпревари, конкурси, разни јавни манифестации, посети на установи и гостувања во медиуми, како и истите се охрабруваат да преземат лична одговорност.Своите искуства во однос на процесот на учење, своите согледувања, предлози и идеи, учениците имаат можности заеднички да ги дискутираат и вреднуваат преку работата на Училишниот парламент.<br>- Многубројните изложени продукти од секојдневните наставни и вонннаставни активности се доказ за позитивната атмосфера во училиштето, било да е тоа интерно, во катчињата на секое одделение или екстерно на ниво на училиште, на училишните паноа и катчиња од разни области (литература, уметност, наука и друго). Изложените трудови се на ученици од обата пола, со различни способности за учење и од сите етнички групи. Во прилог на ова ќе ги додадеме и резултатите од анкетното прашање за учениците “Дали успеваш да ги завршиш сите училишни обврски?”, 79% од учениците одговориле “ДА”, а 21% од учениците одговориле “ПОНЕКОГАШ”. Како причини зошто не секогаш успеваат да ги завршат училишните обврски, учениците ги навеле следниве: „...бидејќи одам само втора смена, одам на дополнителни активности (тренинг, курс), поминувам многу време на социјалните мрежи.“<br>-Што се однесува до искуството на учениците со онлајн наставата, во учебната 2020-2021 според резултатите од анкетното прашање за учениците “Напиши како онлајн наставата влијаеше врз твоето учење?” 53% од учениците одговориле “дека премногу време поминувале пред компјутер”, а дополнителни 32% од учениците одговориле “дека имале послаба концентрација, и дека им е полесно да учат со физичко присуство”, додека 10% одговориле дека „брзо се адаптирале и дека нема многу разлика“. Сепак, земајќи предвид дека онлајн наставата беше единственото решение поради пандемијата, сметаме дека по ова прашање треба да се направи подлабоко истражување и анализа. |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Записници од одделенски совети;<br>- Годишни, тематски и дневни планирања;<br>-Програма за работа на | **1.7**<br>Задоволување на потребите на учениците | - Учениците од нашето училиште добиваат сестрана поддршка за да ги задоволат различните образовни потреби преку обезбедување простор, нагледни средства и примена на соодветни наставни методи и техники. Наставниците реализираат дополнителна и додатна настава според динамиката на усвоеност на наставниот материјал од страна на учениците. Исто така учениците во соработка со наставниците и со родителите преку анкетни листови прават избор на изборните наставни предмети.<br>- Во периодот за упис на учениците во прво одделение, преку лекарски потврди и контакти со првачињата кои ги врши Комисија за запишување на учениците во прво одделение (чиј член е и педагогот во училиштето), се откриваат можните здравствени |

| | | |
|---|---|---|
| стручна служба;<br>-Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>-Анкети со родители | | проблеми и потешкотии на учениците. Оваа учебна година беше формирана и Комисија за упис на ученици со надмината возраст. Доколку е потребно во зависност од видот на потешкотијата во проценката на првачињата се вклучуваат психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор и доколку проценат дека има потреба, ги упатуваат родителите на учениците во институциите каде можат да добијат помош или подетална проценка (здравствени установи, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Комисија за проценка на функционалности според МКФ). Идентификацијата може да се изврши и потврди и во текот на работата на наставниците со учениците, но и на состаноците на Одделенските совети се разменуваат информации и се вршат консултации во врска со поддршката која треба да се даде.<br>За учениците со посебни образовни потреби наставниците изработуваат ИОП и добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор, од стручната служба како и од соодветниот образовен асистент кој работи непосредно со ученикот со ПОП. Според резултатите од анкетното прашање за наставниците „Дали образовните асистенти помагаат при учењето и учеството на сите ученици?“ само 5% од анкетираните кои имаат образовни асистенти во паралелките во кои предаваат одговориле со НЕ.<br>- Образовните потреби на талентираните ученици се реализираат преку часови креирани за талентирани/надарени ученици, додатна настава, учество во слободни ученички активности, работа на проектни активности, ангажирање во вонаставни активности и натпревари.<br>-За учениците кои наидуваат на потешкотии со учењето обезбедена е поддршка од страна на стручната служба во училиштето преку работа со нив на подигнување на мотивацијата за учење, јакнење на самодовербата, упатување на начините на ефективно учење и јакнење на нивните функционалности. Наставниците поддршката ја даваат преку вклучување на учениците во дополнителна настава и индивидуална работа со нив. |
| -Ученичко портфолио<br>-Критериуми и стандарди за оценување<br>-Педагошка евиденција и документација<br>-Стандарди за оценување<br>-Електронски дневник<br>-Инструменти за формативно оценување<br>-Инструменти за | **1.8** Оценувањето како дел од наставата | - При оценувањето на учениците во нашето училиште се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето. Во училиштето постои Програма за следење на постигањата и оценувањето на учениците, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето, постапки за оценување на учениците, акционен план, Етички кодекс за оценување, критериуми за оценување по предмети и Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците.<br>- Оценувањето на учениците наставниците го користат за да ја оценат и својата работа во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци за работа. Резултатите од оценувањето на учениците влијаат на понатамошното планирање и реализирање на наставата на дневно, периодично и годишно ниво, изнаоѓање нови форми и методи за работа, како и соодветно планирање и реализирање на дополнителната и додатната настава. Според резултатите од анкетното прашање за |

| | | |
|---|---|---|
| сумативно оценување<br>-Анкета со наставници и ученици | | учениците „Колку често наставниците го проверуваат твоето знаење?“ со ЧЕСТО одговориле 82%, со ПОНЕКОГАШ 16% и со РЕТКО само 2% од анкетираните ученици.<br>- Во процесот на оценување наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за оценување, ги вклучуват во оценувањето, а оцената ја соопштуваат на транспарентен начин. Искуството на учениците во врска со оценувањето е позитивно. За ова јасно сведочат и податоците добиени од анкетите меѓу учениците, кадешто на прашањето “Дали сметаш дека наставниците правилно ве оценуваат?” само 3% од анкетираните ученици одговориле со НЕ.<br>-Напредокот на учениците во учењето наставниците го следат преку формативното и сумативното оценување и притоа користат различни форми и методи: оценување на изведбени активности, проектни активности, усна и писмена повратна информација за постигнатото, самооценување, тематски тестови, контролни задачи, писмени вежби, писмени работи и сл. При оценувањето и вреднувањето на учениците со ПОП, наставниците ги применуваат целите и критериумите предвидени во ИОП-от за соодветниот ученик. Во контекст на ова е и анкетното прашање за наставниците „Дали ИОП-от што го изработувате за учениците со ПОП ви помага подобро и полесно да го следите и оцените напредокот на ученикот?“ само 5% одговориле со НЕ, останатите со ДА (51%) и ПОНЕКОГАШ (44%).<br>- Во четврто, петто и шесто одделение учениците се оценуваат комбинирано (описно и бројчано). Постигањата на учениците можат да се видат и од ученичките портфолија. За напредокот и постигнувањето на учениците родителите на секое тримесечје и полугодие добиваат евидентни листови за постигнатите резултати. |
| -Годишна програма за работа на училиштето<br>-Програма за работа на директор, стручна служба<br>-Годишен извештај за работа на училиштето<br>-Ученички досиеја кај психологот<br>-Тестови за упис во 1-во одделение<br>-Записници од Одделенски совети<br>-Записници од Наставнички совети<br>-Документи за | **1.9**<br>Севкупна грижа за учениците | - Безбедноста на учениците е од големо значење, училиштето води грижа и спроведува активности за превентивна заштита при физички повреди. Ако ученик се пожали и/или се забележи некаква физичка повреда, реагираат вработените во училиштето (наставник, директор, стручни соработници), се известуваат родителите, а на учениците им се пружа прва помош за што наставниот кадар е стручно оспособен од страна на организацијата на Црвен крст на град Скопје, користејќи ги кутиите за прва помош кои се изложени во наставничките канцеларии. Според резултатите од анкетното прашање за наставниците „Наведете како ги спроведувате постапките што постојат во училиштето за заштита на здравјето и безбедноста на учениците?“ 95% од нив одговорија дека постојано се во комуникација со учениците применувајќи правила и процедури за заштита на здравјето и безбедноста на учениците.Во училиштето постои и се постапува според Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешкотии.<br>- Наставниот кадар и стручната служба во училиштето спроведуваат активности за превенција од насилство меѓу учениците, за што во училиштето постои Политика против насилство, Постапка за безбедност и превенција од насилство помеѓу учениците и |

| | | |
|---|---|---|
| сервисирање на противпожарни апарати и за набавка на потsребни материјали за заштита и безбедност<br>-Програма за ненасилно разрешување на конфликти<br>-Постапка во случај на земјотрес и пожар<br>-Анкетни листови<br>-Податоци за организирана исхрана на учениците | | Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство. Ако ученик се пожали или забележи какво било малтретирање, реагираат вработените во училиштето, се известуваат родителите, а со учениците се работи индивидуално или групно, а кога има специфична ситуација училиштето ги советува родителите и остварува контакт со други надлежни институции (Центар за социјални грижи, МВР, здравствени установи и сл). Во училиштето со учениците се спроведуваат превентивни програми во рамките на кои се работилниците за препознавање на насилство и реагирање во случаи на насилство, работилниците во рамките на Програмата за ненасилно разрешување на конфликти, како и активности за подигнување на свеста за ненасилна комуникација и однесување. Работилници за препознавање на насилство и постапување на училиштето во случаи на насилство се реализирани и за наставниот кадар.<br>Наставниот кадар и стручната служба активно работат на развивање на компетенциите за демократска кутура и дигитално граѓанство на учениците, особено како учениците да препознаат и да реагираат на говор на омраза, насилство на интернет (cuber bullying) или пак повреда на некои од детските права. Дел од ваквото дејствување се прави на редовните часови, дел на одделенскиот час или пак на дополнитено организирани работилници, на кои се реализираат сценарија со цел развивање на вештини за аналитичко и критичко размислување, емпатија, вештини за соработка, како и развивање на позитивни ставови за почитување на правата на децата. Резултатите од ваквите активности не се мерливи преку некоја единица мерка, но се видливи преку грижата што нашите ученици меѓусебно ја покажуваат, особено спрема децата со посебни образовни потреби, како и менторскиот однос кој го воспоставуваат и реализираат спрема другарчињата кои имаат потешкотии во учењето и потреба од дополнителна помош при учењето.<br>-Во контекс на севкупната грижа за учениците, во училиштето постојат програми, процедури и постапки со кои се запознаени учениците, наставниците и родителите и тоа: Превентивна програма за заштита од болести на зависност; Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби; Програма за работа со ученици со емоционални потешкотии (ранливи групи ученици); Програма за работа со талентирани и надарени ученици; Постапка за безбедност и превенција од насилство; Постапка за идентификување на ученици со посебни потреби и начин на работа со нив; Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди; Постапка за идентификување на ученици со потешкотии и начин на работа со нив; Постапка во случај на повреда на устата и забите; Постапка за идентификување на талентирани ученици и начин на работа со нив, Постапка за безбедност и превенција од насилство помеѓу учениците и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство. За сите програми постојат акциони планови, а поголемиот дел од нив вклучуваат работилници со учениците, како и индивидуална работа и поддршка се со цел учениците добро да ги развијат своите вештини за снаоѓање во различни животни |

| | | |
|---|---|---|
| | | ситуации.<br>- Во училиштето постои План за евакуација и спасување, а вработените во училиштето се обучени за однесување во случај на пожар или друга елементарна непогода. Исто така и учениците се запознаени со мерките за постапување во случај на пожар или земјотрес и истите се истакнати во училниците. Во училиштето нема помошни скали за во случај на пожар и нема противпожарни аларми, но се поставени панични светла и план за движење при евакуација. За безбедноста во училиштето за време на настава, се организираат дежурства од наставниците и учениците. Дезинфекција на просториите се врши неколку пати во текот на денот, средства за дезинфекција се поставени и по ходниците и во секоја училница, а дезинсекција и дератизација се вршат еднаш годишно.<br>-Хемиските препарати во кабинетот по хемија се сместени во засебна просторија. При изведување на експерименти учениците немаат заштитна опрема, но наставникот редовно дава упатства и насоки како да се постапува при експерименти и истите секогаш ги контролира.<br>-Во нашето училиште се организираат разни хуманитарни акции за основните потреби на социјално загрозените семејства, или пак за помош за болно дете преку Подмладокот на Црвениот крст на училиштето или иницијативи на ученичките заедници со нивните одделенски раководители и помагаше во обезбедување на првична помош, било во форма на материјална помош или донирање прехранбени продукти, облека, покуќнина.<br>- Редовно се спроведува Превентивна програма за заштита и едукација на учениците за штетното дејство и последиците од употребата на цигари, алкохол и дрога, која се остварува во текот на целата учебна година. Едукација се врши од страна на психологот при реализирање на презентации и работилници со учениците за последиците од пушење, алкохол и дрога, од страна на одделенскиот раководител на одделенските часови кога се реализираат теми од области: Животни вештини, од страна на предметниот наставник по биологија за време на редовните часови, како и преку делење на брошури и друг вид едукативен материјал не само на учениците, туку и на родителите со цел давање поддршка за едукација на родителите на ова подрачје.<br>- Учениците во продолжен престој добиваат топол оброк. Училиштето има кујна која се издава, чиј сопственик работи според законските прописи за обезбедување квалитет на храната и кујната соработуваат со родителите и заеднички го составуваат менито на исхрана на учениците.<br>-Вработените во училиштето излегуваат во пресрет на учениците кои се со попречености во развојот (доколку има такви), и секогаш сме подготвени во консултации со родителите да постапиме во согласност со видот на проблемот со цел обезбедување што е можно поефикасна едукативна поддршка, како и физички и просторни предуслови за работа.<br>-Стручната служба е секогаш отворена за соработка со учениците и родителите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Учениците редовно се информирани за помошта што можат да ја добијат од службата. Стручната служба, кога е потребно, посебно ги известува родителите усно со повик по телефон или по писмен пат, и работи со нив и со оние ученици на кои им е потребна посебна помош.<br>-За учениците со емоционални проблеми, како и за други ранливи групи ученици, постои посебна програма според која психологот на училиштето преку разни форми и техники и низ индивидуална работа со учениците, помага за надминување на специфични состојби предизвикани од самата средина. Во работата со учениците кај кои се идентификувани емоционални проблеми се вклучени сите: психологот кој работи на емоционалната состојба на учениците и на развивањето на социјални вештини, педагогот кој предлага можни пристапи во наставата со овие ученици и наставниците кои применуваат и овозможуваат вакви пристапи. Во периодот на пандемија и настава од далечина, психологот на училиштето спроведе серија на работилници од далечина со учениците со теми кои придонесуваат за заштита на менталното здравје на учениците, а стручната служба беше постојано достапна за учениците, наставниците и родителите како нивна поддршка во услови на кризни ситуации. |
| -Годишна програма за работа на училиштето<br>-Полугодишен извештај за работата на училиштето<br>-Куќен ред<br>-Евиденција и известување на училиштето за ученици со здравствени, физички и социјални проблеми | **1.10 Здравје** | -Големо внимание во училиштето се посветува на хигиената, севкупната грижа за здравјето, заштитата од болести на сите ученици, без притоа да се прави разлика во поглед на полот, националноста и посебните образовни потреби. Се следи психичкиот и физичкиот развој на сите ученици, се евидентираат промените и доколку има потреба се реагира од страна на стручните соработници и наставниците, при што редовно се консултираат и се вклучуваат и родителите за да се обезбеди максимална пооддршка на учениците. За хигиената во училиштето се грижат вработените хигиеничарки, кои секојдневно ги чистат (метат и бришат) училниците, тоалетите и ходниците во училиштето. Училниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат повеќе пати во текот на денот. Секојдневно се водат записници за контрола на хигиената на тоалетите, што е важен предуслов за создавање здрава средина за учениците. На учениците им се напоменува да ја одржуваат личната хигиена и правилно да ги користат тоалетите. Исто така и самите наставници на своите часови разговараат со учениците за одржување на личната хигиена и на хигиената во училиштето како предуслов за заштита од многу болести. Во таа насока, училиштето соработува со поликлиниката „Јане Сандански“ каде што се вршат систематски прегледи и вакцинации, за што постојат записници за утврдената здравствена состојба кај децата. Училишниот двор редовно се чисти од секаков вид отпадоци, а дел од земјените површини се позеленети и се одржуваат. Според резултатите од анкетното прашање за родителите „Дали сметате дека училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на вашето дете?“ ниту еден родител не одговорил со НЕ.<br>-На здравјето на учениците се посветува големо внимание во училиштето. Со учениците за кои имаме сознанија дека имаат здравствени проблеми, постапуваме во согласност |

| | | |
|---|---|---|
| | | со видот на проблемот, во консултации со родителите. За таа цел во училиштето постојат превентивни програми, процедури и постапки со кои се запознаени наставниците, учениците и родителите, меѓу кои се и Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди и Постапка во случај на повреда на устата и забите. Стручните соработници, водат посебна евиденција за учениците со здравствени проблеми и со податоците и информациите се постапува доверливо. Стручните соработници, секој од свој аспект дава придонес во работата со оваа група ученици. Исто така и одделенските раководители редовно соработуваат со родителите на учениците, разменуваат информации околу нивниот напредок, како и даваат насоки како да му помогнат на детето за учење и развој во домашни услови. Во прилог на ова оди и резултатот од анкетното прашање за учениците „Напиши како училиштето се грижи за твоето здравје и безбедност додека си на училиште?“ само 5% од учениците одговорија дека „училиштето не се грижи доволно добро за моето здравје и безбедност“, останатите 95% од одговорите се од типот: нè потсетуваат за почитување covid мерки, за редовно миење раце, дезинфекција, има дежурен наставник кој нè чува, училницата ни е чиста, кујната е чиста и сл.<br>-Училишниот психолог редовно ги следи и работи со учениците со емоционални проблеми, за што се води уредна документација. |
| -Годишен извештај за работата на училиштето<br>-Програма за професионална ориентација<br>-Извештај за спроведување активности за професионална ориентација<br>-Документација за професионална ориентација кај психологот<br>-Анкети со ученици, родители, наставници<br>-Интервју со психолог и документација | **1.11**<br>Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | За насочување на учениците при изборот на занимање и понатамошно образование, во училиштето постои и се реализира Програма за професионална ориентација. Оваа програма вклучува сегменти од професионално информирање, советување и ориентирање. Во рамките на таа програма се одвиваат следните активности: информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат и условите за запишување во средно училиште; анкетирање на учениците за нивната информираност за избор на идното занимање; тестирање на учениците со тестови за способности и тестови за интереси; индивидуални средби и косултации со учениците и нивните родители; организирање на презентации или посети на средни училишта; презентирање на пропаганден материјал од средните училишта; водење на листи со податоци за секој ученик, а со учениците од осмо одделение се реализираат работилници со кои се воведуваат во идните занимања, а во кои се вклучени и родители кои пренесуваат свои искуства и информации.<br>По запишувањето на учениците во средно училиште се води евиденција во однос на тоа колкав е опфатот на ученици и кои ученици во кое средно училиште се запишале.<br>- Во текот на целата учебна година во училиштето, од страна на психологот, се спороведува Програмата за професионална ориентација и советување на учениците. Активностите вклучуваат работа со ученици, родители, наставници и соработка со локалната заедница, а во услови на вонредната ситуација поради пандемијата со корона вирусот дел од активностите во рамките на оваа програма беа спроведувани онлајн. |

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје, 2020-2022

## Подрачје 1: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество - вклучени во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетен лист за наставници | -Тимот од I подрачје<br>-Наставен кадар од централното и подрачното училиште | Со цел да добие непосреден одговор тимот од првото подрачје ги анкетираше наставниците. Анкетата се спроведе електронски, содржи 11 прашања, од кои 3 се од отворен тип. Анкетирани се вкупно 35 наставници, од кои машки 7, женски 28 и сите се изјаснија како Македонци. Во однос на работен стаж во образование (години): двајца наставници имаат стаж повеќе од 30 години, 6 наставници меѓу 26 и 30 години, 6 наставници меѓу 21 и 25 години, нема наставници со стаж меѓу 16 и 20 години, 6 наставници меѓу 11 и 15 години, 7 наставници меѓу 6 и 10 години и 8 наставници со 5 и помалку години работен стаж.<br>• На прашањето „Дали имате доволно нагледни средства за квалитетна реализација на наставните програми?“: со ДА одговорија 8, со НЕ 27 наставници.<br>• На прашањето „Дали ИОП-от што го изработувате за учениците со ПОП ви помага подобро и полесно да го следите и оцените напредокот на ученикот?“ со ДА одговорија 18, со ПОНЕКОГАШ 15, со НЕ 2 наставници.<br>• На прашањето „Дали наставата ја планирате на начин на кој сите ученици можат да учат?“ со ДА одговорија 34, со ПОНЕКОГАШ 1 наставник.<br>• На прашањето „Наведете како го поттикнувате учеството на сите ученици на часот?“ најголем број, 18 наставници одговорија: *Со употреба на различни техники, форми и методи преку кои сите ученици имаат можност да учествуваат во активностите на часот*, 8 наставници одговорија: *Со примена на различни нагледни средства*, 4 наставници: *Со индивидуален пристап* и 4 наставници: *Со збор пофалба на она што умее за да се охрабри да го каже слободно своето мислење*.<br>• На прашањето „Дали образовните асистенти помагаат при учењето и учеството на сите ученици?“ со ДА одговорија 16, со НЕ 2 наставници, со ПОНЕКОГАШ 4 наставници, а 13 наставници НЕМААТ образовни асистенти во паралелките во кои предаваат.<br>• На прашањето „ Дали во вашите планирања за наставата внесувате |

| | | |
|---|---|---|
| | | елементи на мултикултурна сензитивност на содржините како и елементи за различноста?“: со ДА одговорија 31, со НЕ 4 наставници.<br>• На прашањето (поврзано со претходното) „Доколку одговоривте со ДА на претходното прашање, наведете во која мера!“ најголем број, 31 наставник одговориле ДОВОЛНО, 3 наставници одговориле МАЛКУ и само 1 наставник одговорил МНОГУ.<br>• На прашањето „Наведете како ги спроведувате постапките што постојат во училиштето за заштита на здравјето и безбедноста на учениците?“ најголем број наставници, 25 одговориле со: *Разговараме за почитување на мерките за covid, се придржуваме и ги применуваме протоколите за работа донесени од владата , повремено ги повторуваме правилата кои се наменети за заштита на здравјето и безебедноста на учениците за време на престојот во училиште како и доаѓањето и заминувањето од училиште*, 8 наставници одговориле со: *Преку разговор со учениците како и спроведување различни работилници со цел стекнување на доволно информации за заштита на нивното здравје и безбедност*, а 4 наставници одговориле: *Редовна информираност од родителите за здравствената состојба на отсутен ученик, надгледување на учениците во текот на одморите, мерење температура и дезинфеција, редовно проветрување на училницата*.<br>• На прашањето „Дали сметате дека добивате соодветна поддршка при изработка на наставните планирања?“ со ДА одговорија 22, со НЕ 3 наставници, со ПОНЕКОГАШ 10 наставници.<br>• На прашањето „Ве молам објаснете каков вид поддршка добивате, од кого (на пр. БРО, Советник, Стручна служба, Стручен Актив, ментор, колеги и сл.) и со каков квалитет!“ најголем број, 26 наставника напишаа: *Стручна служба - совети за подобрување на наставата при посета на час (одличен квалитет), Стручен Актив - споделување информации и размена на идеи околу примена на методи и техники при изведување на наставата (одличен квалитет)*, 4 наставника напишаа: *Од стручната служба посебно би го издвоила психологот бидејќи секогаш е спремна за соработка*, 3 наставника напишаа: *Од БРО добивме едуино видео лекции, советник- никаква, стручна служба со совети, стручен актив со коментари, презентирање на часови, колеги со совети*, а само 2 наставника напишаа: *Не добивам апсолутно никаква подршка и по 24 години искуство немам потреба од истата*.<br>• На прашањето „Нумерирајте ги според степен на применливост |

| | | |
|---|---|---|
| | | следните видови методи / форми на работа (1-најчесто применлив до 9 - најретко применлив): ИКТ, интерактивна настава, интегриран час, фронтална, индивидуална, работа во групи, самостојно учење, учење преку проект, Power Point презентација" резултатите се според следново рангирање: интерактивна настава, работа во групи, фронтална, ИКТ, индивидуална работа и самостојно учење, учење преку проект, интегриран час, Power Point презентација. |
| Анкетен лист за ученици | **-**Ученици од III-VIII одд. од централното и подрачното училиште | Со цел да добие непосреден одговор, тимот од првото подрачје ги анкетираше и учениците. Анкетата се спроведе електронски, содржи 9 прашања, од кои 3 се од отворен тип. Анкетирани се 68 ученици, од кои машки 34, женски 34 и сите се изјаснија за Македонци.<br>• На прашањето „Колку наставниците те информираат за содржината на наставните програми? (на пр. планирање на тестови, проекти, натпревари и сл.)?" со МНОГУ одговорија 58, со МАЛКУ 8 и со ВООПШТО НЕ само 2 ученика.<br>• На прашањето „Дали успеваш да ги завршиш сите училишни обврски?" најголем број односно 54 ученика одговорија со ДА, а 14 со ПОНЕКОГАШ УСПЕВАМ.<br>• На прашањето „Наведи ги причините поради кои не успеваш да ги завршиш сите училишни обврски?" 54 ученика одговорија: *Ги завршувам учелишните обврски*, 10 ученика одговорија: *Не успевам да ги извршам сите училишни обврски бидејки одам само втора смена а треба да одам и на тренинг и курс*, 3 ученика одговорија: *Побавно читам и пишувам*, а само 1 ученик одговори: *Многу време поминувам на социјални мрежи*.<br>• На прашањето „Колку често наставниците го проверуваат твоето знаење?" со ЧЕСТО одговорија 56 ученика, со ПОНЕКОГАШ 11 и со РЕТКО само 1 ученик.<br>• На прашањето „Во која мера предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни?" најголем број, 52 ученика одговориле ВО ГОЛЕМА МЕРА, 15 одговориле ПОНЕКОГАШ СЕ ЈАСНИ, а само 1 ученик одговорил ВООПШПТО НЕ СЕ ЈАСНИ.<br>• На прашањето „Дали сметаш дека наставниците правилно ве оценуваат?" најголем број 59 ученика одговориле со ДА, 5 со ПОНЕКОГАШ, 2 со НЕ, 1 со САМОСТОЈНО и 1 со РЕЧИСИ НИКОГАШ.<br>• На прашањето „Дали активно учествуваш во воннаставните активности и секции што ги организира училиштето?" со ДА одговориле 39 ученици, со ПОНЕКОГАШ 22, со НЕ 4, а по 1 ученик одговориле со НЕМАМЕ СЕКЦИИ, НЕМАМЕ СЕКЦИИ ПОРАДИ КОВИД и НЕКОЈ ДА НЕКОЈ НЕ. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • На прашањето „Напиши како училиштето се грижи за твоето здравје и безбедност додека си на училиште“ најголем број, 60 ученика одговориле со: *Разговараме за почитување на мерките за covid, Наставниците не потсетуваат за редовно миење на раце и дезинфекција, За безбедноста не ни е дозволено да излегуваме од училишниот двор и постојано има дежурен наставник кој внимава на нас*, 5 ученици одговориле со: *Наставничката внимава на нас, училниата ни е чиста, кујната е чиста, но тоалетите не се секогаш чисти*, а 3 ученика одговориле со: *Училиштето не се грижи доволно добро за моето здравје и безбедност, нема средства за дезинфекција,и нема доволно осветлување во училишниот двор*.<br>• На прашањето „Напиши како онлајн наставата влијаеше врз твоето учење“ повеќе од половината, односно 36 ученици одговорија со: *Онлајн наставата не влијаеше добро врз моето учење, Тимс често не функционираше, имав проблем со интернетот и многу време поминував дома пред компјутер*, 22 ученика одговорија со: *При онлајн настава имав послаба концентрација, полесно учам со настава со физичко присуство*, а само 10 ученици одговорија: *Немаше многу разлика, бргу се адаптирав на онлајн настава*. |
| Анкетен лист за родители | Тимот од I подрачје | Со цел да добие непосреден одговор, тимот од првото подрачје ги анкетираше и родителите. Анкетата се спроведе електронски, содржи 7 прашања, од кои 2 се од отворен тип. Анкетирани се 69 родители, од кои машки 5, женски 64 и сите, освен 1-Влав, се изјаснија за Македонци.<br>1. На прашањето: Дали сте информирани за наставните програми? одговориле со<br>- Да –47 (69,6%)<br>- Делумно – 19 (26,1%)<br>- Не – 3 (4,3 %)<br>2. На прашањето: Дали училиштето ги зема предвид идеите и сугестиите на родителите? одговориле со:<br>- Да – 28 (40,6 %)<br>- Делумно : 32 (44,9 %)<br>- Не – 9 (14,5%)<br>3.На прашањето: Дали сте задоволни од родителските средби и индивидуалната соработка со наставниците? одговориле со:<br>- Да – 63 (91,3%)<br>- Делумно – 21 ( 30,2%)<br>- Не – 4 ( 5,7%)<br>4. На прашањето: Дали сметате дека училиштето се грижи за здравјето и |

| | | |
|---|---|---|
| | | безбедноста на Вашето дете?, одговориле со:<br>- Да – 44 (63,3%)<br>- Делумно – 4 (5,7%)<br>- Не – /<br>5. На прашањето: Дали сметате дека наставниот процес е прилагоден на сите деца без оглед на нивната различност?, одговориле со:<br>- Да – 43 (62,3 %)<br>-Делумно- 18 (26,1 %)<br>- Не- 8 (11,6%)<br>6. На прашањето: Наведете како периодот на пандемијата влијае на учењето на Вашето дете!, одговориле со:<br>- солидно – 6-( 8,6%)<br>- негативно – 28 –(40,3%)<br>- не влајае – 16– (23%)<br>- во ред – 6 - (8,6%)<br>- отежнато – 2-(2,8%)<br>- проблем со маски и прозорци – 5- ( 7,2%)<br>- десоцијализација -2- ( 2,8%)<br>- со физичко присуство се е во ред, а со онлајн негативно – 2-(2,8%)<br>-поголема ангажираност на родителите во воспитно образовниот процес – 2-(2,8%)<br>7. На прашањето: Доколку имате некој друг коментар, забелешка, идеја или предлог во врска со организација и реализација на наставата и учењето во нашето и Ваше училиште, слободно наведете ги во продолжение!, одговориле со:<br>-немам- 26 (37,6%)<br>-промена на смени или само прва или да се ротираат учениците прва- втора смена на две седмици -14 (20,2%)<br>-да се одржува настава во природа, екскурзии, посета на историски места, учество во проекти каде до ираз ќе дојде креативноста на учениците –5 (7,2%)<br>-многу сум задоволна од ангажманот на наставничката -6 (8,6%)<br>-да се ослободат децата од мерките за covid-19 – 3( 4,3%)<br>-со воведување нови реформи, пред сè мора да се исполнат условите за работа во училиштето како и набавка на смарт табли во училиштето- 3 (4,3%)<br>-почести проверки на знаења и повеќе домашни работи- 2 (2,8%)<br>-поголема соработка со директор- 1 (1,4%)<br>-поголема соработка во насока родител-училиште-1-(1,4%)<br>-за наставата немам забелешки, но состојбата на школото е катастрофа. Стари клупи, столчиња на радпаѓање, дворот нечист, БЕЗБЕДНОСТ 0, кал и |

| | | |
|---|---|---|
| | | земја насекаде. Го молиме училиштето со години да реагира и да се постават лежечки полицајци, знаци, ограничување на брзината. По тротоарите на страничните улици наредени коли, нема децата каде да се движат. Едно од најлошите градаки училишта-1(1,4%)<br>-часовите да се одржуваат регуларно без спојување-1(1,4%)<br>-почести домашни работи за учениците за да можеме да бидеме повеќе во тек со нивните часови и да видиме колкав прогрес има кај децата -1(1,4%)<br>-да има некој кој ќе може да ги згрижи децата порано од 07h наутро и повеќе од 15h -1 (1,4%)<br>- ги замолувам наставниците и службата да се поведе повеќе сметка за редовно одржување на часовите по физичко образование. Тоа е потребно за правилен раст и развој на нашите деца. Секако со услови за приспособена гардероба каде учениците ќе ја облекуваат својата опрема. Ви благодарам -1-(1,4%)<br>-да се направи салата- 1(1,4%)<br>-да се овозможи On-line настава кога тоа е потребно (изолација на ученик,наставник) -1 (1,4%) |

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Наставниот кадар изработува соодветни наставни планирања кои се во согласност со целите предвидени од БРО, водејќи притоа сметка за способностите и интересите на учениците;<br>• Примена на интегрирана настава на меѓупредметните цели во образовниот процес;<br>• Во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици.<br>• За учениците со посебни образовни потреби стручната служба реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности, што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење;<br>• Постои отворена соработка и размена на искуства и информации при планирањето на наставниот процес на различно ниво во рамките на училиштето;<br>• Психологот, педагогот и директорот реализираат увид во индивидуалните планирања (годишни, тематско-процесни и дневни), како и специјалниот едукатор и рехабилитатор во ИОП на наставникот, според кои вршат вреднување на квалитетот на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на самиот час, како и оценувањето на напредокот на учениците;<br>• Постои квалитетна соработка меѓу наставниот кадар и родителите која резултира во взаемно респектирање на дадените идеи и мислења;<br>• Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците. Во училиштето постои Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди која е општо прифатена и спроведувана од учениците, наставниците и родителите и е дел од културата на училиштето; Во период на пандемија беа изготвени и се применуваа дополнителни протоколи за заштита на здравјето на учениците;<br>• Во училиштето се организираат и реализираат бројни спортски активности со цел поттикнување на правилен психо-физички развој кај учениците;<br>• Дел од училишната култура е и хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување на хуманитарни акции со цел подигнување на свеста кај учениците за меѓусебна почит и еднаквост, емпатија и ненасилно однесување и разрешување на конфликти;<br>• Училиштето преку стручната служба во соработка со наставниот кадар дава квалитетна поддршка на учениците од ранливите групи;<br>• Во училиштето, од страна на психологот на училиштето се спроведува Програма за професионална ориентација и советување на учениците. Активностите вклучуваат работа со ученици, родители, наставници и соработка со локалната заедница.<br>• Напредокот и постигнувањата на учениците се следат преку формативно и сумативно оценување. Според учениците и родителите оценувањето е транспарентно, континуирано и правично. |
| **Слаби страни**<br>• Недоволно нагледни средства потребни за поуспешно и современо реализирање на наставните програми, особено на програмите според новата Концепција за основно образование. |

**Анализа на резултатите:**

Имајќи предвид дека наставните планови и програми се документи пропишани на национално ниво, односно одобрени од МОН, нашето училиште не само што целосно ги реализира туку тоа го прави квалитетно преку подготовка на соодветни планирања и интерактивна настава. Тие се достапни на наставниците, на учениците и родителите. Наставниот кадар е тој што изнаоѓа начини и прави прилагодување на наставните содржини на карактеристиките на локалната средина. Наставниците изнаоѓаат заедничка поврзаност или заеднички аспекти помеѓу различни предмети и пристапуваат кон интегрирана настава, односно за успешна реализација на наставните содржини наставниците пристапуваат кон интеграција на меѓупредметните цели во образовниот процес (на пр. музичко-македонски ј, ликовно-историја, географија-англиски ј. и сл.). И во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици.

Училиштето нуди повеќе изборни предмети од кои учениците избираат по пат на анкета

Со Проширената програма се планира прифаќање и заштита на учениците пред почетокот на наставниот процес и по неговото завршување, како во одделенска така и во предметна настава и прифаќање на учениците во вонnаставните активности. Грижата за учениците се спроведува меѓу другото и со организирање и постоење на редовни секојдневни дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на наставата и по нејзиното завршување во рамките на училиштето и училишниот двор. Сето ова е поткрепено со план за одржување на истите.

Вонnаставните активности се дел од севкупните активности во нашето училиште и се одржуваат според желбата, афинитетите, надареноста, способноста и потребите на учениците. Истите се подеднакво достапни за сите ученици. Според горенаведеното, во нашето училиште функционираат следниве вонnаставни активности: слободни ученички активности за стекнување на нови знаења по сите предмети од прво до деветто одделение; училишни спортски клубови (фудбал, кошарка, одбојка, ракомет и за учениците од I-V одд. аеробик и корективна гимнастика); слободни активности за општествено-корисна работа, работа на одделенската заедница, како и работата на Училишниот парламент, Детската организација и Подмладокот на Црвен крст при нашето училиште. Во рамките на нивните планови и програми се предвидени и реализирани учество на многубројни натпревари и голем број манифестации, како од спортски така и од друг карактер, како на пр. литературни и ликовни конкурси, натпревари на хорот и оркестарот, натпревари за прва помош и ППЗ, квиз натпревари, одбележување на значајни датуми и празници. Наставниците делуваат инспиративно за вклучување на учениците во предвидените вонnаставни активности. Учениците се мотивирани за изразување на своето знаење преку креативен труд кој притоа се наградува, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко.

За успешно и квалитетно реализирање на наставните програми одобрени од МОН наставниците изработуваат квалитетни планирања. За таа цел, наставниците добиваат несебична и извонредно богата поддршка од страна на стручната служба (психологот, педагогот, специјален едукатор и рехабилитатор) на нашето училиште во текот на целата учебна година. Постои Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, која е дел од Годишната програма на училиштето. Исто така врз основа на креирани протоколи, психологот, педагогот и директорот реализираат увид во индивидуалните планирања (годишни, тематско-процесни и дневни) на наставникот, а специјалниот едукатор и рехабилитатор во ИОП, според кои вршат вреднување на квалитетот на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на самиот час, како и оценувањето на напредокот на учениците. За

направените увиди постојат записници.

Оценувањето и вреднувањето на учениците е важен сегмент во образовниот процес на секој ученик. Во таа насока се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување. Наставниците го користат оценувањето за да го проценат својот труд во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци во сопствената наставна практика. Оцената е транспарентна за ученикот, а следствено наставникот постапува според Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците.

Извршените анализи укажуваат дека училиштето спроведува и планира активности кои им овозможуваат на учениците сестран развој и формирање на навики за културно однесување во средината како и нивно оспособување за снаоѓање во различни животни ситуации. Хигиената во училниците е на потребното ниво, имајќи ја предвид целокупната ситуација со ковид.

Училиштето посебно се препознава по својата Постапка за грижа за здравјето на учениците и обезбедување на поддршка во учењето на учениците кои се соочуваат со здравствени потешкотии. Стручната служба на училиштето редовно ги следи и работи со учениците со емоционални проблеми, спроведува организирана индивидуална поддршка на учениците со посебни образовни потреби, за што се води уредна документација. Организирањето на спортски активности придонесува за здравјето на учениците како за физичкото, така и за емоционалното здравје.

За учениците од IX одделение посебен акцент се става на нивната информираност и насочување при изборот на идното занимање. Во училиштето се реализира Програма за професионална ориентација на учениците, според која преку спроведување на анкети и тестирања учениците добиваат сознанија за своите интереси и способности, за мрежата на средни училишта и занимањата,начинот на запишување во средните училишта, а преку организирани презентации на средни училишта потесно се запознаваат со работните активности за секој вид занимање, сложеноста на работата и работните задачи на одделни занимања, класификација на занимањата според сложеноста на групите и видот на работата. Според Програма за професионална ориентација на учениците се работи и со учениците од осмо одделение во однос на запознавањето со одредени занимања, во што се вклучени и родители кои ги презентираат своите искуства и професии.

**Идни активности:**

- Обезбедување на модерни нагледни средства за осовременување на наставниот процес.

# СЕУ

## Подрачје 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## Подрачје 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2.1 Постигања на учениците**
**2.2 Задржување/осипување на учениците**
**2.3 Повторување на учениците**
**2.4 Следење на напредокот на учениците**

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по оддели** | **Информации кои се собрани** |
| Годишен и полугодишен извештај на ОУ<br>Пофалници и признанија<br>Одделенски дневници<br>Дневник на психолошко-педагошка служба<br>Досиеја<br>Матични книги<br>Записници од Одделенски и Наставнички совет<br>Досие за развој и напредок на учениците со посебни потреби или потешкотии во учењето<br>Освоени дипломи на квизови,натпревари (општински, регионални и републички)<br>Програми од додатна, дополнителна настава и од слободните | **2.1 Постигања на учениците**<br><br>2.1.1.Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди | Во Основното општинско училиште „Круме Кепески“ успехот на учениците континуирано се следи во текот на учебната година преку разновидни форми на проверка со цел да се добие целосна слика за секој ученик.<br><br>Наставниците успехот на учениците го оценуваат преку формативно и сумативно оценување, така што индивидуалната оценка ја формираат и ја поткрепуваат преку разни форми и инструменти за оценување – писмени одговори, усни одговори, писмени вежби, говорни вежби, контролни вежби, тестови, наставни листови, писмени работи, чек листи, листа на проверка, оценување проекти, давање усни и писмени повратни информации и др. Исто така успехот се следи и преку домашно учење за ученици кои поради болест отсуствуваат од наставата.<br>Во време на пандемијата поради корона вирусот и вонредните мерки, наставата се одвиваше преку користење на апликацијата Microsoft teams и онлајн се обработуваа наставните содржини, а зададените домашни работи (проекти, вежби, писмени работи, тестови, наставни ливчиња, есеи) се испраќаа онлајн преку апликацијата, каде што наставниците можеа да го следат во континуитет напредокот на учениците и нивниот успех. Исто така се користеше и Е-училница, односно снимените наставни единици на Едуино. Со олабавување на мерките, учениците се вратија во училишните клупи, наставниците продолжија во континуитет да го следат напредокот на учениците преку физичко присуство. Мал број ученици од дома да следат онлајн настава, но исто така активно се вклучени во образовниот процес, се оценуваат во континуитет формативно и сумативно.<br>Резултатите од постигнувањата на учениците се гледаат и преку нивното учество на регионални, државни и меѓународни натпревари, на кои тие постигнуваат високи резултати.<br>Напредокот на учениците се следи во текот на целата учебна година, со цел да се прилагодува наставата на потребите на учениците, како и да се добие целосна слика за секој ученик, но и со споредување на успехот од една учебна година во друга по предмети.<br><br>За следење на напредокот на учениците, стручната служба редовно врши анализа на успехот, поведението и на редовноста на учениците по класификациони периоди и истата се разгледува на Наставнички совет. Се вршат анализи на успехот за тримесечие, полугодие и крај на учебна година.Одделенските раководители редовно ги известуваат родителите за напредокот и постигањата на учениците преку родителски средби и поделба на евидентни листови за |

<table>
<tr>
<td>ученички активности на наставниците.<br>Досие за учениците со посебни потреби или потешкотии во учењето<br>Постапка за идентификување на ученици со посебни потреби<br><br>Постапка за следење на оценување на постигнатите резултати<br>Акционен план за оценување<br><br>Индивидуални планирања на наставниците<br><br>Евиденција на стручната служба<br><br>Одделенски дневник<br><br>Интервју со психологот на училиштето</td>
<td></td>
<td>
успехот и поведението на учениците. Родителите имаат можност успехот да го следат и преку електронскиот дневник, родителски средби, индивидуални средби, комуникација со одделенските раководители преку вибер, месинџер групи и др.
Задолжително се изработува споредбена анализа за изминатите 3 години. Овие анализи се однесуваат на редовноста, поведението и успехот по наставни предмети и по пол. Од споредбените анализи за изминатите три учебни години можеме да констатираме дека средниот успех на учениците не остапува значајно од една до друга учебна година ,односно се движи од 4,67 до 4,70.
Анализа на успехот и редовноста на учениците во текот на полугодието од 3 последователни учебни години
Среден успех по учебни години – полугодие
<table>
<tr><th colspan="2">2019/2020</th><th colspan="2">2020/2021</th><th colspan="2">2021/2022</th></tr>
<tr><td>Ученици</td><td>Среден успех</td><td>Ученици</td><td>Среден успех</td><td>Ученици</td><td>Среден успех</td></tr>
<tr><td>717</td><td>4,04</td><td>710</td><td>4,04</td><td>711</td><td>4,22</td></tr>
</table>
Во средниот успех не влегува успехот на учениците кои се описно оценети и тоа:
2019/2020 - прво одд. 84, второ одд. 88, трето одд. 66 ученика, четврто одд. 90 ученика, петто одделение 70 ученика и шесто одделение 91 ученик – вкупно 489 ученика.
2020/2021 - прво одд. 91, второ одд. 82, трето одд. 86 ученика, четврто одд. 64 ученика, петто одделение 88 ученика и шесто одделение 70 ученик – вкупно 481 ученик.
2021/2022 - прво одд. 70, второ одд. 91, трето одд. 84 ученика, четврто одд. 84 ученика, петто одделение 74 ученика и шесто одделение 86 ученик – вкупно 489 ученика.
Изостаноци по учебни години – полугодие
<table>
<tr><th rowspan="2">Учебни години</th><th colspan="6">Изостаноци</th></tr>
<tr><th>Оправдани</th><th>Просек</th><th>Неоправдани</th><th>Просек</th><th>Вкупно</th><th>Просек</th></tr>
<tr><td>2019/2020</td><td>7062</td><td>9,8</td><td>64</td><td>0,1</td><td>7126</td><td>9,9</td></tr>
<tr><td>2020/2021</td><td>6122</td><td>8,6</td><td>0</td><td>0</td><td>6122</td><td>8,6</td></tr>
<tr><td>2021/2022</td><td>18075</td><td>25,4</td><td>37</td><td>0,05</td><td>18112</td><td>25,5</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
</table>

**Успех по наставни предмети - полугодие**

**Седмо одделение**

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 3,64 | 4.06 | 4,15 |
| Англиски јазик | 3,49 | 4.40 | 4,27 |
| Француски јазик | 3,06 | 3.88 | 4,15 |
| Ликовно обр. | 5,00 | 5.00 | 5,00 |
| Музичко обр. | 4,93 | 4.98 | 4,99 |
| Математика | 3,39 | 3.88 | 4,10 |
| Биологија | 3,70 | 4.33 | 4,31 |
| Географија | 3,39 | 3.91 | 4,13 |
| Историја | 3,66 | 4.38 | 4,38 |
| Етика | 4,16 | 4.41 | 4,76 |
| Нашата татковина | | 5.00 | 5,00 |
| Вешт. на жив.-изб. | 5,00 | 5.00 | 5,00 |
| Информатика | 4,13 | 4.58 | 4,80 |
| Проек. од лик.-изб. | 5,00 | | |
| Физичко обр. | 5,00 | 4.73 | 4,77 |

**Осмо одделение**

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 3,77 | 3.76 | 3,97 |
| Англиски јазик | 4,01 | 3.68 | 4,18 |
| Француски јазик | 3,24 | 3.12 | 3,49 |
| Ликовно обр. | 5,00 | 5.00 | 5,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Музичко обр. | 4,96 | 4.93 | 5,00 |
| Математика | 3,37 | 3.54 | 3,35 |
| Физика | 3,44 | 3.71 | 3,40 |
| Хемија | 4,08 | 4.06 | 3,59 |
| Биологија | 3,94 | 3.71 | 4,12 |
| Географија | 3,55 | 3.38 | 3,68 |
| Историја | 3,72 | 3.46 | 4,20 |
| Граѓанско обр. | 3,75 | 3.66 | 3,95 |
| Вешт. на жив.-изб. | 5,00 | 5.00 | 5,00 |
| Проек. од лик.-изб. | 5,00 | 5.00 | 5,00 |
| Нашата татковина | 5,00 | | |
| Физичко обр. | 4,81 | 4.38 | 5,00 |

**Деветто одделение**

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 3,62 | 4.07 | 3,65 |
| Англиски јазик | 3,28 | 4.34 | 3,39 |
| Француски јазик | 3,77 | 3.46 | 3,26 |
| Ликовно обр. | 5,00 | 5.00 | 5,00 |
| Музичко обр. | 5,00 | 4.96 | 4,97 |
| Математика | 3,45 | 3.77 | 3,45 |
| Физика | 3,39 | 4.04 | 3,43 |
| Хемија | 3,41 | 4.17 | 3,38 |
| Биологија | 4,00 | 3.96 | 3,61 |
| Географија | 3,49 | 3.71 | 3,35 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историја | 3,64 | 3.71 | 3,71 |
| Граѓанско обр. | 3,95 | 3.99 | 3,45 |
| Иновации | 4,52 | 4.24 | 3,46 |
| Истраж. на род. крај | 5,00 | 5.00 | 5,00 |
| Нашата татковина | 5,00 | 5.00 | 4,71 |
| Физичко обр. | 4,74 | 4.79 | 4,12 |

**Среден успех по одделенија и учебни години - полугодие**

| Одд./ учебна год. | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| VII | 4,06 | 4,44 | 4,58 |
| VIII | 4,04 | 3,90 | 4,21 |
| IX | 4,02 | 4,24 | 3,87 |

**Анализа на успехот и редовноста на учениците на крајот на учебната година од 3 последователни учебни години**

**Среден успех по учебни години**

| 2019/2020 | | 2020/2021 | | 2021/2022 | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | Среден успех | Ученици | Среден успех | Ученици | Среден успех |
| 717 | 4,70 | 712 | 4,67 | 709 | 4,70 |

Во средниот успех не влегува успехот на учениците кои се описно оценети и тоа:

2019/2020 - прво одд. 84, второ одд. 88 и трето одд. 66 ученика

2020/2021- прво одд. 92, второ одд. 82 и трето одд. 86 ученика

2021/2022- прво одд. 70, второ одд. 90 и трето одд. 84 ученика

### Изостаноци по учебни години

| Учебни години | Изостаноци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оправдани | Просек | Неоправдани | Просек | Вкупно | Просек |
| 2019/2020 | 16520 | 23 | 711 | 1 | 17231 | 24 |
| 2020/2021 | 11097 | | 0 | 15,5 | 11097 | 15,5 |
| 2021/2022 | 27464 | 38,7 | 86 | 0,1 | 27550 | 38,8 |

### Успех по наставни предмети

### Четврто одделение

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,40 | 4,28 | 4,54 |
| Англиски јазик | 4,24 | 4,30 | 4,76 |
| Ликовно обр. | 4,97 | 4,92 | 4,98 |
| Музичко обр. | 4,93 | 4,86 | 4,98 |
| Математика | 4,21 | 4,31 | 4,51 |
| Природни науки | 4,40 | 4,48 | 4,61 |
| Општество | 4,45 | 4,58 | 4,64 |
| Техничко обр. | 4,73 | 4,89 | 4,95 |
| Работа со компјутери | 4,92 | 5,00 | |
| Физичко обр. | 4,99 | 4,94 | 5,00 |

### Петто одделение

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,54 | 4,45 | 4,33 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 4,71 | 4,38 | 4,60 |
| Ликовно обр. | 4,91 | 4,96 | 4,95 |
| Музичко обр. | 4,90 | 5,00 | 4,90 |
| Математика | 4,39 | 4,30 | 4,44 |
| Природни науки | 4,50 | 4,44 | 4,52 |
| Општество | 4,44 | 4,48 | 4,56 |
| Техничко обр. | 4,94 | 5,00 | 4,90 |
| Работа со компјутери | 4,91 | 5,00 | 4,94 |
| Физичко обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |

**Шесто одделение**

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,55 | 4,66 | 4,50 |
| Англиски јазик | 4,43 | 4,67 | 4,58 |
| Француски јазик | 4,46 | 4,71 | 4,29 |
| Ликовно обр. | 4,93 | 5,00 | 5,00 |
| Музичко обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Математика | 4,47 | 4,77 | 4,42 |
| Природни науки | 4,57 | 4,71 | 4,33 |
| Географија | 4,55 | 4,66 | 4,48 |
| Историја | 4,63 | 4,79 | 4,49 |
| Запоз. на религии | 5,00 | 4,86 | 4,85 |
| Класич. култ. | 5,00 | 4,88 | 4,87 |
| Етика на религии | 4,74 | 4,63 | 4,67 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информатика | 4,69 | 4,90 | 4,77 |
| Техничко обр. | 5,00 | 5,00 | 4,88 |
| Физичко обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |

**Седмо одделение**

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,36 | 4,47 | 4,40 |
| Англиски јазик | 4,24 | 4,52 | 4,50 |
| Француски јазик | 3,97 | 4,23 | 4,57 |
| Ликовно обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Музичко обр. | 4,97 | 5,00 | 5,00 |
| Математика | 4,26 | 4,24 | 4,26 |
| Биологија | 4,57 | 4,54 | 4,53 |
| Географија | 4,29 | 4,34 | 4,59 |
| Историја | 4,47 | 4,48 | 4,59 |
| Етика | 4,61 | 4,55 | 4,89 |
| Нашата татковина | | 5,00 | 5,00 |
| Вешт. на жив.-изб. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Информатика | 4,56 | 4,79 | 4,90 |
| Физичко обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Проек. од лик.-изб. | 5,00 | | |

**Осмо одделение**

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,35 | 4,09 | 4,46 |
| Англиски јазик | 4,34 | 4,03 | 4,30 |
| Француски јазик | 4,17 | 3,73 | 4,12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ликовно обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Музичко обр. | 4,97 | 4,97 | 5,00 |
| Математика | 4,21 | 3,69 | 3,92 |
| Физика | 4,28 | 3,99 | 4,13 |
| Хемија | 4,39 | 4,09 | 4,05 |
| Биологија | 4,55 | 4,19 | 4,59 |
| Географија | 4,31 | 3,93 | 4,24 |
| Историја | 4,37 | 3,97 | 4,36 |
| Граѓанско обр. | 4,30 | 4,06 | 4,24 |
| Вешт. на жив.-изб. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Проек. од лик.-изб. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Нашата татковина | 5,00 | | |
| Физичко обр. | 5,00 | 4,62 | 5,00 |

**Деветто одделение**

| Наставни предмети | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,32 | 4,36 | 4,23 |
| Англиски јазик | 4,16 | 4,44 | 4,30 |
| Француски јазик | 4,47 | 4,16 | 4,09 |
| Ликовно обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Музичко обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Математика | 4,31 | 4,27 | 4,26 |
| Физика | 4,32 | 4,36 | 4,32 |
| Хемија | 4,28 | 4,30 | 4,25 |
| Биологија | 4,69 | 4,63 | 4,45 |
| Географија | 4,26 | 4,24 | 4,22 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историја | 4,36 | 4,34 | 4,29 |
| Граѓанско обр. | 4,44 | 4,47 | 4,26 |
| Иновации | 4,77 | 4,39 | 4,22 |
| Истраж. на род. крај | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Нашата татковина | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Физичко обр. | 5,00 | 5,00 | 4,74 |

**Среден успех по одделенија и учебни години – крај**

| Одд./ учебна год. | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| IV | 4,72 | 4,72 | 4,81 |
| V | 4,80 | 4,76 | 4,73 |
| VI | 4,78 | 4,90 | 4,73 |
| VII | 4,67 | 4,70 | 4,76 |
| VIII | 4,66 | 4,29 | 4,58 |
| IX | 4,64 | 4,57 | 4,61 |

Во средниот успех не влегува успехот на учениците кои се описно оценети и тоа:

2019/2020 - прво одд. 84, второ одд. 88 и трето одд. 66 ученика

2020/2021- прво одд. 92, второ одд. 82 и трето одд. 86 ученика

2021/2022- прво одд. 70, второ одд. 90 и трето одд. 84 ученика

Во 2019/20 година вкупно учеа 717 ученика од прво до осмо одделение и во првото полугодие е постигнат среден успех 4,04, а на крајот на учебната година со вкупно 717 ученици е постигнат среден успех 4,70.
Во 2020/21 година вкупно учеа 712 ученика од прво до осмо одделение и во првото полугодие е постигнат среден успех 4,04, а на крајот на учебната година со вкупно 712 ученици е постигнат среден успех 4,67.
Во 2020/21 година вкупно учеа 711 ученика од прво до осмо одделение и во првото полугодие е постигнат среден успех 4,22, а на крајот на учебната година со вкупно 709 ученици е постигнат

2.1.2.Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност

среден успех 4,70.

Не е извршена анализа на успехот на учениците според етничка припадност затоа што во вкупниот број на ученици процентот е мал за да се направи анализа. Податоците за националниот состав за трите последователни учебни години се следниве:

| | 2019/20 | | 2020/21 | | 2021/22 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | % | Ученици | % | Ученици | % |
| Македонци | 709 | 98.88 | 701 | 98.73 | 698 | 98.73 |
| Срби | 1 | 0.14 | 1 | 0.14 | 2 | 0.28 |
| Роми | 4 | 0.56 | 4 | 0.56 | 3 | 0.42 |
| Власи | | 0.00 | 2 | 0.28 | 3 | 0.42 |
| Останати | 3 | 0.42 | 2 | 0.28 | 1 | 0.14 |




2019/020

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>2020/2021<br><br><br>2021/2022<br><br>Во **2019/20** година на почетокот на учебната година во ОУ „Круме Кепески“ учат Македонци - 98,88%, Срби-0,14%, Роми-0,56%, Власи-0,00% и други -0,42%.<br><br>Во **2020/21** година на почетокот на учебната година во ОУ „Круме Кепески“ учат Македонци - 99,73%, Срби-0,14%, Роми-0,56%, Власи-0,28% и други -0,28%. |

Во **2021/22** година на почетокот на учебната година во ОУ „Круме Кепески“ учат Македонци - 98,73%, Срби-0,28%, Роми-0,42%, Власи-0,42% и други -0,14%

**Анализа на успехот на учениците според пол - полугодие**

VII одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 11 | 10 | 21 | 22 | 10 | 32 | 12 | 5 | 17 | | | | | | |
| 2020/21 | 20 | 27 | 47 | 26 | 10 | 36 | 4 | 4 | 8 | | | | | | |
| 2021/22 | 21 | 20 | 41 | 16 | 14 | 30 | | | | | | | | | |

VIII одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 7 | 20 | 27 | 11 | 11 | 22 | 15 | 5 | 20 | | 2 | 2 | | | |
| 2020/21 | 10 | 10 | 20 | 18 | 7 | 25 | 16 | 7 | 23 | | | | | | |
| 2021/22 | 18 | 18 | 36 | 21 | 17 | 38 | 11 | 6 | 17 | | | | | | |

IX одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 6 | 23 | 29 | 14 | 17 | 31 | 19 | 8 | 27 | | | | | | |
| 2020/21 | 8 | 21 | 29 | 16 | 13 | 29 | 9 | 3 | 12 | | | | | | |
| 2021/22 | 9 | 12 | 21 | 13 | 5 | 18 | 22 | 8 | 30 | | | | | | |

**Анализа на успехот на учениците според пол - крај**

IV
одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 32 | 34 | 66 | 13 | 8 | 21 | 2 | | 2 | | | | | | |
| 2020/21 | 30 | 17 | 47 | 10 | 6 | 16 | 1 | | 1 | | | | | | |
| 2021/22 | 33 | 36 | 69 | 4 | 12 | 16 | | | | | | | | | |

V одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 31 | 27 | 58 | 4 | 6 | 10 | 1 | 1 | 2 | | | | | | |
| 2020/21 | 33 | 35 | 68 | 14 | 7 | 21 | | | | | | | | | |
| 2021/22 | 30 | 17 | 47 | 9 | 6 | 15 | 1 | 0 | 1 | | | | | | |

VI
одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 35 | 36 | 71 | 13 | 7 | 20 | | | | | | | | | |
| 2020/21 | 32 | 31 | 63 | 4 | 3 | 7 | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021/22 | 33 | 30 | 63 | 13 | 10 | 23 | | | | | | | | | |

VII одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 29 | 18 | 47 | 17 | 6 | 23 | | | | | | | | | |
| 2020/21 | 33 | 31 | 64 | 18 | 9 | 24 | | | | | | | | | |
| 2021/22 | 27 | 26 | 53 | 10 | 7 | 17 | | | | | | | | | |

VIII одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 18 | 30 | 48 | 14 | 8 | 22 | 1 | | 1 | | | | | | |
| 2020/21 | 17 | 12 | 29 | 22 | 8 | 30 | 5 | 4 | 9 | | | | | | |
| 2021/22 | 24 | 33 | 57 | 20 | 11 | 31 | 2 | 2 | 4 | | | | | | |

IX одделение

| | Одлични | | | Многу добри | | | Добри | | | Доволни | | | Со слаби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | М | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 2019/20 | 18 | 38 | 56 | 23 | 8 | 31 | | | | | | | | | |
| 2020/21 | 13 | 29 | 42 | 18 | 9 | 27 | | 1 | 1 | | | | | | |
| 2021/22 | 24 | 18 | 42 | 20 | 7 | 27 | | | | | | | | | |

2.1.3. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и

Грижата за напредокот на секој ученик, развивањето на неговите потенцијали и неговата подготвеност за учење и животно функционирање се приоритети на нашето училиште. За таа цел наставниците и стручните соработници особено внимание посветуваат на учениците со посебни образовни потреби, учениците со потешкотии во учењето, но и на оние ученици кои покажуваат особена надареност и таленти од различни области.

| | | |
|---|---|---|
| | учениците со посебни образовни потреби | Училиштето има формирано Училишен тим за инклузија, има документ за Инклузивна политика, Процедура за работа на Училишниот инклузивен тим, Програма за работа на Училишниот инклузивен тим, Постапка за идентификација на ученици со посебни образовни потреби, Постапка за идентификација на ученици со потешкотии во учењето, Постапка за идентификација на талентирани ученици, Акционен план за работа со ученици со посебни образовни потреби, Акционен план за работа со ученици со потешкотии во учењето, Акционен план за работа со талентирани ученици и Процедура за изготвување на ИОП. Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните политики во училиштето, а за секој ученик со попреченост се формира Инклузивен тим за ученикот.<br>Нашето училиште во претходните учебни години беше вклучено во Програмата за инклузивно образование спроведувана од страна на УНИЦЕФ, МЦГО и БРО, а наставниците од одделенска и предметна настава посетија обука од III (три) модули. Стекнатите знаења постојано се пренесуваат на новите наставници и се надградуваат и со дополнителни обуки и со онлајн обуки. Воедно, наставниците континуирано добиваат поддршка од страна на членовите на Училишниот тим за инклузија.<br>Од учебната 2021/2022 година училиштето има склучено договор за соработка со Училиштето со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ преку кое се обезбедени 3 образовни асистенти кои даваат поддршка на 4 ученици со попреченост. Сеуште сите ученици на кои им е препорачана поддршка од образовен асистент го немаат остварено своето право на образовен асистент.<br>Во нашето училиште се спроведува постапка за идентификување на учениците со посебни образовни потреби, на ученици со потешкотии во учењето и на надарени и талентирани ученици. Постапката за идентификацијата се врши врз основа на сознанијата добиени од родител, наставник и стручен соработник. Сознанијата кои ќе се добијат се користат за подготовка на наставниците и стручната служба во работата со учениците, координирање на нивната работа и прилагодување на пристапи за поефикасен напредок на учениците.<br><br>**1.Ученици со посебни образовни потреби**<br><br><table><tr><th>Категорија на ученици</th><th>Број на ученици</th></tr><tr><td>Ученици со попреченост со наод и мислење</td><td>17</td></tr><tr><td>Ученици со нарушување во однесувањето/ емоционални потешкотии / специфични потешкотии со учењето</td><td>10</td></tr><tr><td>Ученици од неповолни социо-економски, културни, јазични деприривирани средини</td><td>23</td></tr></table> |

| | | |
|---|---|---|
| | | **1.1 Ученици со попреченост со наод и мислење**<br><br>Во училиштето има 17 ученици кои имаат посебни образовни потреби – ученици со попреченост и се со наод и мислење од Заводот за ментално здравје за деца и младинци, а дел од нив и со извештај од извршена проценка според МКФ. За секој ученик е формиран Инклузивен тим за ученик, постои Одлука за формирање на секој тим и записници од одржани состаноци на тимовите. За секој ученик се води портфолио од страна на стручната служба во кое се наоѓаат релевантни податоци за следење на развојот на ученикот во текот на воспитно-образовниот процес. Портфолиото содржи:<br>- идентификациони податоци, наод и мислење од Комисијата за проценка на функционалности и од Заводот за ментално здравје за деца и младинци,<br>- анамнестички податоци,<br>-податоци од направени проценки на психомоторни и функционални способности на ученикот и од опсервации од страна на стручната служба,<br>-иницијална проценка во која се вклучени информациите од наставникот, родителот и стручната служба, а со која се утврдуваат способностите на ученикот, неговите интереси и потребите за поддршка,<br>-Индивидуална воспитно-образовна програма (ИОП) за работа со ученикот, која ја изработува наставникот/ наставниците во соработка со стручната служба,<br>-План на тимот на стручни соработници за индивидуална подддршка на ученикот.<br>**Наставниците** во работата со учениците реализираат диференцирани цели и прилагодуваат просторни услови, материјали и начини на следење на постигнувањата на ученикот. На наставниците постојано им се дава поддршка од страна на стручните соработници и Тимот за инклузија за работа со учениците.<br>**Стручните соработници**, врз основа на изготвен план на стручниот соработник за работа со ученикот, реализираат активности за индивидуална поддршка на ученикот. Целта на овие активности, кои се однесуваат на подрачјата: емоции и социјални односи,внимание и концентрација, помнење и перцепции, моторика, развој на говор, читање и математички способности, е да се подобрат капацитетите на ученикот и истиот да се стекне со потребните вештини и способности за учење и животно функционирање.<br>-Психологот работи индивидуално со овие ученици на развивање на функционалности и вештини, техники на учење, јакнење на емоционален план и на надминување на потешкотиите. За секој ученик се води посебна документација која стои кај психологот. Психологот работи според посебно изготвена програма за работа со овие ученици.<br>-Педагогот работи на подобрување на процесот на совладување на наставниот материјал, при што директно соработува со наставниците.<br>-Специјалниот едукатор и рехабилитатор работи индивидуално со секој ученик на јакнење на функционалностите и подобрување на севкупната состојба на ученикот, како и на јакнење на |

| | | |
|---|---|---|
| | | компетенциите на наставниците за работа со ученици со посебни потреби.<br>Наставниците и стручните соработници исто така работат и на подготовување на паралелката во која учат учениците со посебни потреби и обезбедување клима за разбирање и прифаќање на различностите, како и вклучување на учениците со посебни потреби во сите активности во и вон училиштето.<br>Постои одлична соработка помеѓу наставниците и стручната служба со цел постигнување подобри резултати кај учениците со посебни потреби. Наставниците на тримесечие, полугодие и на крајот на учебната година ги известуваат стручните соработници за напредокот или за потешкотиите во учењето на учениците со посебни потреби. Наставниците водат портфолио за овие ученици и секој час ја следат нивата работа. Учениците со посебни потреби се вклучени во сите активности во и вон училиштето, како: екскурзии, учество на приредби, спортски натпревари, учество во образовни емисии и сл.<br>Во работата со овие ученици се вклучени и родителите со кои исто така се работи и им се даваат насоки како да работат и во домашни услови.<br>Редовно, и од страна на наставниците во однос на учењето и од страна на стручните соработници во однос на развојот на функционалните способности, се води евиденција за напредокот на учениците, се остваруваат консултации со нивните **родители** на кои се разменуваат информации, информираат за напредокот и им се даваат насоки за работа во домашни услови.<br><br>**1.2. Ученици со нарушување во однесувањето/ емоционални потешкотии / специфични потешкотии со учењето**<br>**Ученици со емоционални потешкотии**<br>Во училиштето се работи со ученици чии потешкотии во учењето произлегуваат од емоционални потешкотии од различен карактер, а се однесуваат на ниска самодоверба, повлеченост, анксиозност,особено во време на пандемија предизвикана од КОВИД, потешкотии кои произлегуваат од загуба на близок член на семејство или родител, развод на родители или разни други семејни ситуации. Стручните соработници во ваквите случаи, покрај индивидуалната работа со ученикот, споделуваат дел од информациите со одделенските раководители со цел истите да бидат во тек со состојбата на ученикот и да можат да придонесат во подобрување на истата, со нагласување дека овие информации се од доверлив карактер. Напоредно стручните соработници работат и со родителите на овие ученици, со цел поддршката да биде постојана, како во училиште, така и дома.<br><br>**1.3. Ученици од неповолни социо-економски, културни, јазични депривирани средини**<br>Дел од учениците поради социјална и економска депривација ги немаат потребните можности и поттикнувања во когнитивното, социјалното, емоционалното и мотивационото подрачје, заради што покажуваат помал интерес за учење, пониска прилагоденост на училишната средина што резултира и со послаби резултати. Овие ученици го имаат остварено правото за добивање |

| | | |
|---|---|---|
| | | образовен додаток, а во училиштето за нив се организира помош од различни аспекти:<br>-Помош во храна, облека, хигиенски средства и училишен прибор, преку спроведување на хуманитарни акции (без да се напоменува за кој ученик се спроведува акцијата со цел да не се повреди личноста на ученикот) кои се реализирани од страна на Подмладокот на црвениот крст на училиштето. Оваа училишна организација активно соработува со Црвениот крст на Општина Кисела Вода и Црвениот крст на град Скопје каде активно работат млади волонтери од училиштето во рамките на Проектите за промоција на хумани вредности..<br>-Помош од страна на наставниците и стручните соработници преку давање индивидуална поддршка во процесот на учење и во подрачјата на зајакнување на самодоверба, редефинирање на однесувањето и остварување на социјални врски.<br><br>**2. Ученици кои потешко напредуваат**<br>За учениците кои потешко напредуваат во процесот на учење се реализира дополнителна настава, но и индивидуална поддршка од страна на стручната служба во поглед на стекнување вештини за самостојно учење низ разни видови на техники за учење.<br><br>**3. Ученици кои имаат потешкотии од здравствен карактер или хронични заболувања**<br>Училиштето особено води грижа за здравјето на своите ученици и неговото влијание врз нивната работоспособност, за што постои Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди. Дел од оваа процедура е и начинот на кој за учениците кои се принудени почесто да отсуствуваат од настава поради хоспитализирање или хронични заболувања, се овозможува учење во домашни услови во периодот кога е ученикот на боледување, при што се користи и наставата од далечина. На овој начин, покрај поддршката во учењето, на ученикот му е дадена поддршка од емоционален аспект, со оглед на тоа што по неговото враќање во училиштето не се чувствуваат последици од отсуството, а ученикот не е изложен на стрес во поглед на прилагодувањето.<br><br>**4. Надарени и талентирани ученици**<br>Надарените и талентираните ученици се вклучени во додатната настава, особено е овозможена индивидуална поддршка од наставниците во развивање на капацитетите на оние ученици кои покажуваат исклучителен талент од одредена област. Учениците се поттикнати да учествуваат на натпревари од областа за која покажуваат надареност и талентот и се води грижа нивните успеси да бидат забележани и истакнати.<br>Наставниците со надарените ученици работат и во рамките на слободните ученички активности.<br>Психологот врши идентификација, согледување на **посебните** способности, работа на развивање метакогнитивни способности и следење на напредокот. Педагогот работи на мотивирање на учениците и нивна промоција во јавноста (медиуми - пишани и електронски). |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.1.4. Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/ додатната настава | Постигнувањата на учениците преку редовната настава се подобруват преку континуирано подобрување на квалитетот на наставата, но и преку формативното оценување при што учениците постојано добиваат повратна информација за својот напредок и насоки како да се подобрува успехот.<br>Најголем процент од анкетираните ученици сметаат дека предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни, дека наставниците им помагаат да го подобрат својот успех, особено кога имаат потешкотии за време на наставата, без оглед на тоа дали се на настава со физичко присуство или од далечина. Тие сметаат дека пандемијата , иако малку, сепак се одразила врз квалитетот на нивните постигнувања.<br>Родителите сметаат дека нивните деца се доволно мотивирани за постигнување подобри резултати и дека добиваат квалитетна повратна информација од своите наставници која им помага да го подобрат својот успех. Родителите се задоволни од соработката со наставниците и од информациите кои ги добиваат во однос на успехот на нивните деца. И покрај тоа што училиштето има развиено систем на наградување и пофалување на учениците, родителите сметаат дека тој систем треба да се усоврши, односно наградувањето за постигнувањата на учениците да биде преку доделување награди, дипломи и пофалници.<br><br>И учениците и наставниците сметаат дека дополнителната и додатната настава влијаат врз подобрувањето на постигнувањата на учениците. За таа цел во училиштето редовно се врши идентификација на ученици кои имаат послаби постигнувања и истите се упатуват на дополнителна настава и на ученици кои имаат особено високи постигнувања и таленти и истите се опфатени во рамките на додатната настава, на која добиваат надоградување и проширување на нивните знаења. И во време на изведување на наставата од далечина поради пандемијата, дополнителната и додатната настава беа реализирани во целост.<br>Постои максимална соработка на наставниот кадар со директорот и со стручната служба за сите прашања во однос на подобрувањето на постигањата на успехот на учениците. Стручните соработници (психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор) вршат советување и работат со оние ученици кои имаат потешкотии со учењето во врска со организираноста, мотивираноста, начинот на учење, техниките на учење и подобрување на функционалностите. |
| | 2.1.5. Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование | Во нашето училиште, успехот на учениците се следи во 4 циклуси, и тоа: прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие и на крајот на учебната година. Исто така, се следи успехот на учениците при преминот од одделенска настава во предметна настава. И по завршувањето на основното образование треба да се следат постигањата на учениците и тоа преку информации кои треба да ни ги испраќаат средните училишта. Меѓутоа од средните училишта недостасува ваквата информација и поради тоа ваква анализа не е изготвена. |

**Среден успех по одделенија и учебни години – полугодие**

| Одд./ учебна год. | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| VII | 4,06 | 4,44 | 4,58 |
| VIII | 4,04 | 3,90 | 4,21 |
| IX | 4,02 | 4,24 | 3,87 |

Во средниот успех не влегува успехот на учениците кои се описно оценети и тоа:
2019/2020 - прво одд. 84, второ одд. 88, трето одд. 66 ученика, четврто одд. 90 ученика, петто одделение 70 ученика и шесто одделение 91 ученик – вкупно 489 ученика.
2020/2021 - прво одд. 91, второ одд. 82, трето одд. 86 ученика, четврто одд. 64 ученика, петто одделение 88 ученика и шесто одделение 70 ученик – вкупно 481 ученик.
2021/2022 - прво одд. 70, второ одд. 91, трето одд. 84 ученика, четврто одд. 84 ученика, петто одделение 74 ученика и шесто одделение 86 ученик – вкупно 489 ученика.
Во однос на преминот од еден во друг циклус споредбените анализи покажуваат дека на полугодие и на крајот на учебната година се забележува многу мала разлика на успехот на учениците од деветто одделение во однос на нивниот успех постигнат во петто одделение.

Во **2019/20** успехот **на полугодие** изнесува:
- петто одделение е описно.
- девето одделение е 4,02.

**Среден успех по одделенија и учебни години – крај**

| Одд./ учебна год. | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|
| IV | 4,72 | 4,72 | |
| V | 4,80 | 4,76 | |
| VI | 4,78 | 4,90 | |
| VII | 4,67 | 4,70 | |
| VIII | 4,66 | 4,29 | |
| IX | 4,64 | 4,57 | |

| | | |
|---|---|---|
| | | На крајот на учебната година средниот успех на учениците од централното и подрачното училиште изнесува:<br><br>Во 2019/20 успехот на крајот на учебната година во:<br>- петто одделение е 4,80<br>- деветo одделение е 4,64<br><br>Во 2020/21 успехот на крајот на учебната година во:<br>- петто одделение е 4,76<br>- девето одделение е 4,57<br><br>Во **2021/22** успехот **на крајот** на учебната година во:<br>- петто одделение е 4,73<br>- девето одделение е 4,61 |
| Одделенски дневници<br>Годишен извештај на училиштето<br>Матични книги<br>Записници од Одделенски и Наставнички совети<br>Електронски дневник | **2.2 Задржување /осипување на учениците**<br>2.2.1. Опфат на учениците<br><br><br>2.2.2.Редовност во наставата | Училиштето ги опфаќа учениците од својот реон и се грижи да бидат вклучени во воспитно-образовниот процес. Исто така Општината оваа година прави посебна реонизација за запишување на првачиња.<br><br>Училиштето во текот на целата учебна година, води евиденција за редовноста на учениците. За редовноста на учениците, родителите се информираат преку евиденцијата на одделенските раководители во електронските одделенските дневници, родителските средби, а учениците се информирани од самите наставници или од извештаите кои се читаат на одделенскиот час.<br>Информираност за редовноста на учениците има и педагошко-психолошката служба, која работи со учениците кои имаат изостаноци, а исто така и со нивните родители. Евиденцијата за редовност на учениците е показател за сознанијата на кои ученици и на каков начин треба да им се помогне.<br>Од направените анализи на редовноста на учениците во трите последователни години (2019/20, 2020/21, 2021/22) се изведува заклучок дека сите оправдани изостаноци се направени поради здравствени причини, и тоа: вирусни заболувања, изолација на учениците поради ковид болен во семејството, сипаници или хронични заболувања кај некои ученици, а се оправдувани од страна на родителите и со медицинска белешка. Неоправданите изостаноци се должат на доцнење на часовите (на првиот час или по големиот одмор) и претежно се направени од страна на учениците од 6. до 9. одделение.<br>Педагошко-психолошката служба континуирано работи со одредени ученици поради нивно |

| | | |
|---|---|---|
| | | доцнење и отсуство на во текот на целата учебна година. Особено е важно што немаме ученици кои самоволно ги напуштаат часовите и неоправдано отсуствуваат од настава. |

**Изостаноци по учебни години – полугодие**

| Учебни години | Изостаноци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оправдани | Просек | Неоправдани | Просек | Вкупно | Просек |
| 2019/2020 | 7062 | 9,8 | 64 | 0,1 | 7126 | 9,9 |
| 2020/2021 | 6122 | 8,6 | 0 | 0 | 6122 | 8,6 |
| 2021/2022 | 18075 | 25,4 | 37 | 0,05 | 18112 | 25,5 |

**Изостаноци по учебни години**

| Учебни години | Изостаноци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оправдани | Просек | Неоправдани | Просек | Вкупно | Просек |
| 2019/2020 | 16520 | 23 | 711 | 1 | 17231 | 24 |
| 2020/2021 | 11097 | 15,5 | 0 | 0 | 11097 | 15,5 |
| 2021/2022 | 27464 | 38,7 | 86 | 0,1 | 27550 | 38,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.2.3. Осипување на учениците | **Во изминатите учебни години** осипување на учениците во училиштето немаше и сите ученици кои го започнале процесот на основно образование истиот го завршуваа. |
| | 2.2.4. Премин на учениците од едно во друго училиште | Преминувањето на учениците од едно во друго училиште се врши според законската регулатива преку соработка помеѓу двете училишта, во однос на размена на пропишаната документација: барање од родител, согласност од училиште, преведница и добивање дополнителни информации за ученикот.<br>Во случај на отстапување од оваа процедура, односно доколку семејството се сели во друга држава, а не е навреме испратена документацијата, се известува општинскиот просветен инспектор.<br>Преку разговор со родителот се добиваат податоци за ученикот кој е префрлен во нашето училиште. Исто така, при премин на ученикот од друго училиште во нашето, од страна на психолошко-педагошката служба и од страна на наставниците се води сметка да се створи клима за прифаќање и да се даде поддршка на новиот ученик полесно да се вклопи во училиштето и во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| Одделенски дневници<br>Годишен извештај на училиштето<br>Матични книги<br>Закон за основно образование<br>Статут на училиштето | **2.3. Повторување на учениците**<br>2.3.1. Ученици што не ја завршуваат годината | Во нашето училиште нема ученици кои го повториле одделението, односно нема ученици што не ја завршуваат годината, ниту има ученици кои биле упатени на продолжителна настава. |
| Одделенски дневници<br>Годишен извештај на училиштето<br>Матични книги<br>Евиденција на стручната служба | **2.4.Следење на напредокот на учениците**<br>2.4.1.Водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците | Во ООУ „Круме Кепески"- Кисела Вода, напредокот на учениците се следи континуирано, во текот на целиот образовен процес при што се води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците. Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одделенскиот час, родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно на индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници, а писмено преку евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечие, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година. Се води електронски дневник, со кој се овозможува полесно информирање и секојдневна контрола од страна на родителите за постигнувањата и изостаноците на своите деца.<br>Исто така, напредокот на учениците се следи и евидентира преку соработка помеѓу одделенски раководител и наставниците, преку наставниците и родителите, при што се запазува односот (соработката) ученик-наставник-родител.<br>Во време на вонредните мерки поради коронавирусот, во континуитет се следеше напредокот на учениците и родителите навремено беа запознаени со формативното и сумативното оценување на учениците преку родителските средби кои се одвиваа онлајн преку Microsoft Teams платформата. Исто така напредокот на учениците беше следен и од психолошко-педагошката служба и раководителот на училиштето.<br>За постигањата на учениците со посебни потреби, специјалниот едукатор и рехабилитатор редовно го следи напредокот на учениците со ПОП и соодветно ги известува наставниците и родителите. |
| | 2.4.2. Анализа на напредокот на учениците по паралелки | Анализите за успехот по паралелки служат за следење на напредокот на учениците, се вршат од страна на одделенските раководители, психологот и педагогот и се показател за активностите кои треба да се преземат за подобрување на успехот на учениците. Резултатите од анализите се вклучени во Полугодишниот и Годишниот извештај за работа на училиштето. |

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество - вклучени во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетен лист за родители | Тим за самоевалуација | Анкетниот лист беше спроведен на ден 1.3.2022, со 50 родители, од кои: машки 23 (46%) и женски 27 (54%). Македонци вкупно: 50 (100%).<br><br>Од направените анализи добиени се следниве резултати:<br>1. На прашањето:**„ Дали сметате дека вашето дете е доволно мотивирано од страна на наставниците да постигне подобри резултати?“ одговориле со:**<br>- Да – 43 (86%)<br>- Понекогаш – /<br>- Не - 7 (14%)<br>Вкупно: 100 %<br>2. На прашањето: „**Наставниците ги следат постигнувањата на учениците и при тоа има даваат повратна информација, со цел да го подобрат успехот**.“ **одговориле со:**<br>- Да – 48 (96%)<br>- Понекогаш: /<br>- Не – 2 (4%)<br>Вкупно: 100%<br>3 На прашањето: **„Дали се согласувате Вашето дете да учествува на натпревари по повеќе предмети?“, одговориле со**:<br>- Да – 44 (88%)<br>- Понекогаш – 6 (12%)<br>- Не – /<br>Вкупно: 100%<br>4. На прашањето: **„ Дали сте задоволни од соработката со наставниците за подобрување на успехот на Вашето дете?“, одговориле со:**<br>- Да – 45 (90%)<br>- Понекогаш – /<br>- Не – 5 (10%)<br>Вкупно: 100%<br>5. На прашањето: **„Наставниците ги вклучуваат учениците во воннаставните активности во зависност од нивните желби, интереси и способности.“, одговориле со:** |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Да – 40 (80%)<br>- Понекогаш – 1 (2%)<br>- Не – 9 (18%)<br>Вкупно: 100%<br>6. На прашањето: **„Континуирано сум информиран/а за постигањата на моето дете.“, одговориле со:**<br>- Да – 49 (98%)<br>- Понекогаш – /<br>- Не – 1 (2%)<br>Вкупно: 100%<br>7. На прашањето: „**Што се може да направи училиштето за постигањата на учениците?“, одговориле со:**<br>- Задоволни од досегашната работа на наставниците – 4 (25%)<br>- Преку учество на натпревари – 3 (18%)<br>- Наградување за постигнувањата на учениците преку доделување награди, дипломи, пофалници – 5 (31%)<br>- Со дополнителни материјали и литература – 2 (12%)<br>- Да се работи со талентираните – 1 (7%)<br>- Печатени учебници за секое дете – 1 (7%)<br>Вкупно: 100% |
| Анкетен лист за ученици | Тим за самоевалуација | Анкетниот лист беше спроведен на ден 17.2.2022, со 50 ученици, од кои: машки 24 (48%) и женски 26 (52%). Македонци вкупно: 50 (100%).<br><br>Од направените анализи добиени се следниве резултати:<br><br>1. На прашањето**: Дали предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни?, одговориле со:**<br>- Да – 46 (92%)<br>- Понекогаш – 4 (8%)<br>- Не - /<br>Вкупно: 100 %<br><br>2. На прашањето: **Дали активно учествувашво вonнаставните активности и во секциите во училиштето? , одговориле со:**<br>- Да – 41 (82%)<br>- Понекогаш: 8 (16%)<br>- Не – 1 (2%)<br>Вкупно: 100% |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. На прашањето: **Посочи во кои секции членуваш?, одговориле со**:<br>-Ликовно – 8 (16%)<br>-Англиски – 5 (10%)<br>-Математика – 6 (12%)<br>-Драмска – 5 (10%)<br>-Географска – 6 (12%)<br>-Физика – 5 (10%)<br>-Дебатен клуб – 3 (6%)<br>-Хемиска – 1 (2%)<br>-Литературна – 4 (8%)<br>-Еколошка – 2 (4%)<br>-Македонски јазик – 1 (2%)<br>-Техничко – 2 (4%)<br>-Француска – 1 (2%)<br>-Ритмичка – 1 (2%)<br>-Рецитаторска – 2 (4%)<br>-Музичка – 4 (8%)<br>-Историска – 1 (2%)<br>-Физичко – 1 (2%)<br><br>Од направената анкета кај учениците:<br>-во една секција членуваат – 37 (74%)<br>-во две секции членуваат – 9 (18%)<br>-нечленуваат(неодговориле) – 4 (8%)<br>Вкупно: 100%<br><br>4. На прашањето: **Наставниците ми помагаaат да го подобрам својот успех?, одговориле со:**<br>- Да – 47 (94%)<br>- Понекогаш – 3 (6%)<br>- Не – /<br>Вкупно: 100%<br>5. На прашањето: **Дали сметаш дека посетата на дополнителната/додатната настава ти помага да го подобриш својот успех?, одговориле со:**<br>- Да – 40 (80%)<br>- Понекогаш – 8 (16%)<br>- Не – 2 (4%)<br>Вкупно: 100% |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6. На прашањето: **Дали наставникот ти помага кога имаш потешкотии на часот?, одговориле со:**<br> - Да – 46 (92%)<br>- Понекогаш – 4 (8%)<br>- Не – /<br>Вкупно: 100%<br><br>7. На прашањето: **Колку училишната библиотека ти користи за проширување на знаењата?, одговориле со:**<br> - Многу – 9 (18%)<br>- Малку – 20 (40%)<br>- Доволно – 21(42%)<br>Вкупно: 100%<br><br>8. На прашањето: **Колку сте оптоварени со домашни задачи во наставата?, одговориле со:**<br>- Многу – 5 (10%)<br>- Малку – 12 (24%)<br>- Доволно – 33(66%)<br>Вкупно: 100%<br><br>9. На прашањето: **Колку периодот на пандемија влијае на твоите постигнувања?, одговориле со:**<br>- Многу – 13 (26%)<br>- Малку – 35 (70%)<br>- Доволно – 2(4%)<br>Вкупно: 100% |
| Анкетен лист за наставници | Тим за самоевалуација | Анкетниот лист беше спроведен на ден 7.3.2022 со **50 наставници**, од кои: машки 11 (22%) и женски 39 (78%) вкупно: 100 % . Македонци вкупно: 49 (98%) и 1 (2%) Србинка - вкупно: 100 %.<br>**Работен стаж**<br>0-10 години -15 вработени (30%)<br>10-20 години 13 вработени (26%)<br>Повеќе од 20 години-17вработени (34%)<br>*без одговор 5 (10%)<br>Вкупно: 100 %<br><br>Од направените анализи добиени се следниве резултати: |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1. На прашањето:„ **Редовната посета на дополнителната настава придонесува за подобрување на успехот на учениците.** “ одговориле со:<br>- Да – 33(66%)<br>- Не - /<br>- Понекогаш – 17(34%)<br>Вкупно: 100 %<br><br>2.На прашањето:„ **Колку Ви помага изготвениот ИОП во начинот на давање поддршка и напредок на учениците со попреченост? “**одговориле со:<br>- Секогаш –27(54%)<br>-Понекогаш –21(42%)<br>- Никогаш –1(2%)<br>*Немам ученици со ИОП 1(2%)<br>Вкупно: 100 %<br><br>3.На прашањето:„**Во воннаставни активности ги вклучувате и учениците со посебни потреби?** одговориле со:<br>-Да – 31 (62%)<br>-Не-2 (4%)<br>-Понекогаш- 15 (30%)<br>*Немам ученици со посебни потреби 2(4%)<br>Вкупно: 100 %<br><br>4.На прашањето: **„Како ги препознавате надарените ученици? “**одговориле со:<br>-со опсервација- 9 (18%)<br>-по успехот, афинитетот,истакнувања и нивните способности- 21(42%)<br>- активност на час-18 (36%)<br>*без одговор 2(4%)<br>Вкупно: 100 %<br><br>5.На прашањето: „ **Кои мерки ги преземате за редовноста на учениците**? “одговориле со:<br>- преку разговор со родители-27 (54%)<br>-укажување на последиците од нередовност-6 (12%)<br>-интересни часови, мотивација-8 (16%)<br>*без одговор-9(18%)<br>Вкупно: 100 % |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6.На прашањето: „ **Дали периодот на пандемија влијаеше врз постигањата на учениците и како?“** одговориле со:<br>-да, влијаела на напредокот, концентрацијата, недостатоците на онлајн наставата-35(70%)<br>-не влијаела-14(28%)<br>*без одговор -1(2%)<br>Вкупно: 100 %<br><br>7.На прашањето: „ **Колку често ги информирате родителите и се консултирате со нив во врска со постигањата на учениците? “** одговориле со:<br>-редовно-49 (98%)<br>-не многу често 1(2%)<br>Вкупно: 100 %<br><br>8.На прашањето: „ **Што е тоа што сметате дека треба да промените за да има подобрување на успехот кај учениците? “** одговориле со:<br>**-**редовно учење, исполнување на обврските и поголема помош од родителите-15(30%)<br>**-**да има нагледни средства-11(22%)<br>-преку интересни методи, воннаставни активности, помали паралелки-9(18%)<br>-ништо 6(12%)<br>*Без одговор 9(18%)<br>Вкупно: 100 %<br>9.На прашањето: **„Дали секогаш се забележуваат и истакнуваат успесите на учениците? “** одговориле со:<br>**-**да-45(90%)<br>-не-/<br>-понекогаш-5(10%)<br>Вкупно: 100 % |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Наставниот кадар и стручната служба и во централното и во подрачното училиште континуирано го следат успехот на учениците, нивниот психофизички напредок и поведението на учениците во текот на целата учебна година.
- Наставниот кадар го организира и следи наставниот процес, ги планира наставните методи, форми и техники, ги користи наставните средства во функција на подобрување на постигањата на учениците.
- Во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици.
- Со цел да се постигнат подобри резултати кај учениците соработката на наставниот кадар со директорот и стручна служба е на одлично ниво.
- Постои одлична соработка помеѓу наставниците и учениците, со цел подобрување на успехот на учениците.
- Особено внимание се посветува на начинот на планирање и изведување на наставниот процес, особено за планирањата во прво и четврто одделение согласно Концепцијата за основно образование.
- Училиштето исто така секоја година го зголемува фондот на книги во училишната библиотека и на тој начин им овозможува на учениците освен задолжителната литература (лектири) да користат и дополнителна литература од која ги прошируваат знаењата по различни предмети.
- Секој наставник користи стратегии, форми, методи, техники, како и чек листи, наставни листови,тестови, писмени работи, домашни задачи за следење на напредокот на учениците.
- Особено внимание се посветува на активностите за јакнење на инклузивната култура, политика и практика на училиштето.
- Наставниците за учениците со посебни потреби изработуваат среднорочен и долгорочен ИОП, како и портфолио за секој ученик.
- Учениците со посебни потреби се редовно вклучувани во активностите на часовите, како и во вонаставните активности. Наставниците посветуваат посебно внимание со цел да им се помогне во нивните постигнувања.
- Постои одлична соработка и постојана комуникација и советување со психолошко-педагошката служба и со специјалниот едукатор и рехабилитатор за следење на учењето на учениците со потешкотии во учењето и на учениците со посебни потреби и за нивниот напредок.
- Во училиштето работи Тим за инклузија кој дава поддршка на наставниците, родителите и на учениците, а во овој процес активно се вклучени и родителите на кои им се даваат насоки како да работат во домашни услови.
- Во нашето училиште учениците се подготвуваат и редовно учествуваат на различни натпревари – општински, регионални и државни и најчесто постигнуваат висок резултат.
- Учениците учествуваат и на квизови, литературни и ликовни конкурси, образовни и забавни емисии и интерни натпревари.
- Со цел да се зголемат постигањата на учениците, во училиштето и во услови на пандемија се организираа литературни читања, ликовни, литературни, спортски, еколошки работилници, изложби, од кои дел се реализираа онлајн.
- Во училишниот хол, училниците и училишните ходници редовно се изложуваат проектни активности изработени од страна на учениците,
- Преку разни активностите редовно се одбележуваат празници и активности на училишната библиотека.
- Сите ученици во нашето училиште го завршуваат основното образование, нема ученици кои повторувале.

- Во време на вонредните мерки поради корона вирусот дел од учениците кои поради здравствени причини наставата ја посетуваа онлајн, редовно се вклучувани на часовите по сите предмети и во воннаставните активности и во континуитет се следи нивниот напредок и нивниот успех.
- Родителите се задоволни од пристапот на наставниците кон децата во периодот кога учењето се спроведува со физичко присуство и онлајн како и од соработка на наставниците за подобрување на успехот на децата.
- Нема значајни отстапувања во поглед на успехот, поведението и редовноста на учениците во изминатите две учебни години, но и во однос на претходните.

**Слаби страни**

И покрај тоа што училиштето има развиено систем на наградување и пофалување на учениците, родителите сметаат дека тој систем треба да се усоврши, односно наградувањето за постигнувањата на учениците да биде преку доделување награди, дипломи и пофалници.

| Анализа на резултатите: |
| --- |
| Постигнувањето подобри резултати и успех кај учениците е една од целите на општинското основното училиште „Круме Кепески“ . Наставниот кадар во училиштето е стручно подготвен, квалитетен и обучен, го планира и го реализира воспитно-образовниот процес и се стреми кон подобрување на постигањата на учениците. Наставниците редовно посетуваат семинари и обуки преку кои го подобруваат квалитетот на наставата. Во функција на подобрување на постигнувањата на учениците, во училиштето одлично функционираат активите по предмети, преку кои се разменуваат разни искуства и знаења меѓу наставниците. Од стручните предавања од одржаните часови се подобрува квалитетот на наставата преку размена на искуства од формативното и сумативно оценување, интегрирани часови, како и внесување новини од реализираните обуки. Училишната библиотека редовно го зголемува библиотечниот фонд, а исто така се збогатува и со стручна литература по различни предмети, овозможувајќи им на наставниците постојано да се надградуваат, а тоа влијае и на подобрување на успехот на учениците.<br>Покрај редовната настава, постигнувањата на учениците се следат и подобруваат преку дополнителната настава и додатната настава и воннаставните активности. И во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество и постигнување на сите ученици.<br>Од анализите на крајот на учебните години се забележува мала разлика во успехот кај учениците од VI до IX одд. во споредба со успехот кај учениците од I до V одделение. Нема значајни отстапувања во поглед на успехот, поведениеto и редовноста на учениците во изминатите две учебни години, но и во однос на претходните. Во последните учебни години сите ученици го завршуваат основното образование. Нема ученици кои ја повторуваат годината.<br><br>За да се подобри успехот на учениците и да се мотивираат учениците, покрај редовната настава, во училиштето, се организираат слободни ученички активности во кои учениците ги покажуваат своите способности кон одредена област, на натпревари, наградни литературни, математички, еко и ликовни конкурси, квизови.<br>Исто така, заради проширување на знаењата на учениците, училиштето планира и екскурзии (еднодневни, дводневни и тридневни, како и настава во природа) и посети на: библиотеки, образовни емисии, музеи, театри, работилници, кина, фабрики, спомен-куќи, фестивали, литературни читања, саеми, ботанички градини, општина, учество на ликовни и литературни конкурси, на еколошки, спортски, сообраќајни, конкурси, на натпревари по математика, македонски јазик, англиски јазик, географија, ППЗ натпревари, хорски и оркестарски смотри, иако поради пандемијата според протоколите дури оваа учебна година 2021-2022 се започна со натпревари, посета на музеи, телевизија.<br>Одделенските раководители редовно го следат успехот, дисциплината, редовноста и напредувањата на учениците и редовно ги информираат родителите на учениците и соработуваат со нив преку родителски средби кои се одвиваа онлајн и индивидуални средби со физичко присуство според протоколите за Ковид 19.<br>Успехот на учениците континуирано се следи во текот на учебната година преку разни форми на формативно и сумативно оценување, при што се води сметка да се добие целосна слика за секој ученик.<br>Успехот се следи и преку домашно учење за ученици кои поради болест отсуствуваат од наставата, а исто така редовно се следи и успехот на учениците кои поради здравствени причини, оваа учебна 2021-22, наставата ја следат онлајн, со помош на Microsoft Tims и се користат апликациите преку кои се следи во континуитет напредокот на учениците и нивниот успех. |

| |
|---|
| Во училиштето постои одлична соработка  на наставниот кадар со директорот и со стручната служба и таа соработка овозможува континуирано следење на постигнувањата на учениците. Од страна на психологот се врши советување на оние ученици за кои одделенските раководители ќе укажат дека има потреба заради подобрување на успехот, редовноста и дисциплината. Во исто време се реализира и советување и едукација на нивните родители.<br>Грижата за напредокот на секој ученик, развивањето на неговите потенцијали и неговата подготвеност  за учење и животно функционирање се приоритети на нашето училиште. За таа цел наставниците и стручните соработници особено внимание посветуваат на ранливите категории на ученици, но и на оние ученици кои покажуваат особена надареност и таленти од различни области. Во училиштето особено внимание се посветува на активностите за јакнење на инклузивната култура, политика и практика. |
| **Идни активности:**<br>Усовршување на системот на наградување и пофалување на учениците преку доделување награди, дипломи и пофалници. |

# СЕУ

## Подрачје 3: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје,2020-2022**

**Подрачје 3: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И РАКОВОДЕН КАДАР**

| Оддели во рамките на подрачјето: |
|---|
| **3.1 Обезбедување на  потребниот наставен кадар**<br>**3.2 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје**

**Подрачје 3: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДЕН КАДАР**

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по оддели** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма на училиштето,<br>Досиеја на вработените<br>Годишна програма<br><br>Правилник за систематизација<br>Програма за работа на стручна служба | **3.1 Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br><br>***3.1.1.Број на вработени и соодветност на наставниот кадар*** | Во училиштето има вкупно 75 вработени:<br>Директор ...................................................................... 1 женско<br>Педагог ......................................................................... 1 женско<br>Психолог ....................................................................... 1 женско<br>Спец.едукатор и рехабилитатор................................... 1 женско<br>Наставници во одделенска настава.............................27 женски<br>Наставници во предметна настава ......................... 32 (24 женски и 8 машки и 2 наставника што дополнуваат 1машко и 1 женско)<br>Секретар-благајник ....................................................1 женско<br>Хигиеничарки ............................................................ 9 женски<br>Одржувачи на објектите ...........................................2 машки<br>Состојбата според работното искуство е следна:<br>од 0 до 10 години работен стаж ........... 22 вработени<br>од 11 до 20 години работен стаж ........ 15 вработени<br>од 21 до 30 години работен стаж ......... 30 вработени<br>над 31 година работен стаж ................. 8 вработени<br>Состојбата според квалификациите е следна:<br>ВСС ......... 56 вкупно<br>ВШС ........3 вкупно<br>ССС ...........7 вкупно<br>КВ .............0 вкупно<br>НСС ...........4 вкупно<br>Магистри......5 вкупно |

| | | |
|---|---|---|
| | ***3.1.2.Ефикасност и распоредување на кадарот*** | Според националната припадност, состојбата е следна:<br>Македонци ............ 74 (64 женски и 10 машки)<br>Власи......................... 1 (женски)<br><br>Наставниот кадар во училиштето е со соодветни квалификации и стручност.<br>Во текот на учебната 2021/22 година наставата во училиштето беше изведувана од 61 наставник, 27 одделенски наставници и 32 предметни наставници, од кои 2 наставници по предметите: француски јазик, географија дополнуваат часови во нашето училиште, а три наставници дополнуваат часови во друго училиште: по техничко образование во ООУ „Кирил Пејчиновиќ“, природни науки во ООУ„Кузман Јосифовски Питу” и македонски јазик во ООУ„Кирил Пејчиновиќ” и ООУ„Невена Ѓорѓиева Дуња“.<br><br>Наставниот кадар редовно ги извршува сите обврски и задачи согласно Годишната програма. Секој наставник по соодветниот предмет покрај изведување настава, извршува и други задолженија како на пример сопствено стручно усовршување, изведување на интерни обуки (обучувачи), учество во различни комисии, изведување посебни активности, учество во работата на стручните активи.<br>Целиот персонал (машки и женски) во училиштето е редовно присутен. Евиденцијата ја води директорот на училиштето. Во случај на оправдано отсуство на наставници, дежурните наставници согласно заеднички договор на Наставнички совет изготвуваат распоред за надополнување на часовите. При подолго отсуство се поднесува барање за замена. |
| | ***3.1.3.Стручна служба како подршка на наставниот кадар*** | Во нашето училиште стручната служба е во следниот состав: психолог, педагог и спец.едукатор и рехабилитатор.<br>Нивната поддршка на наставниците се одвива преку:<br>-Помош во планирањето и реализацијата на наставата (увиди во планирањата, во реализацијата на наставата и во водењето на педагошката евиденција и документација и консултации во врска со нив, помош во спроведување на иновации во наставата и изготвуавање на ИОП);<br>-Помош во работата на наставникот со учениците (упатување на начините на работа со учениците кои се соочуваат со потешкотии од различен карактер, |

| | | |
|---|---|---|
| | | работа со ученици со посебни потреби и работата со паралелката);<br>-Помош во следењето на напредокот на учениците (форми и методи на формативно и сумативно оценување).<br>-Помош на наставниците за работа со родителите<br>-Активности поврзани со професионалниот развој на наставниците во рамките на Тимот за професионален развој ( идентификување на потребите за професионален развој на наставниците; изготвување програма за професионален развој; изготвување на извештаи за професионален развој на наставниците; насоки за професионален развој на наставниците низ интерни обуки)<br>-Стручни теми за Наставнички совет и стручни активи;<br>-Водење на професионални досиеја на наставници и педагошки картони;<br>-Помош на приправници.<br>Според анкетата соработката помеѓу стручната служба и наставниците е оценета во 76% како одлична и 24% како добра. |
| Полугодишни и годишни извештаи, Програма за професионален развој на наставниот кадар, Анкета | **3.2 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br><br>***3.2.1.Професионален развој на наставниците*** | Професионалниот развој на наставниците претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставничките компетенции за да се создаде квалитетен воспитно-образовен процес, а со самото тоа од тој процес да произлезат генерации на ученици кои во понатамошниот живот и работење ќе бележат високо квалитетни постигнувања. Преку професионалниот развој на наставниците се овозможува еден континуиран процес на наставникот за стекнување, проширување и продлабочување на неговите знаења како и стекнување вештини и способности за професионално извршување на работните задачи поврзани со наставните и воннаставните активности со учениците.<br>Училиштето има формирано Тим за професионален развој кој го организира и се грижи за спроведување на процесот на професионален развој на сите наставници и стручни соработници, особено воведувањето  на наставниците приправници и почетници во работните процеси.<br>На почетокот на секоја учебна година Тимот за професионален развој, врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците и стручните соработници, врши идентификација на потребите за професионален развој.<br>Врз основа на ваквата идентификација се изработува  Програма за професионален |

развој на воспитно-образовниот кадар и акциски план за реализација на активностите. Секој наставник и стручен соработник води досие за професионален развој и за секоја учебна година подготвува личен план за професионален развој, кој е базиран на основните професионални компетенции на наставниците и стручните соработници.

**Стручното усовршување на воспитно-образовниот кадар** опфаќа посети на семинари, индивидуално стручно усовршување и работа на стручните активи.
За истакнување е тоа дека наши наставници и стручни соработници реализираат активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи и учесници во работни групи за изготвување на законски и концепциски документи на национално ниво.

**Учебна 2020/2021 година**

**1. Во текот на оваа учебна година беа посетени 138 онлајн обуки, семинари и вебинари од страна на наставниците од предметна и одделенска настава. Истите може да се погледнат во Извештаите за прифесионален развој на наставниците.**

**2. Активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи**

| Семинар-обука | Кога, каде и организатор | Учесници |
|---|---|---|
| Дисеминација за Национална платформа за учење од далечина | Онлајн дисеминација за наставници од ООУ „Круме Кепески“ 21.-23. 09. 2020г. | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска, Наташа Јаковческа, Митка Панарин - обучувачи |
| Дисеминација за Управување на ONLINE наставата во MS Teams | Онлајн дисеминација за наставници од ООУ „Круме Кепески“, 30. 11. 2020г. | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска, Наташа Јаковческа, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Митка Панарин-обучувачи |
| | | Standing Strong, part 1- меѓународна онлајн конференција | 31.10.2020- ЕЛТАМ МК | Нарциса Блажевска – учесник и модератор |
| | | Standing Strong, part 2- меѓународна онлајн конференција | 2.11.2020- ЕЛТАМ МК | Нарциса Блажевска – учесник и модератор |
| | | „Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците“ | Вебинар ЕДУИНО, 28. 10. 2020г | Андријана Тасевска- креатор и реализатор |
| | | Обука на образовни асистенти – 5 групи | Декември 2020, јануари 2021, МОН, УНДП, УНИЦЕФ | Андријана Тасевска - обучувач |
| | | Обука на лични асистенти | Декември 2020, МОН, УНДП, УНИЦЕФ | Андријана Тасевска - обучувач |
| | | Ревидиран Водич за Училишни инклузивни тимови | Октомври, 2020, БРО, МОН, УНИЦЕФ | Андријана Тасевска - коавтор |
| | | Упатство за реализација на вонnаставни активности од далечина | Декември 2020, БРО, МОН, МЦГО | Андријана Тасевска - надворешен соработник за давање повратна информација |
| | | Упатство за методика на настава на далечина | Декември 2020, БРО, МОН, МЦГО | Андријана Тасевска - надворешен соработник за давање повратна информација |
| | | Фокус група за искуствата и предизвиците со реализацијата и | 21.8.2020 организирана од РЕАКТОР, МОН, БРО, УНИЦЕФ - видео – конференциски повик на | Наташа Нумановиќ- учесник |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | организирањето на наставата и учењето на далечина во учебната 2019/2020 година | ZOOM | |
| | | Фокус група за предизвиците за организирање и реализација на наставата оваа учебна година 2020/21 | 24.12.2020 организирана од РЕАКТОР, МОН, БРО, УНИЦЕФ – видео – конференциски повик на ZOOM | Наташа Нумановиќ-учесник |
| | | Учество во организација на општинскиот натпревар по англиски јазик за основни училишта | 20.3.2021 год. | Марија Д.Ристевска |
| | | Учество во организација на регионалниот натпревар по англиски јазик за основни училишта | 17.4.2021 год. | Марија Д.Ристевска |
| | | Надворешен соработник за изработка на новите наставни програми од прво, второ, трето, четврто и петто одд по Природни науки 2021/22 | БРО | Горица Стојанова |
| | | Обука за обучувачи за реализација на наставата во четврто одделение 2021/22 | 9.06-12.06. 2021 БРО | Горица Стојанова |
| | | Обучувач на наставници за реализација на наставата во четврто | 14.06-8.07.2021 БРО | Горица Стојанова |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | одделение 2021/22 | | |
| | | Национален координатор за натпревари по англиски ј.за основни училишта – организатор и одговорен за организација и реализација на сите три нивоа натпревари по англиски јазик ( општинско, регионално и државно) | | Нарциса Блажевска |
| | | Обука на директори на средни училишта во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура“ ЕРАЗМУС+ програма за обука за директорите на основните и средните училишта во Хрватска и Северна Македонија HEAD – изработка на програма, модули и реализација на обуката | Мај-септември 2021, МЦГО | Андријана Тасевска |

**Учебна 2021/2022 година**

**1. Во текот на оваа учебна година беа посетени 97 онлајн обуки, семинари и вебинари од страна на наставниците од предметна и одделенска настава. Истите може да се погледнат во Извештаите за прифесионален развој на наставниците.**

**2. Активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи**

| Семинар-обука | Кога, каде и организатор | Учесници |
|---|---|---|
| Дисеминација: „Предавање на контроверзни теми во училница“ | 20.8.2021,ООУ „Круме Кепески“ | Нарциса Блажевска |
| Обука на директори на средни училишта во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура“- ЕРАЗМУС+ програма за обука за директорите на основните и средните училишта во Хрватска и Северна Македонија HEAD – изработка на програма, модули и реализација на обуката . | мај-октомври 2021, МЦГО | Андријана Тасевска |
| Подготовка на материјали за две работилници на тема „Употреба на инклузивен јазик“ (подготовка за часови, односно работилници, презентации, работни листови и квизови за учениците од четврто до шесто одделение и за за учениците од седмо до деветто одделение) | Ноември 2021, МОН, БРО, УНИЦЕФ | Андријана Тасевска |
| Учество во изготвување на Стандарди за инклузивно училиште – работна група формирана од МОН | Април – декември 2021 „Песталоци“, „Отворете ги прозоците“, | Андријана Тасевска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | МОН, БРО | |
| | | | Снимање промоциско видео заедно со 4 деца од 9-1 одд, како дел од учество во проектот: „Наставници за едукација, демократија и права- Предавање на контроверзни теми во училница во организација на LEAD“ | Октомври – ноември | Нарциса Блажевска |
| | | | Учество во работна група за изготвување на методологија за проценка на демократската клима во основните училишта- МЦГО, БРО | Мај, јуни 2022 | Андријана Тасевска |
| | | | Презентирање на програмата за обука на директори на основни и средни училишта во рамките на проектот „ HEAD Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура“ - ЕРАЗМУС+ , МЦГО, „Чекор по чекор“ | Мај 2022 | Андријана Тасевска |
| | | | Фасцилитирање на работилница за градење политики за зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата како лидери на инклузивното образование – МЦГО, „Чекор по чекор“ | Мај 2022 | Андријана Тасевска |
| | | | Национален координатор за натпревари по англиски јазик за основно образование ЕЛТАММК и член на УО на ЕЛТАММК | | Нарциса Блажевска |
| | | | Учество во организирањето на општинскиот натпревар по англиски јазик | 19.03.2022 | Наташа Јаковческа, Марија Д.Ристевска, Билјана Дивјакоска, Гордана Арсовска |
| | | | Учество во организирањето на регионалниот натпревар по англиски јазик | 7.05.2022 | Марија Д.Ристевска, Билјана Дивјакоска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | , Гордана Арсовска |
| | | Учество во организирањето на државниот натпревар по англиски јазик | 28.05.2022 | Билјана Дивјакоска ,Гордана Арсовска |
| | | Објавен текст во Нова Македонија на тема: „Круме Кепески во детските стихови“ | 19.4.2022 | Татјана Пеливанова |
| | | Член на комисија за избор на ученички трудови по распишан оглас по повод 119 годишнината од смртта на Гоце Делчев | СЗПР на Македонија | Весна Настовска |
| | | Член на комисија за избор на ученички трудови по распишан оглас по повод 24 Мај – Ден на сесловенските просветители Кирил и Методиј | СЗПР на Македонија | Весна Настовска |
| | | Учество во настани со Здружението на просветните работници на град Скопје (потпишување на меморандуми за соработка со општини во Скопје, волонтерски центри, синдикални организации), настан во Општина Центар „Пролет, поезија, екологија“ на 20.3.2022, одбележување на Денот на Европа во Домот на културата Билјана Беличанец во Кисела Вода, едукативна работилница „На час по мир“ на 25.3.2022, хуманитарни акции во училишта | Здружение на просветните работници на град Скопје | Весна Настовска |
| | | Учество на отворен повик за едукативни активности на ЕДУИНО- РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ за изработка на активности и игри. Изработени, пријавени и објавени се 11 едукативни активности- **наставничката е прогласена за ЕДУИНО амбасадор** | ЕДУИНО- РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ | Гордана Икономовска |
| | | Учество на конкурс за наставници за изработка на мултимедијален ИКТ проект инспириран од творештвото на Видое Подгорец, на тема „Убави зборови -**освоена прва награда** | Литературна манифестација „Средби под јаворите - Видое | Билјана Јовчева, Гордана Икономовска |

| | | |
|---|---|---|
| | Подгорец“ 2022 | |

Тимот за професионален развој,исто така го иницира и поддржува функционирањето и на **стручните активи.**

**Работата на Стручните активи** се одвива според претходно изготвена програма за секој актив.

**Учебна 2020/2021 година**

**Стручниот актив за одделенска настава ги разработи следните теми:**

1. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата.
2. Разгледување на предадени планови за личен професионален развој – Андријана Тасевска, Билјана Тодоровска
3. Подготовка на видео лекција на платформата ЕДУИНО – Марина Крстевска Ангелова
4. Презентација на е-книга во Story jumper – Билјана Јовчева
5. Презентација на е-книга во Book creator - Гордана Икономовска
6. Отворен час во V-2 одд. на 14.5.2021 год. на тема „Изработка на разгледница од одмор”-Марија Д.Ристевска

**Стручниот актив на група предмети од општествените науки ги разработи следните теми:**

1. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата.
2. Разгледување на предадени планови за личен професионален развој – Андријана Тасевска, Касиопеа Наумоска
3. Нагледен час – интегрирана настава – македонски јазик и музичко образование „Балада “ – реализатори: Татјана Пеливанова и Гордана Арсовска.
4. Нагледен час – интегрирана настава – македонски јазик и англиски јазик „Опишување “ – реализатори: Билјана Дивјакоска и Марија Дамчевска Ристевска.
5. Нагледен час – интегрирана настава – историја и ликовно образование „Римско царство и уметност “ – реализатори: Слободан Трајковски и Касиопеа Наумоска.
6. Нагледен час – интегрирана настава – француски јазик и англиски јазик „Демократијата во медиумите “ – реализатори: Билјана Ѓоргоска и Лариса Станкова.

| | | |
|---|---|---|
| | | 7. Нагледен час – интегрирана настава – информатика, македонски јазик и ликовно образование „Обработка на лектирата Робинзон Крусо “ – реализатори: Билјана Дивјакоска, Валентина Стаматовска, Наташа Јаковческа и Касиопеа Наумоска<br>**Стручниот актив на група предмети од природните науки ги разработи следните теми:**<br>1. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата- разгледувани скратените наставни програми за новата учебна година од природна група на предмети.<br>2. Разгледување на предадени планови за личен професионален развој – Андријана Тасевска, Славица Велкова Тимова.<br>3. Нагледен час „Препознавање и класифицирање на различни многуаголници“ – реализатор: Наташа Јаковческа.<br>4. Нагледен час „Втор Њутнов закон за движење – настава од далечина“ – реализатор: Борче Димитриевски.<br>5. Договор за активности од ПМИО кои би се одржале како online средби, предлози и размена на искуства од online настава.<br>6. Нагледен час „Плоштини- настава од далечина“ – реализатор: Митка Панарин.<br>7. Нагледен час „ Добивање соли од карбонати, со презентации и видеа од youtube– настава од далечина “ – реализатор: Славица Велкова Тимова.<br>Во организација на Општина „Кисела Вода“, а според претходно објавен конкурс за избор на најдобри наставници и стручни соработници за учебната 2020/2021 година, од ООУ „Круме Кепески“ беа прогласени Билјана Тодоровска за најдобар наставник и Андријана Тасевска за најдобар стручен соработник.<br>Во рамките на кариерниот развој на наставниците Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик се стекна со звање наставник ментор.<br><br>**Учебна 2021/2022 година**<br>**Стручниот актив за одделенска настава ги разработи следните теми:**<br>1. Планирање и реализација на наставната програма за прво и четврто одделение – Горица Стојановска.<br>2. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата.<br>3. Улогата на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование – Лидија Петровска.<br>4. Информирање по однос на разгледаните планови за личен професионален развој од страна на Тимот за професионален развој и |

| | | |
|---|---|---|
| | | изготвената анализа за потребите на професионалниот развој – Андријана Тасевска, Билјана Тодоровска<br>5. Постапување на училиштето во случај на насилство – интерна обука – психолог Андријана Тасевска<br>6. Дискалкулија – Потешкотии со математика – презентер Петранка Ристевска<br>7. Побрзо и полесно учење – презентер Антонела Анѓеловска<br>8. Обработка на текст со примена на техники во IV одделние – презентер Светлана Смилковска<br>**Стручниот актив на група предмети од општествените науки ги разработи следните теми:**<br>1. Дисеминација на тема: „Предавање на контроверзни теми во училница“ - Нарциса Блажевска<br>2. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на планирањата.<br>2. Разгледување на предадени планови за личен професионален развој – Андријана Тасевска, Билјана Ѓоргоска.<br>3. Улогата на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование – Лидија Петровска.<br>4. Нагледен час – интегрирана настава – македонски јазик и музичко образование “Рефрен “ – реализатори: Татјана Пеливанова и Гордана Арсовска.<br>5. Отворен час по предметот ангилиски јазик на тема: „Вовед на контроверзни теми во училницата“ -Нарциса Блажевска.<br>6. Отворен час по предметот историја со шесто одделение на тема „Македонската држава во времето на Филип II” - Слободан Трајковски<br>7. Интегриран час по предметите француски и англиски јазик во осмо одделение на тема „Француската наспроти Британската кујна” - Билјана Ѓоргоска и Лариса Станкова<br>8. Отворен час по ликовно образование на тема „Различни, а блиски” во шесто, седмо и осмо одделение – Касиопеја Наумоска<br>9. Интегриран час во шесто одделение по предметите македонски и англиски јазик на тема „Комуникациски дијалог (Учтив разговор)” - Билјана С. Дивјакоска и Марија Дамчевска Ристевска<br>10. Отворен час по физичко образование на тема „Систематизација на училишниот спорт” - Игор Зафировски<br>**Стручниот актив на група предмети од природните науки ги разработи следните теми:**<br>1. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна |

| | | |
|---|---|---|
| | | година и прилагодување на планирањата- разгледувани скратените наставни програми за новата учебна година од природна група на предмети.<br>2. Разгледување на предадени планови за личен професионален развој – Андријана Тасевска, Митка Панарин.<br>3. Улогата на образовните асистенти како поддршка на инклузивното образование – Лидија Петровска.<br>4. Нагледен час „Примена на алгебарски операции при решавање задачи со плоштини-Икт“-реализатор:Митка Панарин.<br>5. Нагледен час „Намалување на топлинска загуба“-реализатор:Борче Димитриевски.<br>6. Нагледен час „Мода, медијана, ранг, аритметичка средина“-реализатор:Марјан Бошев.<br>7. Алатка за онлајн квизови – Наташа Јаковческа<br>8. Работа со стручниот актив – Тим за МИО<br>9. Нагледен час „Истражување на корозија” - Славица Велкова Тимова<br>10. Нагледен час „Адаптација и камуфлажа” - Фросина Ѓоргиевска<br>Во организација на Општина „Кисела Вода“, а според претходно објавен конкурс за избор на најдобри наставници и стручни соработници за учебната 2021/2022 година, од ООУ „Круме Кепески“ беа прогласени Марина Крстевска Ангелова – одделенски наставник и Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик за најдобар наставник.<br>Според анкетата, наставниците сметаат дека иако во училиштето постои систем за дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки и истиот успешно функционира, а работата на стручните активи мотивира за понатамошно усовршување, сеуште има потреба од што повеќе дополнителни стручни усовршувања. 68% од наставниците сметаат дека се известени за обуки кои се соодветни за нив, додека 28% понекогаш се известени, а само 4% сметаат дека се ретко известувани.<br>Во однос на стручното усовршување во полето на инклузијата 76% од наставниците одговориле дека стручно се усовршуваат, 22% понекогаш и 2% никогаш.<br>Во изминатите две учебни години поради пандемијата од Ковид 19 најголемиот број на обуки се реализираа од далечина, што влијаеше на квалитетот на самите обуки. Од интервјуата со членовите на Тимот за професионален развој произлезе потребата од реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници. |

## Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје

## Подрачје 3: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДЕН КАДАР

| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество- вклучени во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета за наставници | Тим од подрачје 3 | Како и до сега, во рамките на тимот за Професионален развој, следењето и идентификацијата на развојните потреби на наставниот кадар се прави со анкета, со цел добивање повеќе податоци за потребите на наставниот кадар за подобрување на условите и потребите за нивниот стручен развој.<br><br>Анкетата е спроведена на 50 наставници од различна возраст.<br><br>На прашањето **Имате ли потреба од дополнителни стручни усовршувања?,** 76% одговориле дека имаат потреба, а 24% одговориле дека немаат потреба**.**<br><br>На прашањето **Во училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки за наставниците и истиот успешно функционира?,** 94% одговориле дека има и истиот успешно функционира, а 6% одговориле дека има, но не функционира успешно.<br><br>На прашањето **Во училиштето постои тимска работа меѓу наставниците,** 82% одговориле со потврден одговор, а 18% одговориле понекогаш.<br><br>На прашањето **Функционирањето на стручните активи мотивира за понатамошно усовршување,** 76% одговориле со потврден одговор, 22 % понекогаш, а 2% одговориле со не.<br><br>На прашањето **Како ја оценувате професионалната соработка меѓу стручната служба и наставниците?,** 76% одговориле со одлична, 24% со добра.<br><br>На прашањето **Наставниците се известени за обуки кои се соодветни за нив и секој кој е заинтересиран може да се пријави за истите,** 68% одговориле дека секогаш се известени, 28% понекогаш, а 4% ретко. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето **На новите вработени им се помага да се прилагодат на училишната средина,** 94% одговориле со потврден одговор, а 6% со понекогаш.<br><br>На прашањето **Дали наставниците стручно се усовршуваат во полето на инклузија?,** 76% одговориле дека стручно се усовршуваат во полето на инклузија, 22% понекогаш и 2% одговориле со негативен одговор.<br><br>На прашањето **Што би сакале да се подобри во училиштето во поглед на вашиот професионален и стручен развој?**, наставниците ги дадоа следните одговори :<br>- Повеќе обуки и семинари<br>- Повеќе нагледни средства и дидактички материјали<br>- Поголема соработка помеѓу предметните и одделенските наставници<br>- Добивање шанса за менторирање на наставници-приправници |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје**

**Подрачје 3: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДЕН КАДАР**

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Наставниот кадар има целосна поддршка за едукација од Тимот за професионален развој и од страна на директорот
- Со години наназад, во училиштето Тимот за професионален развој на наставниците и стручните соработници работи на:
  - идентификација на потребите за професионален развој,
  - планирање на професионалниот развој (Училишна програма за професионален развој)
  - изготвување на акциони планови за професионален развој
  - изготвување на лични планови за професионален развој
  - задоволување на потребите за професионален развој (обуки, семинари, стручна поддршка, литература) и
  - следење на професионалниот развој (досиеа за професионален развој, извештаи, анкети).
- Стручното усовршување на воспитно - образовниот кадар опфаќа посети на семинари, индивидуално стручно усовршување, дисеминации, интерни обуки и работа на стручните активи, но последните две години поради пандемијата, стручното усовршување повеќе се одвиваше онлајн.
- Наши наставници и стручни соработници учествуваа во активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи и членови во работни групи за изготвување на програмски, законски и концепциски документи на национално ниво.
- Во учебната 2020/21 година во рамките на кариерниот развој на наставниците, Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик, се стекна со звање наставник- ментор.
- Во училиштето се дава поддршка на наставниците – приправници, како и на секој наставник кој преминал од друго училиште во нашето.
- Дисеминацијата во училиштето редовно се изведува од страна на колегите кои посетувале одредени обуки.
- Од резултатите на спроведената анкета, наставниот кадар има желба за дополнително стручно усовршување, постојано е мотивиран од страна на стручните активи, ја унапредуваат тимската работа помеѓу наставниците, редовно се спроведува дисеминација од посетени обуки.
- Соработката на наставниците и стручните соработници во училиштето е на високо ниво. Наставниците редовно добиваат квалитетна поддршка за сите аспекти на воспитно-образовната работа.
- Во организација на Општина Кисела Вода, а според претходно објавен конкурс за избор на најдобри наставници и стручни соработници во учебната 2020/2021 година, за најдобар наставник беше прогласена Билјана Тодоровска – одделенски

| |
|---|
| наставник, а за најдобар стручен соработник беше прогласена Андријана Тасевска – психолог, а за учебната 2021/2022 година Марина Крстевска Ангелова – одделенски наставник и Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик беа прогласени за најдобар наставник. |
| **Слаби страни**<br>• Недоволно обуки во период на пандемија  кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки. |

**Самоевалуација на училиштата: ООУ „Круме Кепески„ Скопје**

**Подрачје 3: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДЕН КАДАР**

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Училиштето располага со потребниот наставен кадар, стручна служба , како и административно-технички кадар. Воспитно-образовниот кадар е со соодветно образование, односно е во согласност со нормативите. Наставниците и стручните соработници ефективно придонесуваат за работата во училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи.<br>Во училиштето е формиран Тим за професионален развој. Системот за професионален развој на наставниците и стручните соработници опфаќа: идентификација на потребите за професионален развој, планирање на професионалниот развој (Училишна програма за професинален развој, акциони планови, лични планови за професионален развој), задоволување на потребите за професионален развој (обуки, семинари, стручна поддршка, литература) и следење на професионалниот развој (досиеа за професионален развој, извештаи, анкети).<br>Тимот за професионален развој врз основа на Програма за професионален развој на воспитно-образовниот кадар активно работи и соработува со сите наставници.<br>Според акционите планови за секоја учебна година кадарот учествува на обуки организирани од БРО и МОН, но уште позначајно е што голем дел од стручното усовршување се одвива во училиштето преку работата на стручните активи, интерни обуки, дисеминации, консултации и други форми на усовршување, но поради пандемијата, последните две години повеќето обуки се одвиваа онлајн.<br>За сите нововработени наставници – приправници се одредува ментор кој ја следи и потпомага нивната работа за стекнување на нови знаења, вештини и умеења.<br>Директорот и стручната служба преку следење на планирањата, дневните подготовки, посета на часови и консултации по извршените увиди, ја следи работата на наставниците и дава повратни информации насочени кон подобрување на квалитетот на наставата.<br>Стручната служба во училиштето дава поддршка на наставниците во многу аспекти од воспитно-образовната работа и е секогаш достапна за консултации и помош.<br>Интересот и потребата за професионален развој кај наставниците е на високо ниво. Тие учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието и МОН, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организации. За одбележување е тоа што наши наставници и стручни соработници  учествуваа во активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи и членови во работни групи за изготвување на програмски, законски и концепциски документи на национално ниво. |
| **Идни активности:** Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници. |

# СЕУ

## Подрачје 4: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје, 2020-2022**

**Подрачје 4: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

| **Оддели во рамките на подрачјето:** |
|---|
| **4.1.Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 .Цели и креирање на училишната политика**<br>**4.3.Развојно планирање**<br>**4.4.Сместување и просторни капацитети**<br>**4.5.Наставни средства и помагала**<br>**4.6.Финансиско работење на училиштето** |

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по оддели** | **Информации кои се собрани** |
| • Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Статут на училиштето,<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Формулар | **4.1. Управување и раководење со училиштето**<br><br>4.1.1.Управување со училиштето; | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е составен од 7 члена: тројца претставници од наставниците, тојца претставници од родителите и еден претставник од основачот.Претседател на училишниот одбор е претставник од Советот на родители. На седниците на училишниот одбор, се поканувааат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. Ова е утврдено и преку Анкетите за учениците каде е констатирано дека Ученичкиот парламент учествува во донесување на одлуки во училиштето. Училишниот одбор работи според изготвена Програма за работа, а одржува состаноци и по потреба со претходно известување и усогласување на времето. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат согласно со Статутот на училиштето и деловниците за работа. Членовите на одборот одговорно пристапуваат во работата и редовно се присутни со што се обезбедува кворум. |
| | 4.1.2.Раководење со училиштето | Со училиштето раководи директор. Раководството на училиштето има отворена соработка со Наставничкиот и Одделенскиот совет, Советот на родители, МОН, Бирото за развој на образование, локалната средина и сите институции поврзани со работата на училиштето.<br>Во составот на училиштето има подрачно училиште. Претставник од подрачното училиште учествува во раководната структура на училиштето со еден член во Училишниот Одбор. Еден одделенски наставник е претседател на синдикатот. Стручните активи во училиштето имаат одговорен наставник кој ги свикува состаноците и ја организира работата на активите. Членовите на родителските одбори на паралелките земаат активно учество во работата на училиштето преку Советот на родители кој што брои 35 члена. |

| | | |
|---|---|---|
| • Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор<br>• Самоевалуација и План за развој на училиштето<br>• Акциони планови за постигнување на поставените цели<br>• План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови<br>• Чек-листа, интервју со директор, стручна служба, Училишен одбор | **4.2 . Цели и креирање на училишната политика**<br><br>4.2.1.Јасност и соодветност на целите<br><br>4.2.2. Процедури за креирање на училишна политика; | Целите и креирањето на училишната политика се разгледуваат и поставуваат со предлози на наставнички совет, врз основа на слабите и јаките страни изведени од самоевалуацијата и врз основа на стратешките и развојните цели планирани со Развојната програма на училиштето за период од 4 учебни години. Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани според законските прописи.<br><br>Училишната политика се креира врз основа на самоевалуацијата на училиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојната програма на училиштето и Годишната програма на училиштето, како и во соодветните процедури, постапки и правилници. Податоците за самоевалуацијата се добиваат врз основа на документи на училиштето, извештаи од одредени активности, интервјуа анкети од родители, наставници, стручни соработници и ученици. Врз основа на добиените податоци се согледуваат развојните потреби на училиштето. Се врши извлекување на оние приоритети кои се клучни и за кои има можност за реализација и истите се основа за поставување на целите во Развојната програма на училиштето, а практично се реализираат врз основа на Акциони планови за секоја учебна година. Сите информации, извештаи што важат за централното училиште се применуваат и во подрачното училиште, со што се опфаќаат неопходните потреби на подрачното училиште. Консултации се вршат преку електронска комуникација, преку состаноци, соопштенија, извештаи, во соработка со раководниот тим на училиштето. Потребите на подрачното училиште се опфатени во годишното планирање, но истите се реализираат според моменталните можности на училиштето.<br><br>Процедури, постапки и правилници кои што се применуваат во училиштето, а врз основа на кои се креира училишната политика се:<br>* Постапка за оценување на знаењата на учениците;<br>* Постапка за избор на изборни предмети;<br>* Постапка за безбедност и превенција од насилство помеѓу учениците;<br>* Постапка за идентификување на ученици со посебни потреби и начин на работа со нив;<br>* Постапка за пополнување на одделенски дневници;<br>* Постапка во случај на повреда на устата и забите; |

| | | |
|---|---|---|
| | | * Постапка за идентификување на ученици со потешкотии во учењето и начин на работа со нив;<br>* Постапка за идентификување на талентирани ученици;<br>* Постапка за водење на педагошка докумантација и евиденција;<br>* Постапка за планирање на наставата;<br>* Постапка за известување на родителите за успехот на учениците;<br>* Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешкотии;<br>* Процедура за начинот на враќање, складирање и доделување на учебници<br>* Процедура за запознавање на родителите со наставните програми.<br>* Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство<br><br>Во текот на изминатите две учебни години во услови на пандемија од Ковид 19 училиштето ги донесе следните протоколи и кодекси на однесување:<br>* Кодекс за настава со физичко присуство на ученици во услови на Ковид криза<br>* Кодекс за учениците кои ќе следат настава од далечина<br>* Кодекс за родителите на учениците кои ќе следат настава од далечина<br>* Кодекс за наставниците за одржување настава од далечина<br>* Кодекс за учениците кои ќе следат настава со физичко присуство<br>* Кодекс за родителите на учениците кои ќе следат со физичко присуство<br>* Кодекс за наставниците за одржување настава со физичко присуство на учениците<br>* Протокол за настава со физичко присуство на ученици со посебни образовни потреби<br>* Протокол за одмори помеѓу часовите за учениците со посебни образовни потреби<br><br>Во текот на мината 2021 година Директорот на училиштето изготви Годишен план за спречување на корупција во ООУ „Круме Кепески“.<br><br>Вработените, родителите и учениците за политиката на училиштето се информираат преку разни видови на соопштенија и состаноци и тоа: наставниците преку Наставничкиот совет, преку работни состаноци останатите вработени во училиштето, учениците на одделенските часови и преку соопштенија, а родителите преку родителски средби, приемни денови, брошури, информатори, преку е-дневник и Совет на родители. Својата политика училиштето ја промовира со настапи на јавни медиуми и делење на информативни материјали, преку web страната и Facebook страната на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето.<br>Според анкетите сите наставници се изјасниле дека биле вклучени во креирањето на училишната политика и најголемиот број од нив во донесувањето на одлуки.<br>Иако учениците сметаат дека преку Ученичкиот парламент се вклучени во донесувањето одлуки, во периодот на пандемија и реализирање на настава од далечина, поради почитувањето на протоколите сметаат дека недоволно биле вклучени во повеќето подрачја на одлучување.<br>Поради пандемијата од Ковид 19 во изминатите две учебни години родителите информациите најчесто ги добиваа преку одделенските раководители, преку родителските состаноци кои се реализираа од далечина и преку електронска комуникација, како што и наведуваат во Анкетните прашања. Почитувањето на протоколите во услови на пандемија и неможноста за честа и директна комуникација со родителите придонесе тие да почувствуваат дека сеуште не се доволно вклучени во донесувањето на некои одлуки. |
| • Програма за работа на директор<br>• Програма за професионален развој на директорот<br>• Записници од Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор<br>• Интерни акти<br>• Пописни листи<br>• Финансиски план на училиштето<br>• Увид во опремата<br>• Увид во инфраструктурата<br>• Апликации на училиштето за обезбедување средства од локалната самоуправа<br>• Интервју со директор, стручна служба, | **4.3. Развојно планирање**<br>4.3.1.Цели на Развојното Планирање | Во Развојното планирање на училиштето за периодот 2018-2022 година се дефинирани 3 стратешки цели, од кои произлегуват развојни и конкретни цели за период од 4 години и истите за секоја учебна година се планираат и реализираат со Годишната програма на училиштето.<br><br>**Првата стратешка цел е *<u>Обновување и збогатување на ресурсите на училиштето</u>*.**<br>**Развојна цел 1.1 Обновување на информатичката технологија-да се сервисираат постоечките компјутери** Реализирано е: набавени се 4 ЛЦД проектори, 1 свич и 3 рутери, купени се 2 смарт табли , 2 лаптопи и 2 проектори (по едно во ЦУ и ПУ); како донација на Општина „Кисела Вода“ добиени се 2 телевизори, 8 преносни компјутери, 5 таблети, 2 смарт табли, 2 проектори и 18 куќишта за статични компјутери; како донација на издавачка куќа „Тримакс“ добиена е 1 смарт табла и 1 проектор; преку склучен договор со А1 од субвенција добиен е 1 смарт телевизор; преку Проектот за унапредување на основното образование на МОН целосно е опремен кабинет за природни науки со мебел, нагледни средства и материјали за работа (лабораториски прибор).<br><br>**Развојна цел 1.2 Доопремување на системот за заштита во кризни** |

| | | |
|---|---|---|
| Училишен одбор, наставници<br>Чек-листа, интервју со директор, стручна служба, Училишен одбор, наставници | | **стуации-Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации. Оваа развојна цел не е реализирана.**<br><br>**Развојна цел 1.3 Збогатување на фондот на библиотеката со лектирни изданија.** Набавени се 155 лектирни изданија од петто до деветто одделение , со што вкупниот број на лектири изнесува 1601.<br><br>**Втората стратешка цел е *<u>Вклучување и учество на поголем број на ученици и родители во активностите на училиштето</u>*.**<br>**Развојна цел 2.1 Постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари –** изготвени се постапка и процедура за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари.<br>**Развојна цел 2.2 Поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки, реализирани** се проекти и обуки на учениците за јакнење на нивните компетенции за демократска партиципација. Најчесто  тоа се врши преку Училишниот Парламент каде учениците ги изнесуваат своите ставови, предлози, мислења во донесувањето на одлуки. На секој состанок на Училишниот Парламент, претставниците од секое одделение ги изнасуваат своите идеи, мислења, ставови, предлози и сл. во донесување на одлуки. Сепак,според анкетата, учениците сметаат дека сеуште не е доволно застапено нивното учество во донесувањето одлуки во училиштето.<br>**Развојна цел 2.3 Планирање стратегии за соработка и вклучување на поголем број родители во разновидни активности на училиштето.** Ова најчесто се врши со организирање на Хуманитарни базари, работилници-родители-ученици, учество на некои родители на одреден час (некои предавања за соодветни занимања или едукации за здравство ако родителот е доктор и сл.). Но за жал ова вклучување на родителите во разновидни активности, беше ограниечено во овие две години поради пандемијата со Ковид 19 и забраната за влегување на родителите во училиште. И покрај соработката со родителите, училиштето беше ограничено за дополнителни активности заради почитување на протоколите од Мнистерство за здравство.<br><br>**Третата стратешка цел е *<u>Промоција на работата на училиштето</u>***<br>**Развојна цел 3.1 Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно образовниот кадар во рамките на училиштето. според заслугите.** Оваа развојна цел сеуште не е реализирана**.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Развојна цел 3.2 Операционализирање и навремено ажурирање на веб страната на училиштето.** Училиштето има своја веб страна и страна на Facebook, на која се постираат активности на воспитно-образовниот кадар со учениците едукативни работилници, освоени награди од страна на наставници и ученици, одржани работилници со различен повод и сл. Оваа веб страна е достапна за сите ученици, наставници, родители и пошироката јавност и успешно функционира, посебно во овој период во време на пандемија од Ковид 19.**Оваа развојна цел е целосно реализирана.** |
| | 4.3.2.Професионален развој / стручно усовршување на кадарот; | Училиштето има изготвено Програма за професионален развој на кадарот и секоја учебна година се изготвуваат акциони планови кои се однесуват на конкретната учебна година, а произлегуваат од Програмата и од согледаните потреби на воспитно-образовниот кадар, кои произлегуваат од анализата на потребите за професионален развој врз основа на личните планови за професионален развој. Согласно Програмата во училиштето работи Тим за професионален развој и се врши идентификација на потребите за професионален развој на кадарот. Директорот активно учествува во креирање и реализација на училишната политика за професионален развој на воспитно-образовниот кадар. Наставниците и стручните соработници се вклучуваат во обуки и програми акредитирани од БРО , а останатите образовни потреби за кои нема акредитирана програма се настојува да се реализира преку индивидуален професионален развој, интерни обуки и десиминација.<br>Наведените активности се организирани од МОН и од Бирото за развој на образованието, УСАИД, МЦГО, УНИЦЕФ и др.<br>Во рамките на кариерниот развој на наставниците во учебната 2020/2021 година еден наставник се стекна со звање наставник ментор.<br>Наставниците - приправници поддршка добиваат од ментор наставник. Работата на наставникот – приправник е следена од директор, стручна служба и наставник-ментор, кој за приправникот изготвува и реализира менторска програма и извештај за реализацијата на истата. Приправникот се оспособува за самостојно водење на образовниот процес преку совладување на соодветната програма за стручен испит спроведен од МОН на предлог на Бирото за развој на образованието.Воспитно-образовниот кадар изготвува лични планови за професионален развој и води Досие за професионален развој. |

| | | |
|---|---|---|
| | 4.3.3.Материјално – технички средства | Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат согласно потребите на самото училиште , и тоа од буџетските финансии, по пат на самофинансирање и по пат на донации. Набавени се 2 смарт табли, 2 лап-топи и два проектори како и тонери за печатење и 1 мултифункционален пачатач за Подрачното училиште во Припор. По пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребна работна облека и обувки за техничкиот персонал. За одржување и сервисирање на техничките средства (компјутерите) во училиштето е задолжен администратор назначен од Министерството за информатика.<br>По пат на донации се добиени 8 лап топи, 3 смарт телевизори, 5 таблети, 18 куќишта за компјутери, 3 смарт табли, 2 проектори. Преку проект на Министерството за образование и наука опремен е целосно кабинетот по природни науки. |
| | 4.3.4.Инфраструктура; | Во учебната 2020/2021г. во однос на инфраструктурата спроведени се следните активности:<br><br>-Извршена е реконструкција на подот во една училница во подрачното училиште во Припор;<br>-извршена е реконструкција на водоводот во централното училиште поради пукната цевка;<br>-поставен е оптички интернет во централното училиште со цел поквалитетно реализирање на наставата од далечина;<br>-извршено е сервисирање на статичните компјутери и наавени се 5 преносни компјутери за раота на наставниците;<br>-набавени се четири принтери;<br><br>Во учебната 2021/2022г. во однос на инфраструктурата спроведени се следните активности во централното училиште:<br>--поправена е фасадата на дел од училиштето;<br>--Сменето е светло во сите училници;<br>--молерисани се наставничка канцеларија и канцеларија на директор;<br>--подот во фискултурната сала е повторно пререден;<br><br>Во подрачното училиште во Припор во однос на инфраструктурата се спроведоа следните активности:<br>- целосно варосано е подрачното училиште;<br>- бојадисани се сите врати во училиштето; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - сменети светла во наставничка канцеларија и во магацин;<br>- поправена е фасадата на училиштето;<br>- бојадисана е дел од оградата во училишниот двор. |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• План за развој на училиштето<br>• Записници од просветна и санитарна инспекција<br>• Распоред на часови<br>• Полугодишен и годишен извештај на училиштето<br>• Записници од стручни активи<br>• Чек-листа<br>Формулар | **4.4.Сместување и просторни капацитети**<br>4.4.1Просторни услови<br><br>4.4.2. Искористеност на просторните капацитети; | Училиштето има две згради (централно и подрачно),во кои има: училници (18+6 ), кабинети (8+0), фискултурнасала (1+0), соблекувални (2+0), простории за наставни средства и помагала (5+1), простории за директор и наставници (3+1), за педагог , психолог и специјален едукатор и рехабилитатор (3+0), канцеларии (2+0), за помошен персонал (1+1), кујна со трпезарија (2+0), ходници (15+1), санитарни јазли (7+3), магацин (2+0), подруми (1+1),работилница за хаус мајстор (1+0). Во дворот на централното училиште се подигнати фудбалски балон и спортска сала,која се користи според можностите.<br>Сите простории се користат и се еднакво достапни и на машки и на женски.<br>Најголем проблем во подрачното училиште претставува немањето на фискултурна сала поради што наставниците наставните содржини ги прилагодуваат на просторните услови, односно ги реализираат во училница, ходник или во училиушниот двор. |
| • Увид во документацијата за набавка на стручна литература и наставни помагала<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• Разговор со библиотекар, домаќин<br>• Формулар<br>• Чек-листа<br>Разговор со библиотекар, домаќин | **4.5.Наставни средства и помагала**<br><br>4.5.1.Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала | Училиштето располага со наставни средства и помагала, за кои сеуште постои потреба од обновување и дополнување.<br><br>**Училиштето располага со наставни помагала по предметите:**<br><br>**Предметна настава:**<br>• *географија***:** 15 карти, 1 глобус**;**<br>• *математика:* комплет триаголници, шестари,пластични 3Д форми,линијари**;**<br>• *информатика:* Два компјутери, LCD Проектор,Принтер**;**<br>• *хемија:* Опремен кабинет**,** хемиски садови(стаклени, пластични, керамички, дрвени сталаци), статив, клема, муфа, модели на атоми, одредени хемиски средства, хамери (изработени од ученици), постер од периоден систем, термометар градуиран до 100 степени целзусови, алкохолни ламби за загревање; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • *<u>англиски:</u>* CD-плеер(вон функција), слики, постери, книги на англиски јазик;<br>• *<u>историја:</u>* историски карти;<br>• *<u>македонски:</u>* Два проектори, хамери (изработени од ученици);<br>• *<u>музичко:</u>* Касетофон, пијано, хармоника, метроном, мандолина, металофонче, музичка енциклопедија;<br>• *<u>француски</u> :* Проектор,Смарт табла,Лап топ хамери, флеш карти;<br>• *<u>биологија:</u>* Лап топ, трајни препарати, испечатени хамери, модели на органи (посебно) од човек и растителни,скелет (некомплетен голем и комплетен мал),слики,микроскоп);<br>• *<u>физика</u>:* сет магнети,мултиметри, амперметар, волтметар, леќи, призма, оптичка шина, отпорници, барометар и хигрометар, електростатска машина,,динамометри<br><br>**Одделенска настава:**<br>• *<u>Македонски јазик</u>*: Библиотека на тркала,Чекор по чекор (4), Сликовници, Детски списанија, едукативна игра, Одделенска Букварка (4),Постери, илустрации со слики;<br>• *<u>Математика:</u>* * Табела стотка со броеви, бројни низи, карти со броеви,картонска кутија која служи за собирање (операции) 3Д-форми, Вага (кујнска)Часовник, постер со броеви до 10, Куќички со десетки, kутии, садови, играчки, жетони и други манипулативи (капачиња, макарони, дрвени стапчиња и сл), Агломери 2, паноа, , линеар 2, 4 триаголника, 3Д форми, шестар, табели стотки (на хамер направени) картички со броеви<br>• *<u>Природни науки</u>*:* мензури, паноа<br>• *<u>Општество;</u>**карта на Р.Македонија, постери,<br>• *<u>Работа со компјутери</u>*: лаптопчиња кои не функционираат<br>• *<u>Музичко образование:</u>**Детски музички инструменти, касетофон, звучници<br>• *<u>Физичко и здравствено образование:</u>* Душеци, хулахопи, јажиња, топки, мали топчиња, обрачи,конуси,<br>• *<u>Техничко образование:</u>* 10 скалпери, 5 ножички, 1 чекан |
| | 4.5.2. Училишна библиотека | Училишната библиотека располага со значајна литература и списанија, и тоа прирачници, лектири, белетристика, друга литература и списанија, се вкупно 8.752 литература и списанија. |

| | | |
|---|---|---|
| | 4.5.3.Потрошен материјал | Од наведеното како лектири се водат 1601, литература за деца 4047, стручна белетристика 511, белетристика 1385 и друга литература 935, односно вкупно има литература 8.479 и списанија 273, севкупно 8.752 единици литература и списанија. Во библиотеката членуваат 737 члена.<br><br>Потребите за наставни средства и материјали се утврдуваат преку усни и писмени барања од наставниците и активите до директорот и тоа во почетокот , но и во текот на учебната година врз основа на постоечки планови одобрени од Министерството за финансии. Ефективната и ефикасната употреба на наставните средства и материјали, училиштето ја следи преку увид во дневните подготовки, посета на часовите од страна на психологот и консултации со стручната служба. Набавениот потрошен материјал делумно ги задоволува потребите на училиштето. Училштето редовно се снабдува со потребниот потрошен материјал |
| • Увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници и одлуки на Училишен одбор<br>• Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди<br>• Интервју со директор, УУчилишен одбор, Совет на родители<br>• Чек-листа<br>Интервју со директор, Училишен одбор | **4.6.Финансиско работење на училиштето**<br><br>4.6.1.Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење<br><br>4.6.2.Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Постојат два вида на постапки со кои се обезбедува почутување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финансии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачка сметка. Директорот има увид во сметките на училиштето, истиот увид го има и општинскиот сметководител и ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и Општината, а другата сметка е самофинансирачка на училиштето. Од буџетската сметка се исплаќаат платите на вработените, сметките за комуналии и слично. По потреба се користи и уште една сметка – Општинска наменска. Со финансиите располага Директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на Општината. За финансиите е одговорен директорот и општинскиот сметководител.<br><br>За училишниот буџет и за трошоците информирани се директорот, општинскиот сметководител, секретар – благајник и Училишниот одбор. Информациите за училишниот буџет им се достапни и на родителите – членови во Училишниот одбор. Информациите околу буџетот се достапни и до вработените доколку се интересираат за тоа. Информациите се достапни за сите останати, а завршната сметка се објавува на веб страницата на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето, но, дел од наставниците, според анкетите, сеуште сметаат дека не се доволни запознаени со распределбата на финансиските средства од училишниот буџет. Планирањето на финансиските средства се остварува преку финансов план за развој на училиштето кое се доставува до Општина Кисела Вода – сектор за финансиски прашања. За распределбата на финансиските средства се запознава Училишниот одбор и наставничкиот совет. Финансиските средства се распределуваат во две училишта и тоа во централното и во подрачното во зависност од потребите. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје Подрачје 4: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество- вклучени во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета za roditeli | Тим од подрачје 4 | Со анкетата беа опфатени 50 родители<br>1.На првото прашање *Дали училиштето успешно ги следи и спроведува промените во воспитно-образовниот систем* од обработените податоци 93,5% од родителите се изјасниле **да,** а за **не** 6,65%<br>2.На второто прашање *Дали сте доволно информирани за промените во воспитно-образовниот систем кои ги спроведува училиштето* од обработените податоци 43,5% родителите се изјасниле со **да,** 50% со **делумно** и само 6,5% со **не**<br>3.На третото прашање *На кој начин би сакале да бидете информирани за промените и одлуките кои ги извршуваат органите на раководење и управување во училиштето* од обработените податоци родителите со 71,7% се изјасниле за **а** *(преку непосредна комуникација, родителски средби и сл)*, а 28,2% за **б** *(преку електронска комуникација, друштвени мрежи и сл.)*<br>4.На четвртото прашање *Дали вие како родител сте вклучени во некои одлуки кои се донесуваат во училиштето* од обработените податоци родителите се изјасниле за **да** 10,87%, 89,1% се изјасниле за **не**.<br>5.На местото за образложете за четвртото прашање некои од родителите се изјасниле дека информациите најчесто ги добиваат од класните раководители. |
| Анкета за наставници | Тим од подрачје 4 | Со анкетата беа опфатени 50 наставници<br>1. На Првото прашање кое гласи – Дали раководниот орган ги вклучува вработените во процесот на креирање на училишна политика со ДА одговориле 100%.<br>2. На Второто прашање кое гласи – Дали сте вклучени во некои одлуки кои се донесуваат во училиштето (со Образложение: на кои начин се вклучени) со ДА одговориле 66% додека со НЕ одговориле 34%. Од оние што одговориле со ДА има различен тип на образложенија: 15 наставници немаат обраложение, со гласање одговориле 8 наставници, стручен актив и наставнички и одделенски совет одговориле 11 наставници, со мислење и коментари 6 наставници или и управен одбор 3 наставници.<br>3. На Третото прашање кое гласи – Дали сте запознаени со распределбата |

| | | |
|---|---|---|
| | | на финансиските средства од училишниот буџет со ДА одговориле 45,45%, а со НЕ одговориле 54,55%.<br>4. На Четвртото прашање кое гласи – Дали сметате дека раководните органи во училиштето треба да ве поттикнуваат на стручно усовршување за областа која ја реализирате со ДА одговориле 86,4%, а со НЕ одговориле 13,6%.<br>5. На Петтото прашање кое гласи – Дали сметате дека раководните органи во училиштето треба да воведат јавна пофалба или критика со цел подобрување на имиџот и угледот на училиштето со ДА одговориле 79,5%, додека со НЕ одговориле 20,5%.<br>6. На Шестото прашање кое гласи – Дали имате достапност до професионално-стручна литература во училишната библиотека со ДА одговориле 84%, а со НЕ одговориле 16%.<br>7<br>7. На Седмото прашање кое гласи – Што сметате дека треба да се подобри во развојот на училиштето (Образложи) има различен тип на одговори, дел дале и повеќе одговори и се следните:<br>а) Немаат образложение 16 наставници<br>б) Подобрување на нагледните материјали и останати материјали за работа одговориле 9 наставници<br>в) Училиштето не добива доволно пари одговориле 5 наставници<br>г) Немање на стручна литература одговориле 3 наставници<br>д) Дека сѐ е добро одговориле 2 наставници<br>ѓ) Немање на промоција на училиштето и мотивација на наставниците за усовршување одговориле 2 наставници<br>е) Стимулација и тимбилдинг одговориле 2 наставници<br>ж) По еден наставник одговориле: нееднакво распоредување на наставниците на семинари и обуки, немање на интерни обуки и нагледни часови, нема доволно електронски уреди, нема натпревари, просторни услови, поголема хигиена и уредување на училиштето |
| Анкета за ученици | Тим од подрачје 4 | Со анкетата беа опфатени 50 ученици<br>1. На Првото прашање кое гласи- Дали сметаш дека училишната библиотека има доволен број на лектирни изданија со ДА одговориле 52% а со НЕ 48%<br>2. На Второто прашање кое гласи- Дали како ученици сте вклучени во донесување на одлуки со ДА одговориле 32% а со НЕ одговориле 68%.<br>3. На Третото прашање Дали учениците од ученичкиот Парламент се вклучени во донесувањето на одлуки во училиштето со ДА одговориле 90% а со НЕ 10%. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. На Четвртото прашање кое гласи – Како би сакале да ги изнесете вашите мислења, забелешки во однос на училиштето со ДА но и со НЕ одговориле по 50%.<br>5. На прашањето 4/1 кое е прашање од отворен тип и гласи – Што најмногу ви се допаѓа во училиштето( Образложи) има различен тип на одговори и тоа се следните<br>А) Наставниците и предавањето се определиле 13 ученици односно 26%, Б) Односот наставници-ученици се определиле 8 ученици -16%, В) Просторни услови, двор, сала и сл. се определиле 5 ученици односно 10%. Г) Дружење се определиле 11 ученици односно 22%<br>Д) Хигиената во училиштето 4 ученици односно 8%. Ѓ) Со неодреден одговор се изјасниле 9 ученици односно 18%.<br>5. Напрашањето 5 кое е прашање од отворен тип и гласи – Што најмалку ти се допаѓа во училиштето ( Образложи) има различен тип на одговори и тоа се следните А) Стари,табли,клупи и опрема во училиштето одговориле 13 ученици односно26%. Б) Лоша хигиена се определиле 12 ученици односно 24%. В) Со невклученоство донесување одлуки 4 ученици или 8%. Г) Посетување на наставата само во Втора смена се изјасниле 7 ученици односно 14%. Д) По однос на неодреден одговор 13 ученици односно 26%. |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Раководството на училиштето има отворена соработка со Наставничкиот и Одделенскиот совет, Советот на родители, Бирото за развој на образование, МОН и Општина Кисела Вода.
- Училиштето има добра локација , солидна инфраструктуира и наставен кадар, голем училишен двор со организиран простор за одржување на спортски настани.
- Подрачното училиште е вклучено во сите процеси и училишни политики и има свој претставник во Училишниот Одбор, а останатите наставници од подрачното училиште поеднакво се застапени во разни комисии и тимови во работата на училиштето.
- Училишната зграда континуирано се реновира согласно финансиските можности, а фондот во училишната библиотека континуирано се обновува.
- Ученичкиот парламент, составен од претставниците од одделенските заедници, успешно функционира и работи. Учениците имаат и свои претставници во Училишниот одбор
- Училиштето успешно ги следи и спроведува промените во воспитно образовниот систем
- Училиштето и наставниот кадар,успешно реализираше настава во вонредни услови за време на пандемија
- На воспитно-образовниот кадар му се овозможува и се поттикнува за континуиран професионален развој.
- Во процесот на креирање на училишна политика на училиштето се вклучени сите субјекти
- Веб страната на училиштето успешно функционира со постојано ажурирање.

**Слаби страни**

- Две развојни цели од досегашната Развојна програма на училиштето не се во целост реализирани: Доопремување на системот за заштита во кризни стуации-Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации и Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно образовниот кадар во рамките на училиштето според заслугите.

**Анализа на резултатите:**

Училиштето е управувано од Училишен одбор кој брои 7 члена. Претседател на училишниот одбор е претставник од Советот на родители. На седниците на училишниот одбор, се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. Училишниот одбор работи според изготвена Програма за работа . Училишниот одбор одржува состаноци со претходно известување и усогласување на времето. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат согласно со Статутот на училиштето и деловниците за работа. Со училиштето раководи директор, кој има отворена соработка со Советот на родители, Бирото за развој на образование и локалната средина.

Целите и креирањето на училишната политика се разгледуваат и поставуваат со предлози на наставнички совет, врз основа на слабите и јаките страни изведени од самоевалуацијата. Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани според законските прописи.Училишната политика се креира врз основа на самоевалуацијата на училиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојна програма на училиштето и Годишната програма на училиштето, како и во соодветните процедури, постапки и правилници. Податоците за самоевалуацијата се добиваат врз основа на документи на училиштето, извештаи од одредени активности, интервјуа и анкети од родители, наставници, стручни соработници и ученици. Врз основа на добиените податоци се согледуваат развојните потреби на училиштето. Се врши извлекување на оние приоритети кои се клучни и за кои има можност за реализација и истите се основа за поставување на целите во Развојната програма на училиштето, а практично се реализираат врз основа на Акциони планови за конкретните цели за секоја учебна година. Сите информации, извештаи што важат за централното училиште се применуваат и во подрачното училиште, со што се опфаќаат неопходните потреби на подрачното училиште.

Во Развојното планирање на училиштето се дефинирани стратешки цели, од кои произлегуват развојни и конкретни цели за период од 4 години и истите за секоја учебна година се планираат и реализираат во Годишната програма на училиштето. Врз основа на оваа самоевалуација училиуштето треба да ја изготви новата развојна програма на училиштето. Во досегашната Развојна програма реализацијата на целите се одвиваше со следната динамика:

Првата стратешка цел-**Обновување и збогатување на ресурсите на училиштето**, опфаќа три развојни цели:

**1.1 Обновување на информатичка технологија.** Во однос на оваа развојна цел досега се набавени: набавени се 4 ЛЦД проектори, 1 свич и 3 рутери, купени се 2 смарт табли , 2 лаптопи и 2 проектори (по едно во ЦУ и ПУ); како донација на Општина „Кисела Вода“ добиени се 2 телевизори, 8 преносни компјутери, 5 таблети, 2 смарт табли, 2 проектори и 18 куќишта за статични компјутери; како донација на издавачка куќа „Тримакс“ добиена е 1 смарт табла и 1 проектор; преку склучен договор со А1 од субвенција добиен е 1 смарт телевизор; преку Проектот за унапредување на основното образование на МОН целосно е опремен кабинет за природни науки со мебел, нагледни средства и материјали за работа (лабораториски прибор).

1.2 Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации- Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост.

1.3 Збогатување на фондот на библиотеката со лектирни изданија. Бројот на лектири е зголемен за 155 лектирни изданија од петто до деветто одделение, со што истиот сега изнесува 1601 лектири.

Во однос на втората стратешка цел **Вклучување и учество на поголем број на учениците и родители во активностите на училиштето**, опфаќа три развојни цели:

2.1 Развивање постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари - изготвени се постапка и процедура

за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари.
2.2 Поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки. Најчесто тоа се врши преку Училишниот Парламент каде учениците ги изнесуваат своите ставови, предлози, мислења во донесувањето на одлуки. На секој состанок на Училишниот Парламент, претставниците од секое одделение ги изнасуваат своите идеи, мислења, ставови, предлози и сл. во донесување на одлуки. Сепак, учениците сметаат дека сеуште не е доволно застапено нивното учество во донесувањето одлуки во училиштето.
2.3 Планирање стратегии за соработка и вклучување на поголем број на родители на разновидни активности на училиштето. Ова најчесто се врши со организирање на Хуманитарни базари, работилници-родители-ученици, учество на некои родители на одреден час (некои предавања за соодветни занимања или едукации за здравство ако родителот е доктор и сл.) Но за жал ова вклучување на родителите во разновидни активности, беше ограниечено во овие две години поради пандемијата со Ковид 19 и забраната за влегување на родителите во училиште. И покрај соработката со родителите, училиштето беше ограничено за доплнителни активности заради почитување на протоколите од Министерство за здравство.
Во однос на третата стратешка цел –**Промоција на работата на училиштето**,
опфаќа две развојни цели:
3.1 Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост.
3.2 Опрационализирање и навремено ажурирање на веб страната на училиштето. Училиштето има своја веб страна на која се постираат активности на воспитно-образовниот кадар со учениците (прошетки, екскурзии, едукативни работилници, освоени награди од страна на наставници и ученици, одржани приредби со различен повод и сл. Оваа веб страна е достапна за сите наставници, родители, локална заедница и успешно функционира, посебно во периодот на пандемија од Ковид 19.
Изготвени се правилници, постапки, планови и информативен материјал за постапување во случај на кризни ситуации и спроведени се обуки за вработените.

Во однос на сместување и просторни капацитети, училиштето има две згради (централно и подрачно), во кои има училници (18+6 ), кабинети (8+0), фискултурна сала (1+0), соблекувални (2+0), простории за наставни средства и помагала (5+1), простории за директор и наставници (3+1), за педагог , психолог и специјален едукатор и рехабилитатор (3+0), канцеларии (2+0), за помошен персонал (1+1), кујна со трпезарија (2+0), ходници (15+1), санитарни јазли (7+3), магацин (2+0), подруми (1+1), работилница за хаус мајстор (1+0). Во дворот на централното училиште се подигнати фудбалски балон и спортска сала,која се користи според можностите.

Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат согласно потребите на самото училиште и тоа од буџетските финансии, по пат на самофинансирање преку издавање на спортската сала , училишната кујна, како и по пат на донации ( од различни фирми). Во овој контекст по пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребна работна облека и обувки за техничкиот персонал. За одржување и сервисирање на техничките средства (компјутерите) во училиштето е задолжен администратор назначен од Министерството за информатика.Училиштето има богата стручна литература, и тоа прирачници, практикуми, зборници, речници, како и друга литература.

Финансирањето на училиштето се одвива согласно закон и транспарентно.Постојат два вида на постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финасии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачки сметка. Директорот има увид во сметките на училиштето , истиот увид го има и општинскиот сметководителот и ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и Општината,а другата сметка е самофинансирачка на училиштето.Од буџетската сметка се исплакаат платите на вработените, сметките за комуналии и сл. По потреба се користи и уште

| |
|---|
| една сметка –Општинска наменска . Со финансиите располага директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на Општината. За финансиите одговорен е директорот и општинскиот сметководителот . |
| **Идни активности:**<br>Развивање и целосно реализирање на развојните цели од досегашната Развојна програма на училиштето: Доопремување на системот за заштита во кризни стуации-Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации и Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно образовниот кадар во рамките на училиштето според заслугите. |

# СЕУ

## Подрачје 5: КОМУНИКАЦИСКИ ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје, 2020-2022**

**Подрачје 5: Комуникациски односи со јавноста**

| **Оддели во рамките на подрачјето:** |
|---|
| **5.1 Наставни планови и програми**<br>**5.2 Воннаставни активности**<br>**5.3 Известување за напредокот на учениците**<br>**5.4 Промовирање на постигањата** |

| обирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по оддели** | **Информации кои се собрани** |
| - Интервју со педагог и психолог<br>- Одделенски дневници – записници од родителски средби<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Изготвени брошури за родители<br>-Анкети со наставници, родители | **5.1 Наставни планови и програми**<br>5.1.1.Информираност на родителите и на учениците за наставните планови и програми | Секој наставник / актив на наставници од централното и подрачното училиште за секое одделение и предмет ги изготвуваат своите наставни програми за работа во тековната учебна година врз основа на наставните програми изготвени од БРО и МОН.<br>Во континуитет со претходните учебни години особено внимание се посвети на начинот на планирање и изведување на наставниот процес и нивно подобрување, особено планирањата во прво и четврто одделение согласно Концепцијата за основно образование.<br>Родителите и учениците се навремено информирани за наставниот план и програма за што покажуваат и резултатите од спроведената анкета за родители каде 87% се изјасниле со ДА. Информирањето се реализира преку брошури, паноа, родителски средби, упатување на страните на БРО и МОН и на веб страната на училиштето од страна на наставниците. Стручната служба во училиштето и Советот на родители исто така ги информираат родителите. На седниците на Советот на родители родителите имаат можност да ги искажат своите мислења и ставови во врска со наставните планови и програми. Нивните предлози се разгледуваат, а наши наставници и стручни соработници преку учеството во работата на работни групи формирани од МОН и БРО како практичари имаа прилика да даваат сугестии и предлози за подобрување на образовниот процес.<br>Како дел од наставниот процес во училиштето се изведуваше дополнителна настава за оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал, а за оние ученици кои побрзо напредуваат во учењето – додатна настава за кое родителите навремено беа информирани.<br>Оваа година како и минатата наставата се одвиваше и со физичко присуство и преку платформата за учење Мајкрософт тимс, каде им беше овозможено на учениците да ја следат непречено наставата во услови на пандемија од корона вирусот. Истата платформа овозможи вклучување и информирање на родителите за наставните програми и реализацијата на истите.<br>Наставниот план на учениците им нуди изборни предмети. Наставните |

| | | |
|---|---|---|
| | | програми за изборните предмети се презентираат пред учениците и родителите преку изготвени брошури од страна на училиштето. Ученикот избира изборен предмет преку анкета, а истиот влегува во наставата по формирање на наставна група ученици.<br>Визијата на училиштето е да биде во чекор со современата, ефикасна и квалитетна настава во 21 век и постигнување максимален развој и едукација на учениците и наставниците. Отвореноста за промени и мотивот за реализирање разни проекти го прави нашето училиште поефективно и современо. |
| - Годишен извештај за работата на училиштето<br>- Записници од одделенски совети<br>- Записници од наставнички совети | **5.2 Воннаставни активности**<br>5.2.1.Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | Во годишното планирање, секој наставник ги планира воннаставните активности за својата паралелка. Тие се организираат по сите наставни предмети и во сите одделенија. Учениците, според личните афинитети и интереси, а без разлика на пол, нација, вероисповед, ги избираат активностите во кои сакаат да учествуваат. Особено се внимава во воннаставните активности да бидат вклучени и учениците со посебни образовни потреби. Во фокусот на вниманието на училиштето со цел поттик при постигнување поголеми знаења се и надарените ученици.Со оглед на вонредната состојба поради корона вирусот дел од планираните воннаставни активности не беа реализирани, но наставниците максимално се потрудија со учениците онлајн да работат и на активности кои не се директно поврзани со наставните содржини, а придонесуваат за јакнење на менталното здравје на учениците<br>Воннаставните активности се одвиваат во рамките на:<br>➢ **Секции:** драмска секција , литературна секција, рецитаторска секција,математичка секција,информатичка секција ликовна секција, секција по англиски, секција по француски јазик, млади историчари, млади хемичари, млади физичари, млади биолози музичка секција, хор и оркестар библиотекарска секција,спортска, еколошка, дебатен клуб, преку кои му се нуди можност на секој ученик да ги задоволи своите потреби, преку афирмација на своите способности и развој на таленти<br>➢ **интерни проектни активности,** односно **еднократни работилници** преку кои учениците се социјализацираат, ги прошируваат знаења, се стекнуваат со нови вештини, креативни способности, го развиваат натпреварувачкиот дух, талентот, самодовербата, мотивацијата и слично.<br>➢ **Проекти** кои ги прошируваат знаењата кај учениците, им |

| | | |
|---|---|---|
| | | овозможуваат да ги прифатат различностите на еднаква основа за сите , како и подигање на свеста кај учениците.<br>➢ **Јавна и културна дејност.** Активностите од ова подрачје се одвиваа според претходно изготвена програма, која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето, а беа насочени кон одбележување на значајни датуми и празници, Сите активности се прилагодени на протоколите за работа во услови на пандемија за учениците со физичко присуство, а за учениците кои следат настава од далечина се реализираа онлајн во форма на работилници и онлајн приредби.<br>➢ **Учество на конкурси и натпревари,** училишни, општински, регионални, државни и меѓународни кои се од голема важност за афирмација на учениците и на самото училиште.<br><br>➢ **Ученичко организирање и акции,** во рамките на кои спроведени се активности на Детската организација за одбележување на приемот на првачињата во Детската организација и Светската недела на детето. Како дел од активностите на Подмладокот на црвениот крст на училиштето се:<br>-прием на првачињата во Подмладокот на Црвениот крст на училиштето;<br>-хуманитарни акции по повод 16.Октомври – Денот на борбата против гладта;<br>-новогодишни хуманитарни акции (помош на социјално загрозени семејства, ученици со потешки заболувања и ученици кои изгубиле родител од КОВИД 19);<br>-спроведување на превентивни работилни со ученици на разни теми.<br><br>Организацијата на подмладокот на црвениот крст работи активно и во услови на пандемија, на што сме особено горди, бидејќи нашето училиште е едно од ретките кое може да се пофали со вонннаставна активност од ваков вид. Соработка оствaруваме со Црвениот крст на град Скопје и на општина Кисела Вода. Во нивната работа и активности се вклучуваат нашите млади волонтери низ учество во хуманитарни акции и проекти, како и преку разни предавања (пр.за превенција од трговија со луѓе, болести на зависност и др.).<br>Особено активен во текот на учебната година беше **Ученичкиот парламент** кој на своите редовни состаноци дискутираше за прашања поврзани со правата и обврските на учениците, како и со нивното учество |

| | | |
|---|---|---|
| | | во донесувањето одлуки.<br>Родителите (77% од анкетираните) и учениците (83% од анкетираните) се задоволни од вклученоста на учениците во вonнаставните активности (конкурси, натпревари,проекти, посети на институции,фестивали).<br>Сето ова допринесува за афирмација на учениците и училиштето. |
| - Годишен извештај за работата на училиштето<br>- Полугодишен извештај за работата на училиштето<br>-Евиденција за остварени средби со родители<br>-Увид во одделенски дневници<br>-Увид во евидентни листови<br>-Евиденција за советување на родители<br>-Анализи на успехот, поведението и редовноста на учениците за класификациони периоди направени од психологот<br>-Анкета со ученици, родители и наставници | **5.3 Известување за напредокот на учениците** | Нашето училиште цели кон комплетен напредок на учениците, воочување и почитување на индивидуалните можности и способности на секој ученик, со цел напредок и постигнување подобар успех,но и градење на сестрана личност.Ученикот е во центарот на вниманието во нашето училиште,при што се обрнува особено внимание на континуирана, непречена и добра комуникација меѓу одделенските раководители и сите наставници кои изведуваат воспитно-образовна дејност во училиштето од една страна,и родителите/старателите на учениците од друга страна.<br>Од спорведените анкети произлегува дека 1ОО % од родителите сметаат дека редовно, навремено и точно се информирани за успехот и напредокот на нивното дете и за секоја промена во неговото однесување и успех.<br>Кај учениците во текот на овој развоен период-како ученици во нашето училиште,сосема природно настануваат промени од различен карактер;физички,социјални,емоционални како и промени во однос на постигањата во учењето.Наставниците се во можност, преку секојдневната комуникација со учениците, да ги детектираат и следат новонастанатите промени(и позитивните и негативните).<br>Наставниот кадар редовно, навремено и точно го известува родителот/старателот за сите настанати промени ,но и напредокот на ученикот, и тоа во усна и писмена форма.Индивидуалните средби нудат можност за отворена комуникација меѓу наставникот и родителот/старателот со насоки, конкретни предлози и укажувања со цел подобрување на успехот и поведението.Родителските средби се пак состаноци на кои усно се известуваат родителите/старателите,за напредокот на целата паралелка. Доказ за овие комуникации се листите од индивидуалните средби како и записниците од родителските средби во Е-дневникот.Непречена комуникација се одвива и преку VIBER групите (групи во кои членуваат и одделенските раководители и родителите/старателите).Евидентните листи се писмените известувања кои се прикачуваат во Е-дневникот,за сите класификациони периоди во учебната година,како и писмените повратни информации кои како дел од формативното оценување постојано се даваат и на учениците и на родителите.<br>Одделенските совети на наставниците се место каде истите редовно известуваат за соработка со родителите/старателите.Врз основа на |

| | | |
|---|---|---|
| | | изнесеното психологот на училиштето,прибира податоци за изготвување на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето.Во содржината на извештај се и споредбените анализи за успехот,поведението и редовноста на учениците за класификациони периоди,се со цел да се воочи дали,како и колку учениците напредуваат во однос на тековната или претходната учебна година.<br>Стручната служба и директорот на училиштето се постојано достапни за отворена соработка и подршка во справувањето со промените-особено негативните кои се многу поретки.Исто така стручната служба на училиштето посветено и постојано работи на проблематиката за советување на родителите чии деца покажуваат несоодветен и непримерен начин на однесување,нередовно ја посетуваат наставата-поголем број на неоправдани изостаноци,постигнуваат послаб успех во учењето.Се советуваат во исто време и учениците чии родители се повикани на советување. Родителите сметаат (91% од анкетираните) дека отворено и слободно можат да го искажат своето мислење, предлог, сугестија во комуникација со стручната служба.<br>Секако надминувањето на проблемите и отстапките и подобрувањето на успехот и поведението на учениците во нашето училиште се нашата неприкосновена цел. |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето<br>- Евиденција на педагог и психолог<br>- Записници од родителски средби<br>- Записници од наставнички совет<br>- Записници од одделенски совет<br>- Записници од совет на родители<br>-Анализи на успехот, поведението и редовноста на учениците за | **5.4 Промовирање на постигањата**<br><br>5.4.1.Промовирање на личните постигања на учениците | Во услови на пандемија училиштето ги превзема сите потребни мерки за да реализира промовирање на личните постигања на учениците иако дел од нив беше невозможно да се реализираат заради строгите протоколи и мерки ,а дел од нив беа реализирани онлине преку:<br>➢ Учество на натпревари организирани по различни предмети, учество на конкурси,на квизови;<br>➢ Учество во одбележување на празници организирани од нашето училиште и локалната средина преку онлајн приредби;<br>➢ Организирано објавување творби во пишани медиуми(претежно во детски списанија);<br>➢ Изложување на трудови(проекти од различни предмети, литературни и ликовни творби)од учениците во холовите и во училниците на нашето училиште, како и на веб страната на училиштето;<br>➢ Ангажмани и работа на посебни училишни проекти. |

| | | |
|---|---|---|
| класификациони периоди направени од психологот<br>- Награди, пофалби и признанија<br>-Анкета со ученици, родители и наставници | 5.4.2.Промовирање на постигањата во име на училиштето | Училиштето има изграден систем за мотивирање, пофалување и наградување на успехот на учениците и тоа преку:<br>➢ Пофалување ученици со предлог одлука од одделенскиот раководител на Одделенски совет и одлука на Наставничкиот Совет, како и доделување на пофалници и книги на ученици кои постигнуваат одлични резултати во наставата и воннаставните активности;<br>➢ Избор на првенец на генерација од учениците во завршното деветто одделение од основното образование кој се одвива по пат на веќе утврдени критериуми.<br><br>Успесите на учениците и на училиштето и нивно промовирање во општината и пошироко се врши преку:<br>➢ Наградување на ученици од областа на образованието, науката и уметноста и од областа на спортот организирано од страна на општина „Кисела Вода“;<br>➢ Соработка со разни институции битни за воспитно - образовниот процес;<br>➢ Промовирање во пишаните и електронски медиуми;<br><br>Доказ за промовирање на личните постигања како и постигањата во име на училиштето се и одговорите на спроведените анкети во кои со начинот на промовирање се задоволни 83% од родителите и 74% од учениците. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје Подрачје 5: Комуникациски односи со јавноста**

| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество- вклучени во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета за родители | Тим од подрачје 5 | Од спроведената анкета на родителите, а по анализата на нивните одговори, добиени се следните податоци:<br>*.Редовно и јасно сум информиран за наставниот план и програма по кој се одвива наставата 87% ДА 11% ДЕЛУМНО 2% НЕ<br>* Задоволен сум од вклучувањето на моето дете во воннаставните активности (конкурси, натпревари,проекти, посети на институции,фестивали)<br>77 % 17% 6%<br>* Редовно, навремено и точно сум информиран за успехот и напредокот на моето дете ! 100% ДА<br>* Моето дете е постојано мотивирано и поттикнувано во својот напредок<br>87%ДА 13%ДЕЛУМНО<br>*Информиран сум за секоја промена во однесувањето и успехот на моето дете 100% ДА<br>* Отворено и слободно можам да го искажам своето мислење, предлог, сугестија во комуникација со стручната служба 91% ДА 9% ДЕЛУМНО<br>* Училиштето ги промовира постигнувањата на моето дете лично и во име на училиштето 83% ДА 13% ДЕЛУМНО 4%НЕ<br>* Отворено и слободно можам да го искажам своето мислење, предлог, сугестија во комуникација со наставниците 100 % ДА<br>* Соработувам со наставниците при реализација на некои наставни и воннаставни активности 81% ДА 11%ДЕЛУМНО 8 % НЕ<br>* Се почитуваат индивидуалните потреби на моето дете 96% ДА 4% ДЕЛУМНО<br>Во врска со барањата од прашањата од отворен тип, произлегоа следните податоци:<br>➢ Ваши предлози за подобрување на соработката родител/наставник/стручна служба? Повеќето родители сметаат дека соработката е одлична и на задоволително ниво; 5% од предлозите се движат во насока на средби на седмично ниво со родител односно определување ден за индивидуални средби со родители, поактивно |

| | | |
|---|---|---|
| | | учество на стручната служба во работа со надарени и талентирани ученици.<br>➢ Ваши предлози за поголема промоција на учениците и училиштето - голем дел од родителите сметаат дека за промоција во најголема мерка ќе помогне учество во проекти,работилници, спортски натпревари од секаков тип, меѓуодделенски натпревари, меѓуучилишни натпревари, посети на институции,хуманитарни настани,зголемена активност на социјалните мрежи, медиуми, уредување веб страна . |
| Анкета за наставници | Тим од подрачје 5 | Од спроведената анкета на наставниот кадар, а по анализата на нивните одговори, добиени се следните податоци:<br>* Редовно и јасно ги информирам родителите за наставниот план и програма по кои се одвива наставата 80% ДА 20% ДЕЛУМНО<br>* Постојано ги вклучувам учениците, без разлика на пол, нација во вонннаставните активности (конкурси, натпревари,проекти, посети на институции,фестивали) 100% ДА<br>* Редовно, навремено и точно ги информирам родителите за успехот и напредокот на ученикот 96% ДА 4% ДЕЛУМНО<br>* Континуирано ги следам, мотивирам и поттикнувам учениците за поголем напредок во учењето 100% ДА<br>* Редовно и јасно ги информирам родителите за секоја промена во однесувањето и успехот на ученикот 93% ДА 7%ДЕЛУМНО<br>* Стручната служба на училиштето нуди отворена соработка и помош во справување со промените во однесувањето и напредокоткај учениците 98% ДА 2%ДЕЛУМНО<br>* Директорот нуди отворена соработка и помош во справување со проблемите во однесувањето и напредокот кај учениците 98% ДА 2%ДЕЛУМНО<br>* Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците и наставниците лични и во име на училиштето 89% ДА 9%ДЕЛУМНО 2%НЕ<br>* Соработувам со родители при реализација на некои наставни и воннаставни активности 59 % ДА 41% ДЕЛУМНО<br>* Ги почитувам индивидуалните потреби и различности на секој ученик 98% ДА 2% ДЕЛУМНО<br>Во врска со барањата од прашањата од отворен тип, произлегоа следните податоци:<br>*Ваши предлози за подобрување на соработката наставник/стручна служба - родител<br>Поголем дел од наставниците сметаат дека соработката е одлична; дел од предлозите се движат во насока на едукации, работилници, посети на |

| | | |
|---|---|---|
| | | институции каде работат родителите, почеста посета на родителите во училиштето и интерес за успехот и поведението, одредување на ден за прием на родители од страна на стручната служба.<br><br>*Ваши предлози за поголема промоција на учениците и училиштето - Голем дел од анкетираните наставници сметаат дека за промоција на училиштето во најголема мерка ќе помогне поголема активност на социјалните мрежи; а како други предлози се посочени присуство и во медиумите, повеќе натпревари, квизови, промоција со проекти во училиштето и надвор од него. |
| Анкета за ученици | Тим од подрачје 5 | Од спроведената анкета на учениците, при што се внимаваше да бидат вклучени ученици од сите одделенија и од двата пола, а по анализата на нивните одговори, добиени се следните податоци:<br>* Наставниците ме запознаваат со наставниот план и програма по кој се одвива наставата 94% ДА 6% ДЕЛУМНО<br>* Вклучен сум во воннаставните активности (конкурси, натпревари, проекти, посети на институции, фестивали) 83% ДА 15% ДЕЛУМНО2% НЕ<br>* Редовно, навремено и точно наставниците ме информираат за напредокот, успехот и оценките 90% ДА 8% ДЕЛУМНО 2%НЕ<br>* Преку вклучување во разни активности наставниците постојано се трудат, ме поттикнуваат да напредувам и постигнувам подобри резултати<br>88% ДА 10%ДЕЛУМНО 2%НЕ<br>* Воннаставните активности ми помагаат во совладување на материјалот и постигнување на подобри резултати 84% ДА 14% ДЕЛУМНО 2%НЕ<br>* Отворено и слободно можам да го искажам своето мислење, проблем во комуникација со наставниците 76% ДА 20 %ДЕЛУМНО 4%НЕ<br>* Отворено и слободно можам да го искажам своето мислење, проблем во комуникација со стручна служба 67% ДА 25%ДЕЛУМНО 8%НЕ<br>* Училиштето ги пофалува и наградува постигнувањата на учениците<br>74% ДА 20% ДЕЛУМНО 6%НЕ<br>* Наставниците ме почитуваат мене и моите индивидуални потреби<br>88 % ДА 10% ДЕЛУМНО 2% НЕ<br>* На часовите се поттикнува разбирање на различностите<br>78% ДА 20% ДЕЛУМНО 2% НЕ<br><br>Во врска со барањата од прашањата од отворен тип, произлегоа следните податоци:<br>*Наведи примери како наставниците ти помагаат во совладување на наставните содржини и подобрување на успехот! |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ учениците се задоволни од начинот на кој наставниците им објаснуваат преку живиот збор на наставникот, а особено 83**%** со редовното презентирање на интересни презентации за наставните содржини кои им го олеснуваат усвојувањето на содржините; учениците во голем број **27%** ги имаат наведено часовите за дополнителна и додатна настава на кои наставниците им дообјаснуваат индивидуално или во мали групи притоа мотивирајќи, бодрејќи ги, поттикнувајќи ги и охрабрувајќи ги дека можат да постигнат уште подобри резултати;<br><br>* Ваши предлози за поголема промоција на учениците и училиштето-<br>➢ учениците сметаат дека за промоција во најголема мерка ќе помогне присуство на натпревари во знаења 51% , квизови, учество на конкурси, посети, проекти, гостување во ТВ емисии, доделување на награди; 6% од учениците сметаат дека е потребно поголемо одбележување на патрониот празник, 33% сметаат дека треба подобро да се уредува веб страната на училиштето и 1% смета дека е потребно да се понуди поголем избор на секции. |
| Наменско набљудување | Тим од подрачје 5 | Во холовите и на централното и на подрачното училиште се поставени полици на кои се изложуваат сите изработки на ученици од училиштето. Секоја од училниците е опремена со катчиња во кои исто така се изложуваат трудови на ученици од паралелката. На часовите од редовната настава, а особено на вонннаставните активности, учениците изработуваат најразлични изработки: литературни творби, проекти, ликовни творби, изработки од хартија и други материјали и сл. Во изборот на изработките кои се изложуваат не се прави разлика по однос на социјалната состојба, полот, етничката припадност или други различности. |
| Интервју со: директор, психолог, педагог, наставници | Тим од подрачје 5 | Во разговор со директор, психолог, педагог и наставниците беше констатирано дека редовно се следи напредокот на учениците и нивната редовност без разлика на полот и етничката припадност, социјалниот статус на учениците. Училиштето има развиено систем на пофалување, наградување и мотивирање на учениците – Правилник, процедура и критериуми за избор на првенец на генерација. Во училиштето постои документација и докази за постигнувањата на учениците и училиштето – Извештаи, пофалници, дипломи, пехари, медаљи, примероци од пишани и снимки од електронски медиуми во кои се презентирани постигнувањата. Училиштето има изготвено веб страна, која редовно се ажурира со цел информирање и презентирање на своите постигнувања , активности од учениците, спроведени работилници и креативни изработки како и истакнување на пофалените ученици. |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Одделенските раководители редовно одржуваат средби со родителите (индивидуални и родителски состаноци) на кои информираат за напредокот на учениците и сите промени кои настануваат во нивниот секојдневен училиштен живот
- Секој ученик избира во кои воннаставни активности ќе учествува според своите афинитети и интереси
- Во сите одделенија и по сите предмети се реализираат голем број воннаставни активности
- Согласно наставниот план, а преку анкетирање , учениците избираат изборни предмети
- Учениците од нашето училиште остваруваат соработка со разни институции и организации со цел организирање и реализирање заеднички проекти
- Училиштето има соработка со невладини организации и локалната средина
- Ученици земаат учество во многубројни проекти, натпревари, онлајн предавања од областа на безбедноста и здравјето, изложби, следат онлајн театарски претстави, ТВ емисии, и др.
- Училиштето има развиено систем за следење, мотивирање и промовирање на постигањата на учениците, како и наградување и пофалување на учениците кој постојано се надоградува и унапредува.
- Родители сметаат дека наставниците успешно го поттикнуваат нивното дете во напредокот и успехот во учењето.
- Родителите слободно се обраќаат во училиштето со прашања и забелешки во однос на училишниот живот, што докажува дека комуникацијата наставник-родител-стручна служба/директор е на високо ниво.
- Успесите на учениците (конкурси, натпревари, квизови, победи на спортските училишни тимови) се промовираат на веб страната на училиштето.

**Слаби страни**

- Строгите протоколи и правила по кои мораше да работи училиштето заради светската пандемија допринесоа за намалување на одредени активности кои во училиштето претходно повеќе се практикуваа (меѓуодделенски натпревари, гостување во медиуми, посети во театри, кино, ЗОО , музеи и други културно уметнички настани). Ова, во однос на изминатиов период, го вбројуваме во слаби страни, но со олабавувањето на мерките училиштето ќе ги превземе сите потребни мерки и активности за нормален тек и подигнување на мотивацијата кај учениците.

| **Анализа на резултатите:**<br>Од почетокот на минатата учебната година наставниот процес се одвиваше во вонредни услови поради светската пандемија предизвикана од корона вирусот. За дел од учениците (од прво до трето одделение) наставата се реализираше со физичко присуство на учениците, додека за останатите ученици (од четврто до деветто одделение) се изведуваше настава од далечина според препораките добиени од Министерството за образование и наука, а со помош на Националната платформа за учење и Мајкрософт тимс. На овој начин беше овозможено учениците да ја следат наставата и да имаат двонасочна комуникација со наставниците, а на одреден начин беше овозможена и вклученост на родителите на учениците. Во поголем дел наставата од далечина успешно се реализираше, со мали потешкотии од технички карактер, кои успешно се надминуваа. Освен преку оваа платформа со учениците се комуницираше и преку е-маил, вибер, а истовремено им беа посочени и други извори на учење како што се: националната веб-платформа за образование ЕДУИНО, ТВ училница, веб страни со едукативни содржини и др.<br>Оваа учебна година наставата се реализира со физичко присуство за сите ученици со почитување на пропишаните мерки и протоколи.И покрај вонредните услови за работа учениците, родителите и наставниците беа во постојана комуникација.<br>Родителските средби, информатори и брошури, Совет на родители, упатување на веб страната на БРО, се начините на кои наставниците навремено и редовно ги информираат родителите и учениците за наставните планови и програми. Во постојан контакт и со родителите и со учениците со цел подобрување или решавање проблеми се наставниците, стручната служба во состав психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор, како и директорот на училиштето.<br>Согласно наставниот план, а преку анкети, учениците избираат изборни предмети. Ученици без разлика на полот, социјалната положба или етничка припадност се вклучени во голем број воннаставни активности согласно нивните афинитети, надареноста, способноста и образовни потреби. На високо ниво е соработката на учениците од нашето училиште со хуманитарни организации и институции, здравствени организации, културни и јавни институции при што се реализираат заеднички проекти. Учениците постигнуваат високи резултати на многубројни натпревари, литературни и ликовни конкурси, училишни спортски натпревари. Напредокот, развојот и редовноста на учениците редовно се евидентира, а евиденцијата е достапна на наставниците, учениците и родителите и е показател за подобрување на начинот и методологијата на изведување на наставата и прилагодување на истата кон ученичките потреби. Родителите се информираат за напредокот на нивното дете во писмена и усна форма при што висок процент од родители сметаат дека наставниците успешно го поттикнуваат нивното дете во напредокот и успехот во учењето. Родителите слободно се обраќаат во училиштето со прашања и забелешки во однос на училишниот живот, што докажува дека комуникацијата наставник-родител-стручна служба/директор е на високо ниво.<br>Промените во однесувањето и напредокот на учениците редовно се следат од страна на наставниците и стручните соработници и за истите ги известуваат родителите и пружаат соодветна стручна помош и на учениците и на родителите. Училиштето има систем за пофалување, наградување и мотивирање на учениците со што се поттикнува поголем успех на учениците во училиштето, а со активирање на Web страната на училиштето се афирмираат успесите и надвор од него. Учеството и добивањето на високи награди на општински, регионални и државни натпревари како и награди на конкурси од општински, регионален и државен карактер се успеси на нашите ученици, чии постигнувања се промовираат во училиштето преку изложување на нивните трудови во холовите и училниците. Соработката на училиштето со локалната средина и единиците на локалната самоуправа е на високо ниво. |
|---|
| **Идни активности:**<br>Да се продолжи со реализација на активностите според начин на кој се одвиваа пред пандемијата. |

# СЕУ

## Подрачје 6: УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА

**Подрачје: 6 Училишна клима и култура**

**Оддели во рамките на подрачјето: 6.1 и 6.2**

## 6.1 Училишна клима и односи во училиштето

## 6.2 Еднаквост и правичност

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по оддели** | **Информации кои се собрани** |
| -Кодекс на однесување<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>- Анкети за родители<br>- Анкети за наставници<br>- Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај | **6.1. Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>6.1.1.Углед/ имиџ на училиштето | Угледот на нашето училиште постојано се подобрува и расте со генерации. Училиштето се истакнува со квалитетната работа која е насочена кон остварување на поставените цели, визијата и мисијата со активно вклучување на сите субјекти. Одговорноста и принципиелноста во работата на наставниците со нивниот голем ентузијазам и креативност, придонесуваат за угледот на самото училиште како и угледот во локалната средина. Соработката меѓу наставниците е особено изразена при реализација на заеднички проекти и активности.Професионалниот однос и отворената комуникација во работата на стручната служба со наставниците и раководниот кадар му даваат белег на нашето училиште. Квалитетот на наставниците, стручната служба како и учеството на учениците на голем број натпревари, воннаставни активности, многубројните секции придонесуваат за угледот на училиштето. Промовирањето на постигањата на учениците се реализира преку училишна веб страна и разни медиуми. Она по што е препознатливо нашето училиште е грижата за здравјето на учениците која се остварува преку обезбедена хигиена во училиштето на високо ниво, редовни систематски прегледи на учениците, редовна вакцинација и редовно информирање за начините на ширење на заразните болести и начините за превенција од нив. Во училиштето постои Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди, со што училиштето е препознатливо во околината. Оваа процедура е дел од училишниот живот, редовно се спроведува и е насочена кон заштита на здравјето на учениците. За неа се информирани и родителите и учениците.. Градењето на училишната клима и односите во училиштето претставуваат особен предизвик во новонастанатите услови на пандемија на covid 19.Училиштето прави се учениците , наставниците и кадарот да се чувствуваат безбедно на тој начин што во целост ги спроведува сите мерки и протоколи што ги пропишува Владата. Грижата за безбедноста на учениците е на завидно ниво.<br>Угледот во училиштето се гледа и преку чувството на родителите кои сметат дека се |

| | | |
|---|---|---|
| | | прифатени и добредојдени во училиштето. И во време на пандемија соработката со родителите е во континуитет и продолжува преку приемните денови на наставниците како и преку вибер групи и социјалните медиуми се со цел да се оствари успешна комуникација и информираност за нивните деца. Примерното однесување на учениците, пофалбите од нивното претставување надвор од училиштето придонесуваат за градење на имиџот на училиштето. |
| Кодекс на однесување<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>- Анкети за родители<br>− Анкети за наставници<br>− Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај | 6.1.2. Кодекс на однесување | Во училиштето постои Кодекс на однесување на воспитно-образовниот кадар, кој содржи принципи, правила и обврски за професионално и етичко однесување. Постојат Правила за однесување на учениците со кои се регулира развивањето на свеста кај учениците за чување на инвентарот, хигиената, редовноста, ненасилството и придонесуваат за добро однесување кај учениците и здрави меѓучовечки односи. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во<br>практика. Правилата за однесување и Куќниот ред се поставени во холот на училиштето и во секоја училница постојат примероци од Правилата за однесување на учениците, родителите и наставниците. Во училиштето постои и Кодекс на оценување кој исто така е истакнат во холот на училиштето. Нашето училиште се залага за рамноправен и еднаков однос спрема сите ученици за заемно почитување и еднаков третман на сите структури. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржувањето на добра и позитивна атмосфера во училиштето што се гледа во нивниот однос спрема учениците без оглед на пол, етничка припадност, способност. Примената на педагошките мерки, родителските советувања од страна на психологот, индивидуалните разговори и советувања со учениците и родителите се дел од постапките за применување на овие правила. Училиштето има изготвено Политика против насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство и се реализираат обуки за наставниците и превентивни работилници со учениците во однос на препознавање, реагирање и постапување во ситуации на насилно однесување во училиштето. |
| - Педагошка евиденција и документација во однос на вклученоста на учениците во воннаставните | 6.1.3. Училишна клима | Работната атмосфера придонесува за позитивна клима во училиштето која се темели врз принципите на почитување и толеранција. Взаемното почитување, довербата , соработката, колегијалниот однос се засновани на демократски односи и се на завидно ниво.<br>Соработката на наставниците се зајакнува преку реализација на интегрирани часови, реализација на заеднички проекти, заеднички подготовки за воннаставни активности како и |

| | | |
|---|---|---|
| активности<br>Кодекс на однесување<br>- Анкети за родители<br>- Анкети за наставници<br>- Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај<br>Кодекс на однесување<br>- Кодекс на оценување<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>- Анкети за родители<br>- Анкети за наставници<br>- Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај<br>- Интервју со психологот | | активности реализирани на ниво на општина.Стручната комуникација се темели врз разговор, компромис поткрепена со факти. Особено е важно да се истакне соработката со стручната служба. Нивната несебична подршка, помош и насоки се непристрасни и насочени кон сите. На младите неискусни наставници им се помага во унапредувањето на воспитно образовната работа несебично од страна на наставниците со поголемо искуство како и од страна на стручната служба. На учениците им обезбедуваме инклузивно, еднакво и квалитетно образование со цел да се промовира индивидуалниот развој на сите ученици, со стремеж да се прифатат различностите.<br>Особено се работи на тоа наставниците да служат како пример на своите ученици за толеранција, почитување и добра комуникација, со што истите вредности се пренесуваат и во начинот на однесување и комуникација меѓу учениците. Се поддржуваат ненасилните форми на однесување и комуникација меѓу учениците и се работи на превентивни активности за намалување на насилство од било каков вид.<br>Од анкетите се гледа дека постои добра комуникација меѓу сите вклучени во воспитно-образовниот процес – наставници, стручна служба, ученици, родители. Учениците сметаат дека наставниците и сите вработени се однесуваат со почит кон нив, дека секогаш можат да добијат помош и поддршка од страна на стручните соработници и целиот наставен кадар и дека добро се согласуваат со другите ученици. Родителите сметаат дека со нивното дете добро се постапува во училиштето, училиштето се грижи за безбедноста и здравјето на нивното дете, дека нивните деца можат секогаш да добијат помош и поддршка од страна на стручните соработници и целиот наставен кадар, дека во училиштето се чувствуваат добредојдено, кога имат прашања се сослушани и добиват одговори и дека училиштето се консултира со нив за одлуки кои се однесуваат на нивните деца. |
| - Анкети за родители<br>- Анкети за наставници<br>- Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај | 6.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето | Атмосферата во однос на дисциплината во училиштето е на високо ниво. Несоодветното однесување на учениците најчесто е поврзано со пооделни ученици, со кои активно се работи на подобрување на нивното однесување. Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дициплината училиштето соодветно се применува. Најчести форми на несоодветно однесување се: зборување на часовите, доцнењето на часовите, конфликти помеѓу учениците, оштетување на инвентарот, шарање по ѕидовите, злоупотреба на мобилните телефони и др. За ваквите однесувања училиштето превзема грижа за надминувања на несоодветните форми на однесување кај поединци. Се превземаат советувања на учениците, родителите, педагошките мерки кои се пропишани со |

| | | |
|---|---|---|
| | | закон, како и разни видови работилници со учениците. Во овој процес е вклучена стручната служба во училиштето. Одделенските раководители се вклучени со реализација на одделенските часови на кои се обработуваат теми од областа на животни вештини со цел да се развие позитивен однос на учениците и позитивни социјални вештини. Работната атмосфера преовладува во училиштето за време на часовите и за време на вонnаставните активности. При посета на разни институции ,иако во ограничен број поради пандемијата, учениците се дисциплинирани, се однесуваат пристојно и секогаш се пофалени.<br>Редовноста на учениците се подобрува секоја учебна година. Во училиштето е забележан тренд секоја учебна година да се намалува бројот на изостаноци на учениците од настава, особено бројот на неоправдани изостанувања.Во изминатиот период главно отсуството се должеше на изолација поради контакт со позитивни лица на ковид.<br>Од година во година се намалува бројот на родителски и ученички советувања по однос на несоодветно однесување но пандемијата имаше свој удел така што наставниот и стручниот кадар се соочува со предизвици и се обидува да помогне во адаптацијата на учениците на новонастанатата ситуација со пандемијата.<br>Од анкетата се гледа дека и родителите и учениците сметаат дека учениците генерално добро се однесуваат во училиштето и дека наставниот кадар и стручната служба успешно се справуваат со случаите на несоодветно однесување на учениците. |
| - Анкети за родители<br>− Анкети за наставници<br>− Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај | 6.1.5. Партиципација на учениците во решавањето на проблеми и донесување на одлуки | Учениците на повеќе начини се вклучени во училишниот живот.Тие постојано се запознаваат со своите права кои имаат можност да ги остварат преку Ученичкиот парламент, ученички заедници, организации и клубови.<br>На одделенските часови учениците учествуваат во работата на одделенската заедница каде се запознаваат со правата и обврските на децата, а преку нив се информираат и родителите. Преку активностите на Училишниот парламент во кој има претставници од секоја паралелка од четврто до деветто одделение учениците искажуваат свои ставови, предлози, дискусии, совети и разговори. Учениците по демократски пат имаат избрано претседател на Ученичкиот парламент и ученички правобранител кој ги застапува нивните интереси. Во училиштето учениците членуваат и во ученички организации: Детска организација и Подмладок на црвениот крст.<br>Од анкетите се гледа дека и покрај вклученоста на учениците во разни организации и активности, тие сметат дека сеуште нивните идеи не се земаат како основа за планирање на наставата.<br>Тие ги искажуваат своите ставови но сеуште не се чувствуваат доволно ангажирани во носење на одлуки и во превземање на конкретни иницијативи. Учениците сепак се горди што се дел од училиштето што се потврдува и со спроведената анкета за ученици. |

| | | |
|---|---|---|
| **-** Интервју со психологот<br>-Кодекс на оценување<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>- Анкети за родители<br>− Анкети за наставници<br>− Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај | **6.2 Еднаквост и правичност**<br><br>6.2.1.Познавање на правата на децата<br><br><br><br><br><br><br><br>6.2.2.Еднаков и правичен пристап на сите ученици | Учениците, наставниците и родителите се запознаени со правата и обврските на децата. Учениците се запознаваат со правата на децата на повеќе начини: преку наставата преку наставните содржини, на одделенските часови преку програмата за животни вештини, во рамките на Ученичкиот парламент, училишните заедници и организации, како и преку разни проекти кои се реализират во училиштето. Стручната служба преку разни предавања, работилници, разговори, дебати, литература ги информираат учениците за нивните права и обврски. Од анкетите може да се види дека учениците и родителите си ги знаат правата и обврските на децата. Согласно спроведените анкети се заклучува дека принципите се во функција на учениците.<br><br>Во училиштето се превземаат сите потребни активности со цел да се обезбеди подеднаков третман на сите ученици , а исто така се превземаат и сите потребни мерки со цел непречено да се овозможи инклузија на децата со попреченост во наставниот процес. Наш приоритет и предизвик е да се грижиме подеднакво за секој ученик без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус. Училиштето обезбедува можности за учење на секој ученик подеднакво. За учениците со потешкотии се организира дополнителна настава, а за надарените ученици додатна настава. Со учениците кои имаат потешкотии од било кој вид, работи и стручната служба во училиштето. Вклученоста во Програмата за инклузивно образование изминатите години ни овозможи да стекнеме искуство и знаења кои ни помагаат во обезбедување на еднаков и правичен пристап за сите ученици. Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, а за учениците со посебни образовни потреби се формира Инклузивен тим за ученик кој ги планира и спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките на стручното тело за функционална процена, односно доколку е препорачано ИТУ изготвува ИОП за ученикот согласно со неговите јаки страни и потреби за поддршка, наставниците го спроведуваат ИОП-от со поддршка од страна на стручните соработници и за наставниците и за учениците. Наставниците и стручните соработници работат на подготовка на паралелките за полесна адаптација и прифаќање на секој ученик од страна на своите соученици кои им помагаат во совладување на наставните содржини и во непреченото дружење. Преку разговор и позитивен однос без пристрасност кон сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици се однесуваат сите наставници во училиштето. Вработените, родителите и учениците ја делат филозофијата на инклузија. Не постојат дискриминирани ученици во изборот на слободните ученички активности, воннаставните активности и учеството во натпреварите. Особено се обрнува внимание на оценувањето при што критериумите важат за сите ученици подеднакво, се почитува етичкиот кодекс за оценување и оценувањето е транспарентно.<br>Во учебната 2020/2021 година поради пандемијата со Ковид 19, наставата за учениците од 1-во до 3-то одделение се изведуваше со физичко присуство, од 4-то до 9-то одделение учениците наставата ја следеа од далечина, во учебната 2021/2022 година, наставата се реализира со физичко присуство, дел од учениците од оправдани причини наставата ја следат од далечина, но и покрај тоа сите ученици подеднакво беа вклучени во сите активности, се оствaруваше и соработка со родителите во однос на давање насоки за поддршката која може да им ја даваат на учениците при следење на наставата од далечина.<br>Според анкетите учениците сметаат дека во училиштето постои правичен и подеднаков пристап кон сите ученици и дека учениците се пофалувани кога ќе направат нешто добро. |
| - Програма за МИО<br>- Анкети за родители<br>− Анкети за наставници<br>− Анкети за ученици<br>- Полугодишен и годишен извештај | 6.2.3.Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | Во училиштето се спроведуваат активности поврзани со мултиетничката интеграција за взаемно почитување на различностите.Нашето училиште негува клима на мултикултурата, особено преку активностите за мултиетничка интеграција во образованието. Активностите за мултиетничко образование се организирани со нашето партнер училиште Мустафа Кемал Ататурк од село Количани, со кое оствaруваме заеднички активности во кои се вклучени повеќе наставници, ученици и родители, како и членови од локалната самоуправа- општината. Во активностите се вклучени ученици од двете училишта со подеднаков број и пол на ученици. Поради пандемијата со Ковид 19 изминатитата година од оправдани причини, односно немање интернет во партнер училиштето невозможно беше организирање на заеднички активности. Активностите беа спроведени во рамките на одделенските часови и темите од секој предмет. Оваа година беше реализирана онлајн заедничка средба на која успешно и обострано се изведоа активности, беше направена презентација од страна на нив и од наша страна како и музички точки и тоа беше едно убаво доживување.<br>Повеќето наставници реализираа и самостојни активности на одделенските часови од областа на животни вештини преку кои учениците се запознаваат со обичаите на другите култури. |

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество - вклучени во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| Анкетен лист за наставници | -Тимот од 6 подрачје<br>-Наставен кадар од централното училиште | Со цел добивање непосреден одговор во врска со реализацијата на Училишната клима и култура се употреби Анкетени листови чии испитаници беа наставниците. |

| АНАЛИЗА НА АНКЕТА ЗА НАСТАВНИЦИ ПОДРАЧЈЕ УЧИЛИШНА КЛИМА | ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ПРАШАЊА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРАШАЊА** | АНКЕТИ | ДА | Понекогаш | НЕ |
| Постои добра соработка и комуникација меѓу вработените | 50 | 46 | 3 | 1 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 92 | 6 | 2 |
| Постои меѓусебна почит меѓу наставниот кадар и учениците | 50 | 48 | 2 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 96 | 4 | 0 |
| Постои меѓусебна почит меѓу наставниот кадар и родителите | 50 | 47 | 3 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 94 | 6 | 0 |
| Училиштето има кодекс на однесување кој наставниот кадар и ученицте го почитуваат | 50 | 47 | 3 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 94 | 6 | 0 |
| Запознаен сум со процедурите што постојат во училиштето за заштита на децата | 50 | 49 | 1 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 2 | 0 |
| Училиштето успешно се справува со појава на секаков вид на малтретирање на децата во училиштето | 50 | 49 | 1 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 2 | 0 |
| Редовно се забележуваат и пофалуваат успесите што ги постигнуваат учениците | 50 | 48 | 1 | 1 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 96 | 2 | 2 |
| Во училиштето има добра работна атмосфера | 50 | 49 | 1 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 2 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вработените се грижат за безбедноста, здравјето и среќата на учениците | 50 | 49 | 1 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 2 | 0 |
| Наставниците учениците и родителите добиваат поддршка и помош од страна на стручните соработници во училиштето | 50 | 48 | 1 | 1 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 96 | 2 | 2 |
| Вработените, родителите и учениците ја делат филозофијата на инклузија | 50 | 46 | 3 | 1 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 92 | 6 | 2 |
| | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| Анкетен лист за ученици | -Ученици од 4 до 9 одд. од централнoто и подрачното училиште | Во функција на прашањата од шесто подрачје, одговорниот тим спроведе анкета помеѓу учениците. |

| **АНАЛИЗА НА АНКЕТА ЗА УЧЕНИЦИ ПОДРАЧЈЕ УЧИЛИШНА КЛИМА** | ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ПРАШАЊА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРАШАЊА** | АНКЕТИ | ДА | Понекогаш | НЕ |
| Нставниот кадар и другите вработени се однесуваат со почит кон мене | 50 | 49 | 1 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 2 | 0 |
| Наставниот кадар и другите вработени подеднакво и правично се однесуваат кон сите ученици | 50 | 40 | 8 | 2 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 80 | 16 | 4 |
| Во училиштето сум пофалуван/а кога ќе направам нешто добро | 50 | 41 | 6 | 3 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 82 | 12 | 6 |
| Наставниот кадар и другите вработени во училиштето успешно се справуваат со учениците кои лошо се однесуваат | 50 | 36 | 12 | 2 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 72 | 24 | 4 |
| Секогаш кога има потреба можам да добијам помош и поддршка од страна на стручните соработници во училиштето ( психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) | 50 | 41 | 7 | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 82 | 14 | 4 | |
| Во училиштето се земаат во предвид идеите на учениците за подобрување на процесот на учење | 50 | 24 | 17 | 9 | |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 48 | 34 | 18 | |
| Учениците добро се однесуваат во училиштето | 50 | 23 | 23 | 4 | |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 46 | 46 | 8 | |
| Кога имам проблем во училиште, наставниот кадар и другите вработени знаат како да ми помогнат | 50 | 40 | 9 | 1 | |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 80 | 18 | 2 | |
| Добро се согласувам со другите ученици | 50 | 38 | 11 | 1 | |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 76 | 22 | 2 | |
| Училиштето се грижи за мојата безбедност, здравје и среќа во училиште | 50 | 43 | 6 | 1 | |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 86 | 12 | 2 | |
| Ученичката заедница активно се залага за подобрување на условите за учење и настава во училиштето | 50 | 39 | 7 | 3 | 1 пречкртани сите одговори |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 78 | 14 | 6 | |

Анкетен лист за родители

Тимот од 6 подрачје

Во функција на прашањата од шесто подрачје, одговорниот тим спроведе анкета помеѓу родителите.

| **АНАЛИЗА НА АНКЕТА ЗА РОДИТЕЛИ ПОДРАЧЈЕ УЧИЛИШНА КЛИМА** | ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ПО ПРАШАЊА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРАШАЊА** | АНКЕТИ | ДА | Понекогаш | НЕ |
| Вработените во училиштето се љубезни и јас се чувствувам добредојдено | 50 | 49 | 1 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 2 | 0 |
| Со моето дете добро се постапува во училиште | 50 | 48 | 2 | 0 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 96 | 4 | 0 |
| Училиштето навреме и на правилен начин се справува со учениците и наставниот кадар кои се однесуваат несоодветно | 50 | 43 | 6 | 1 |
| **Изразени резултати во проценти (%)** | | 86 | 12 | 2 |
| Постои взаемна почит и разбирање меѓу наставниот кадар и учениците во училиштето | 50 | 46 | 4 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 92 | 8 | 0 | |
| | | | Постои меѓусебна почит меѓу наставниот кадар и родителите | 50 | 50 | 0 | 0 | |
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 10<br>0 | 0 | 0 | |
| | | | Наставниот кадар и другите вработени во училиштето се грижат за безбедноста и здравјето на моето дете | 50 | 49 | 1 | 0 | |
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 2 | 0 | |
| | | | Училиштето секогаш се консултира со мене за одлуки кои се однесуваат на моето дете | 50 | 46 | 4 | 0 | |
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 92 | 8 | 0 | |
| | | | Кога имам прашање, училиштето ме сослушува и навреме ми дава одговори | 50 | 48 | 2 | 0 | |
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 96 | 4 | 0 | |
| | | | Моето дете сака да оди на училиште | 50 | 50 | 0 | 0 | |
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 10<br>0 | 0 | 0 | |
| | | | Секогаш кога има потреба моето дете може да добие помош и поддршка од страна на стручните соработници во училиштето ( психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) | 50 | 49 | 0 | 0 | |
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 98 | 0 | 0 | |
| | | | Луѓето од мојата околина велат дека училиштето е добро затоа што има квалитетна настава и добар наставен кадар | 50 | 40 | 9 | 0 | |
| | | | **Изразени резултати во проценти (%)** | | 80 | 18 | 0 | |
| | | | | | | | | |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје Подрачје: 6 Училишна клима и култура**

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Во училиштето постои взаемно почитување помеѓу наставниот , стручниот кадар, учениците и родителите<br>• Учениците, родителите и наставниците се чувствуваат добредојдено во училиштето и ја делат филозофијата на инклузија.<br>• Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи со голем ентузијазам и креативност што придонесува да постигнуваат подобри резултати.<br>• Училиштето е препознатливо по грижата за здравјето на учениците, примерното однесување и добрата соработка со родителите.<br>• Во училиштето има Кодекс на однесување на воспитно-образовниот кадар,Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за оценување на постигањата на учениците, Правила за однесување на учениците на учениците, родителите и наставниците и Куќен ред.<br>• Училиштето има изготвено Политика против насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство и се реализираат обуки за наставниците и превентивни работилници со учениците во однос на препознавање, реагирање и постапување во ситуации на насилно однесување во училиштето.<br>• Со секоја наредна година се намалува бројот на родителски и ученички советувања по однос на несоодветно однесување<br>• Соработката меѓу наставниците е особено изразена при реализација на заеднички проекти и активности.<br>• Постои соработка и огромна подршка помеѓу стручната служба и наставниците.<br>• Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување и еднаков и правичен пристап кон сите ученици<br>• Постои отворена комуникација на наставниците и стручната служба<br>• Постои отворена комуникација на родителите и стручната служба<br>• Стручната служба е секогаш достапна за учениците и постројано им дава поддршка<br>• Постои взаемно почитување меѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и различни способности и примерно однесување на учениците<br>• Учениците постојано се запознаваат со своите права и обврски<br>• Своите права учениците имаат можност да ги остваруваат преку Ученичкиот парламент, ученичките заедници, организации, клубови.<br>• Постои мотивираност на учениците за изразување на своите способности и знаења во и надвор од наставата што посебно се наградува и вреднува<br>• Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето<br>• Во училиштето се спроведуват активности поврзани со мултиетничката интеграција во образованието. |
| **Слаби страни**<br>• Учениците сеуште не се чувствуваат доволно ангажирани во донесување на одлуки во училиштето. |

**Анализа на резултатите:**

И покрај предизвиците предизвикани од пандемијата со ковид 19, од резултатите добиени од анкетите спроведени со учениците, родителите и наставниците, како и податоците од разни извори и документи во училиштето, може да се заклучи дека во нашето училиште постои позитивна клима за успешно одвивање на целокупниот наставен процес.
Меѓучовечките односи на релација ученик, наставник,стручна служба, родител се на завидно ниво. Учениците, родителите и наставниците се чувствуваат добредојдено во училиштето, се почитуваат и ја делат филозофијата на инклузија.
Наставниците имаат одлична соработка, се почитува различноста во мислењата, се почитуваат повозрасните колеги и од нив се бараат совети за работата, постои толерантност и колегијалност.
Учениците се вклучени во разни активност без оглед на полот, етничката припадност, посебните потреби или социјалниот статус.
Учениците во најголем процент се дружат, си помагаат меѓусебно, се однесуваат пристојно и се редовни во наставата. Во надминувањето на проблемите со редовноста и начинот на однесување на учениците придонесе постојаната работа со учениците, како од страна на наставниците, така и од страна на стручната служба во училиштето и соработката со родителите на учениците.
Училиштето е препознатливо по грижата за здравјето на учениците, примерното однесување на учениците и одличната соработка со родителите.
Во училиштето има Кодекс на однесување на воспитно-образовниот кадар,Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за оценување на постигањата на учениците, Правила за однесување на учениците , родителите и наставниците и Куќен ред и истите се почитуваат.
Училиштето има изготвено Политика против насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство и се реализираат обуки за наставниците и превентивни работилници со учениците во однос на препознавање, реагирање и постапување во ситуации на насилно однесување во училиштето.
Вклучувањето на учениците и нивните членувања со разни активности во организации, клубови,Ученичкиот парламент, ученичките заедници, како и познавањето на правата и обврските на децата, давање предлози од страна на учениците се голем придонес во демократското учество на учениците во училиштето. Во целокупната работа на училиштето значајно место имааат учествата на натпревари по сите предмети. Мултикултурализмот успешно се прифаќа и се промовира во училиштето. Во училиштето се спроведуват самостојни активности поврзани со мултиетничката интеграција во образованието и заеднички активности со ООУ Мустафа Кемал Ататурк од с. Количани.
Работната атмосфера како и професионалниот однос придонесуваат за позитивната клима, угледот и имиџот на училиштето.
За жал голем дел од активностите беа со ограничена реализација и се изведуваа онлајн поради мерки на претпазливост и почитување на протоколите во услови на пандемија, поради што учениците сеуште не се чувствуваа доволно ангажирани во донесување на одлуки во училиштето.

- **Идни активности:** Поголемо вклучување на учениците со своите мислења, предлози и ставови во однос на подобрување на процесот на учење.

# СЕУ

## Подрачје 7: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

**Самоевалуација на училиштето: ОУ „Круме Кепески„ Скопје, 2020-2022**

**Подрачје: 7 Соработка со родителите и локалната средина**

| **Оддели во рамките на подрачјето:** |
|---|
| **7.1 Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заедница.**<br>**- Соработка на училиштето со родителите**<br>**- Соработка со локалната заедница**<br>**- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по оддели** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Записници од Советот на родители<br>• Записници и одлуки од состаноци од Училишен одбор<br>• Интервју со директор и стручна служба | 7.1.1.Соработка на училиштето со родителите | Во Училишниот одбор и во Советот на родители членуваат претставници на родителите. Во Училишниот одбор членуваат тројца родители делегирани од Советот на родители на училиштето. Во Советот на родители членува по еден родител од секоја паралелка. Работата на Советот на родители се одвива според Програмата за работа на Советот на родители. Ова е еден од начините на кој родителите се запознаваат со воспитно образовната работа на училиштето и се во позиција да даваат свои предлози,мислења и активно да учествуваат во донесувањето на одлуки во училиштето. Училиштето изготвува брошури за родители кои служат како информатор за запознавање со Годишната програма за работа на училиштето, информатор за наставните планови и програми (задолжителни и изборни предмети) и информатор за начинот на спроведување на родителско советување..<br>Изминатиот период заради светската пандемија со КОВИД 19 строгите протоколи за работа, нашето училиште немаше можност за вклучување на родителите во сите планирани активности. Преку индивидуалните средби, родителските средби кои течеа онлине,родителите постојано се известувани за напредокот и постигнувањата, поведението и редовноста на учениците, а соработката остана на високо ниво.<br><br>Нашето училиште нуди отворена соработка со родителите во разни активности како што се:<br>-Процесот на професионална ориентација на учениците преку-вклучување на родители од разни занимања во разни сегменти од процесот на настава или посета на нивните работни места .<br>-Вonнаставни активности<br>-Активности за меѓуетничка интеграција<br>-Активности за реализација на Отворен ден за Граѓанско образование<br>-Работилници<br>-Хуманитарни акции |

| | | |
|---|---|---|
| • Годишна програма на училиштето<br>• Записници и одлуки од состаноци од Училишен одбор<br>• Записници од Совет на родители<br>• Интервју со директор и стручна служба | 7.1.2.Соработка со локалната заедница | -Остварување на контакти со локалната и бизнис заедницата<br>за кои училиштето искрено се надева деке ке продолжат со завршувањето на пандемијата.<br><br>Нашето училиште нуди отворена соработка со локалната заедница во многу сегменти:<br><br>➢ Еден претставник од локалната самоуправа има во Училишниот одбор на нашето училиште;<br>➢ Во одбележување на значајни датуми поврзани со општината и државата училиштето соработува и со Секторот за образование при Општина Кисела Вода, а се реализира во следните активности: патрониот празник на општината 6 Мај – Ѓурѓовден, разни литературни и ликовни конкурси организирани од општината, одбележување на Денот на мајчиниот јазик како и соработка при проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието;<br>➢ Соработка имаме и со останатите училишта и предшколски установи кои гравитираат на територијата на нашата општина за подобра промоција надвор од рамките на општината;<br>➢ Одделенските раководители, одделенскиот совет и наставничкиот совет на нашето училиште даваат предлог ученици за наградување на ниво на општина;<br>➢ На спортски натпревари во различни спортови организирани од општината, поточно Сојуз на училишен спорт на Општина Кисела Вода редовно земаат учество ученици од училиштето;<br>➢ Преку посети и настапи на нашите ученици, а и со возвратна посета од страна на дечињата од градинките одржуваме меѓусебна соработка меѓу училиштата и предшколските установи;<br>➢ Во текот на учебната година изведени се значајни реконструкции во<br>➢ Училиштето добива помош во поглед на одржување и реконструкција на училишните објекти преку проекти на Општина Кисела Вода.<br>➢ Зголемување на фондот на нагледните средства во училиштето со помош на локалната и деловна заедница.<br>Основна цел е соработката со локалната самоуправа да продолжи и понатаму. Заради КОВИД пандемијата и строгите протоколи за работа кои училиштето ги почитува заради безбедност и зачувување на здравјето на своите ученици, некои од планираните активности не се реализирани. Изминатиот период реализирана е следаната соработка |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Соработка со Факултетот за физичка култура и Фудбалска федерација на Македонија преку учество во проекти<br>-Соработка со Црвениот крст на град Скопје и Црвениот крст на Општина „Кисела Вода“ преку учество во хуманитарни акции.<br>-Соработка со УНИЦЕФ преку активности поврзани со инклузивното образование и организирање на онлајн настава.<br>-Соработка со Општина „Кисела Вода“.<br>.<br>Целите на нашето училиште се да постигнува континуирано добри резултати и да биде високо рангирано на ниво на општината и пошироко. |
| • Интервју со директор<br>• Интервју со стручната служба<br>• Годишни и полугодишни извештаи за работа на училиштето | 7.1.3.Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Поради светската пандемија со КОВИД 19 -вирусот, изминатите години, училиштето не беше во можност да ги оствари сите планирани активности. Соработката со деловната заедница и невладиниот сектор, поради строгите протоколи во кои се одвиваше образовниот процес, а особено поради онлајн наставата на учениците, претежно беше сведена на онлајн средби, учество во онлајн проекти.<br>Реализирани беа следните активности:<br>➢ Спроведена креативна работилница за ученици „Изработки со симболот на бесконечноста во боите на виножитото", во која беа вклучени ученици од повеќе паралелки, кои изработија цртежи со колорит на виножито и симболот на бесконечност. Изработените видеа со творбите и позитивни пораки за поддршка на лицата со аутизам и нивно прифаќање беа објавени на веб страницата на училиштето, на социјалните мрежи на Македонското научно здружение за аутизам како и Здружението за унапредување на квалитетот на животот на лицата со аутистичен спектар на нарушување „Сина светулка“-Скопје.<br>➢ Во соработка со фирмата НЕЛТ СТ беа обезбедени новогодишни пакетчиња за учениците од социјално ранливи категории.<br>➢ Продолжи и соработката со Црвениот крст на град Скопје преку спроведени хуманитарни акции по повод 16.Октомври – Денот на борбата против гладта; новогодишна хуманитарна акција (помош на социјално загрозени семејства, ученици со потешки заболувања и ученици кои изгубиле родител од КОВИД 19); Промоција на хигиена и контрола за превенција од Ковид - Работилница/вклучување онлајн<br>➢ Во соработка со Црвен Крст на Кисела Вода организирана |

| | | |
|---|---|---|
| | | хуманитарна акција „Недела на солидарноста“, собирна акција во храна и парични средства за социјално ранливите категории семејства.<br>➢ Во соработка со МВР на РСМ предавање „Играта на зборови може да повреди/стоп за сајбербулинг“, ЦК на Кисела Вода.<br>➢ Соработка со Факултетот за физичка култура и Фудбалска федерација на Македонија преку учество во проекти<br>➢ Соработка со УНИЦЕФ преку активности поврзани со инклузивното образование и организирање на онлајн настава.<br>➢ Соработка со Општина „Кисела Вода“ – ликовен хепенинг во парк Шопен<br>➢ Соработка со Општина „Кисела Вода“ – Мултимедијален хепенинг на отворен простор за 2021 година<br>➢ Реализиран е проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди”- организиран од Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ“- Скопје, поддржан од Шведскиот институт, одобрен од МОН и БРО.<br>➢ Реализирана е соработка со фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ во рамките на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ - учество на обука на дел од членовите на училишниот инклузивен тим, со цел подобрување на капацитетите на УИТ за поефективно инклудирање на учениците со попреченост во редовниот наставен процес.<br>➢ Реализирани се работилници на тема "Употреба на инклузивен јазик" по повод "Меѓународниот ден на лицата со попреченост" во соработка со МОН, со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ со сите ученици од четврто до деветто одделение.<br>➢ Проект „Децата не се раѓаат со предрасуди”-организиран од Здружение на граѓани за поддршка на лицата со посебни потреби „СОЛЕМ“- Скопје, поддржан од Шведскиот институт, одобрен од МОН и БРО. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје**

**Подрачје: 7 Соработка со родителите и локалната средина**

| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество- вклучени во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
| Интервју со фокус група од наставници | Членови на тимот | На прашањето за начините на унапредување на соработката со деловната заедница и невладиниот сектор и предлози за промоција на училиштето, наставниците во најголем број посочија зголемена промоција на училиштето на социјалните мрежи како и зголемена промоција преку гостување во медиуми што овој период беше оневозможено заради Ковид мерките. |
| Интервју со стручна служба и директор | Членови на тимот | Од разговорот со стручната служба и директорот на училиштето добени се информации во врска со начинот на соработка на училиштето со родителите, локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Овие информации се надоврзаа на податоците добиени од документацијата во училиштето, а се содржани во претходните констатации. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Круме Кепески„ Скопје**

**Подрачје 7: Соработка со родителите и локалната средина**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>➢ Соработката помеѓу вработените во училиштето и родителите е одлична, за што доказ е спроведената анкета со родителите<br>➢ Соработката помеѓу родителите и стручната служба во училиштето и исто така на високо ниво , за што е доказ спроведената анкета.<br>➢ Училиштето со Општината посебно со Секторот за образование остварува коректна, конструктивна и плодна соработка;<br>➢ Стручната служба соработува со родителите во сите сегменти кои се однесуваат на работата на училиштето;<br>➢ Училиштето и со локалната заедница, институциии од областа на здравството, спортот, културата, хуманоста, образованието, остварува плодна соработка;<br>➢ Соработка се остварува со деловната заедница и невладиниот сектор, како и државни институции .<br>➢ И во услови на пандемија училиштето реализираше успешна соработка со родителите и локалната заедница, онлајн, но и со физичко присуство со почитување на протоколите. |
| **Слаби страни**<br><br>➢ Недоволна вклученост на родителите во заеднички активности и едукации, работилници, пред се поради ковид мерките, но и отворена понуда од родителите за промоција на некои од професиите со кои се занимаваат, а се со цел практично реализирање на делови од наставната програма и наставните содржини. |

**Самоевалуација на училиштата: ООУ „Круме Кепески„ Скопје**

**Подрачје: 7 Соработка со родителите и локалната средина**

**Анализа на резултатите:**

Родителите се редовно информирани за успехот, поведението и редовноста на учениците.Индивидуални и родителски средби, советувања, отворени часови, контакти преку електронски помагала се можностите кои им се нудат на родителите за информирање за напредокот на нивното дете.

Наставниот кадар и стручната служба на училиштето беа постојано достапни за родителите и учениците и во услови на пандемија, со цел да се излезе пресрет на родителите при зачувување на менталното здравје на учениците и задоволувањето на нивните потреби.

Дел од родителите земаат активно учество со разни активности на училиштето. Од спроведените анкети на родителите и наставниците произлезе дека е потребно поголемо ангажирање на родители во заеднички работилници, акции и други активности на училиштето, што во изминатиот период беше намалено или оневозможено заради светската пандемија со КОВИД 19.

Родителите се вклучени во Училишниот одбор и Советот на родители и на овој начин се запознаваат со воспитно образовната работа на училиштето учествуваат во работата со свои предлози и мислења и учествуваат во процесот на донесување одлуки.

Со локалната самоуправа се остварува соработка преку Секторот за образование при Општина Кисела Вода при реализација на активности при одбележување на значајни датуми за општината и државата. Најголем дел од развојните цели планирани со Програмата за развој на училиштето кои се однесуваат на стратешката цел Обновување и збогатување на ресурсите на училиштето се реализираат во соработка со Општината Кисела Вода .На задоволство, а одлично прифатена, од обете страни е и соработката училиште - деловна заедница.

Училиштето има завидна соработка со невладиниот сектор УСАИД, УНИЦЕФ и МЦГО и Црвен крст на град Скопје и Општината Кисела Вода.

**Идни активности:**

Планирање стратегии за продлабочување на соработката и активирање на поголем број родители во активностите на училиштето и во услови на пандемија.

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Круме Кепески“, Скопје – период 2020-2022 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161 од 5.08.2019 година) Општинското основно училиште „Круме Кепески“, Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од последните две учебни години, односно учебната 2020/2021 и 2021/2022 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 1.02.2022 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1.Тасевска Андријана – психолог

2.Наташа Јаковческа – наставник по математика

3.Весна Настоска – одделенски наставник

4.Гордана Икономовска - одделенски наставник

5.Маргарита Грнчиштанова - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот април-јуни 2022 година. За успешно спроведување на истата Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 7 тимови за 7 клучни подрачја во однос на кои се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1.Организација и реализација на наставата и учењето | Т-1<br>1. Нарциса Блажевска<br>2. Маја Саздовска<br>3. Кице Гелмановски<br>4. Елена Петровски<br>5. Весна Настовска<br>6. Анита Матевска<br>7. Радмила Чипан<br>8. Моника Јаневиќ<br>Т-2<br>1. Наташа Јаковческа<br>2. Петранка Ристевска |

| | |
|---|---|
| | 3. Стојна Живиќ<br>4. Митка Панарин<br>5. Луина Панева<br>6. Светлана Смилковска<br>7. Наташа Нумановиќ |
| 2.Постигнувања на учениците | 1. Татјана Пеливанова<br>2. Билјана Ѓоргоска<br>3. Билјана Несторовска<br>4. Сузана Бундалевска<br>5. Голупка Мирчевска<br>6. Вера Мијајлевска<br>7. Лиле Јованчева<br>8. Ирена Костадинова |
| 3.Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководен кадар | 1. Марија Ристевска<br>2. Валентина Т.Стаматовска<br>3. Билјана Тодоровска<br>4. Слободан Трајковски<br>5. Соња Спасовска<br>6. Антонела Русјакова<br>7. Ирена Павловска<br>8. Антоанела Ангелевска |
| 4.Управување и раководење | 1. Марина Ангелова<br>2. Светлана Карафиљкова<br>3. Марјан Бошев<br>4. Гордана Икономовска<br>5. Славица Велкова<br>6. Дончо Лозановски<br>7. Андријана Анчевска<br>8. Симона Тодоровска |
| 5.Комуникациски односи со јавноста<br>7.Соработка со родителите и локалната средина | 1. Горица Стојановска<br>2. Билјана Јовчева<br>3. Александар Милојевиќ<br>4. Игор Зафировски<br>5. Соња Евгениевска<br>6. Даниела Велковска<br>7. Фросина Ѓорѓиевска<br>8. Борче Димитриевски |
| 6.Училишна клима и култура | 1. Гордана Арсовска<br>2. Билјана Дивјакоска |

| | |
|---|---|
| | 3. Лидија Петровска<br>4. Касиопеа Наумоска<br>5. Лариса Станкова<br>6. Драгица Иванова<br>7. Сузана Ангелова<br>8. Зорица Глигорова |

Тимовите, во координација на членот на комисијата Тасевска Андријана, спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и извори, врз основа на кои ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои одговорија на прашањата во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје ги издвои јаките и слабите страни, направи резиме и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели реализацијата на Програмата за развој на училиштето за наредните 2 години.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 24.06.2022 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, јаките и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за целосна реализација на стратешките и развојните цели поставени во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе ги презентираме јаките страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Организација и реализација на наставата и учењето** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Наставниот кадар изработува соодветни наставни планирања кои се во согласност со целите предвидени од БРО, водејќи притоа сметка за способностите и интересите на учениците;<br>• Примена на интегрирана настава на меѓупредметните цели во образовниот процес;<br>• Во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици.<br>• За учениците со посебни образовни потреби стручната служба реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности, што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење;<br>• Постои отворена соработка и размена на искуства и информации при планирањето на наставниот процес на различно ниво во рамките на училиштето; |

- Психологот, педагогот и директорот реализираат увид во индивидуалните планирања (годишни, тематско-процесни и дневни), како и специјалниот едукатор и рехабилитатор во ИОП на наставникот, според кои вршат вреднување на квалитетот на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на самиот час, како и оценувањето на напредокот на учениците;
- Постои квалитетна соработка меѓу наставниот кадар и родителите која резултира во взаемно респектирање на дадените идеи и мислења;
- Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците. Во училиштето постои Процедура за грижа за учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди која е општо прифатена и спроведувана од учениците, наставниците и родителите и е дел од културата на училиштето; Во период на пандемија беа изготвени и се применуваа дополнителни протоколи за заштита на здравјето на учениците;
- Во училиштето се организираат и реализираат бројни спортски активности со цел поттикнување на правилен психо-физички развој кај учениците;
- Дел од училишната култура е и хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување на хуманитарни акции со цел подигнување на свеста кај учениците за меѓусебна почит и еднаквост, емпатија и ненасилно однесување и разрешување на конфликти;
- Училиштето преку стручната служба во соработка со наставниот кадар дава квалитетна поддршка на учениците од ранливите групи;
- Во училиштето, од страна на психологот на училиштето се спроведува Програма за професионална ориентација и советување на учениците. Активностите вклучуваат работа со ученици, родители, наставници и соработка со локалната заедница.
- Напредокот и постигнувањата на учениците се следат преку формативно и сумативно оценување. Според учениците и родителите оценувањето е транспарентно, континуирано и правично.

**Слаби страни**

- Недоволно нагледни средства потребни за поуспешно и современо реализирање на наставните програми, особено на програмите според новата Концепција за основно образование.

**Приоритети**

- Обезбедување на модерни нагледни средства за осовременување на наставниот процес

**Постигнувања на учениците:**

**Клучни јаки страни**

- Наставниот кадар и стручната служба и во централното и во подрачното училиште континуирано го следат успехот на учениците, нивниот психофизички напредок и поведението на учениците во текот на целата учебна година.
- Наставниот кадар го организира и следи наставниот процес, ги планира наставните методи, форми и техники, ги користи наставните средства во функција на подобрување на постигањата на учениците.
- Во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и

беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици.

- Со цел да се постигнат подобри резултати кај учениците соработката на наставниот кадар со директорот и стручна служба е на одлично ниво.
- Постои одлична соработка помеѓу наставниците и учениците, со цел подобрување на успехот на учениците.
- Особено внимание се посветува на начинот на планирање и изведување на наставниот процес, особено за планирањата во прво и четврто одделение согласно Концепцијата за основно образование.
- Училиштето исто така секоја година го зголемува фондот на книги во училишната библиотека и на тој начин им овозможува на учениците освен задолжителната литература (лектири) да користат и дополнителна литература од која ги прошируваат знаењата по различни предмети.
- Секој наставник користи стратегии, форми, методи, техники, како и чек листи, наставни листови,тестови, писмени работи, домашни задачи за следење на напредокот на учениците.
- Особено внимание се посветува на активностите за јакнење на инклузивната култура, политика и практика на училиштето.
- Наставниците за учениците со посебни потреби изработуваат среднорочен и долгорочен ИОП, како и портфолио за секој ученик.
- Учениците со посебни потреби се редовно вклучувани во активностите на часовите, како и во воннаставните активности. Наставниците посветуваат посебно внимание со цел да им се помогне во нивните постигнувања.
- Постои одлична соработка и постојана комуникација и советување со психолошко-педагошката служба и со специјалниот едукатор и рехабилитатор за следење на учењето на учениците со потешкотии во учењето и на учениците со посебни потреби и за нивниот напредок.
- Во училиштето работи Тим за инклузија кој дава поддршка на наставниците, родителите и на учениците, а во овој процес активно се вклучени и родителите на кои им се даваат насоки како да работат во домашни услови.
- Во нашето училиште учениците се подготвуваат и редовно учествуваат на различни натпревари – општински, регионални и државни и најчесто постигнуваат висок резултат.
- Учениците учествуваат и на квизови, литературни и ликовни конкурси, образовни и забавни емисии и интерни натпревари.
- Со цел да се зголемат постигањата на учениците, во училиштето и во услови на пандемија се организираа литературни читања, ликовни, литературни, спортски, еколошки работилници, изложби, од кои дел се реализираа онлајн.
- Во училишниот хол, училниците и училишните ходници редовно се изложуваат проектни активности изработени од страна на учениците,
- Преку разни активностите редовно се одбележуваат празници и активности на училишната библиотека.
- Сите ученици во нашето училиште го завршуваат основното образование, нема ученици кои повторувале.
- Во време на вонредните мерки поради корона вирусот дел од учениците кои поради здравствени причини наставата ја посетуваа онлајн, редовно се вклучувани на часовите по сите предмети и во воннаставните активности и во континуитет се следи нивниот напредок и нивниот успех.
- Родителите се задоволни од пристапот на наставниците кон децата во периодот кога учењето се спроведува со физичко присуство и онлајн како и од соработка на наставниците за подобрување на успехот на децата.
- Нема значајни отстапувања во поглед на успехот, поведението и редовноста на учениците во изминатите две учебни години, но и во однос на претходните.

**Слаби страни**

- И покрај тоа што училиштето има развиено систем на наградување и пофалување на учениците, родителите сметаат дека тој систем треба да се усоврши, односно наградувањето за постигнувањата на учениците да биде преку доделување награди,

дипломи и пофалници.

**Приоритети**

- Усовршување на системот на наградување и пофалување на учениците преку доделување награди, дипломи и пофалници

**Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководен кадар**

**Клучни јаки страни**

- Наставниот кадар има целосна поддршка за едукација од Тимот за професионален развој и од страна на директорот
- Со години наназад, во училиштето Тимот за професионален развој на наставниците и стручните соработници работи на:
  - идентификација на потребите за професионален развој,
  - планирање на професионалниот развој (Училишна програма за професионален развој)
  - изготвување на акциони планови за професионален развој
  - изготвување на лични планови за професионален развој
  - задоволување на потребите за професионален развој (обуки, семинари, стручна поддршка, литература) и
  - следење на професионалниот развој (досиеа за професионален развој, извештаи, анкети).
- Стручното усовршување на воспитно - образовниот кадар опфаќа посети на семинари, индивидуално стручно усовршување, дисеминации, интерни обуки и работа на стручните активи, но последните две години поради пандемијата, стручното усовршување повеќе се одвиваше онлајн.
- Наши наставници и стручни соработници учествуваа во активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи и членови во работни групи за изготвување на програмски, законски и концепциски документи на национално ниво.
- Во учебната 2020/21 година во рамките на кариерниот развој на наставниците, Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик, се стекна со звање наставник- ментор.
- Во училиштето се дава поддршка на наставниците – приправници, како и на секој нов наставник.
- Дисеминацијата во училиштето редовно се изведува од страна на колегите кои посетувале одредени обуки.
- Од резултатите на спроведената анкета, наставниот кадар има желба за дополнително стручно усовршување, постојано е мотивиран од страна на стручните активи, ја унапредуваат тимската работа помеѓу наставниците, редовно се спроведува дисеминација од посетени обуки.
- Соработката на наставниците и стручните соработници во училиштето е на високо ниво. Наставниците редовно добиваат квалитетна поддршка за сите аспекти на воспитно-образовната работа.
- Во организација на Општина Кисела Вода, а според претходно објавен конкурс за избор на најдобри наставници и стручни соработници во учебната 2020/2021 година, за најдобар наставник беше прогласена Билјана Тодоровска – одделенски наставник , а за најдобар стручен соработник беше прогласена Андријана Тасевска – психолог, , а за учебната 2021/2022 година Марина Крстевска Ангелова – одделенски наставник и Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик беа прогласени за најдобар наставник.

**Слаби страни**

- Недоволно обуки во период на пандемија  кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки.

**Приоритети**

Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници.

**Управување и раководење**

**Клучни јаки страни**

- Раководството на училиштето има отворена соработка со Наставничкиот и Одделенскиот совет, Советот на родители, Бирото за развој на образование, МОН и Општина Кисела Вода.
- Училиштето има добра локација , солидна инфраструктуира и наставен кадар,  голем училишен двор со организиран простор за одржување на спортски настани.
- Подрачното училиште е вклучено во сите процеси и училишни политики и има свој претставник во  Училишниот Одбор, а останатите наставници од подрачното училиште поеднакво се застапени во разни комисии и тимови во работата  на училиштето.
- Училишната зграда континуирано се реновира согласно финансиските можности,  а фондот во училишната библиотека континуирано се обновува.
- Ученичкиот парламент, составен од претставниците од одделенските заедници, успешно функционира и работи. Учениците имаат и свои претставници во Училишниот одбор
- Училиштето успешно ги следи и спроведува промените во воспитно образовниот систем
- Училиштето и наставниот кадар,успешно реализираше настава во вонредни услови за време  на пандемија
- На воспитно-образовниот кадар му се овозможува и се поттикнува за континуиран професионален развој.
- Во процесот на креирање на училишна политика  на училиштето се вклучени сите субјекти
- Веб страната на училиштето успешно функционира со постојано ажурирање.

**Слаби страни**

- Две развојни цели од досегашната Развојна програма на училиштето не се во целост реализирани: Доопремување на системот за заштита во кризни стуации-Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации и Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно образовниот кадар во рамките на училиштето според заслугите.

**Приоритети**

- Развивање  и целосно реализирање на развојните цели од досегашната Развојна програма на училиштето: Доопремување на системот за заштита во кризни стуации-Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации и Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно образовниот кадар во рамките на училиштето според заслугите.

**Комуникациски односи со јавноста**

**Клучни јаки страни**

- Одделенските раководители редовно одржуваат средби со родителите (индивидуални и родителски состаноци) на кои информираат за напредокот на учениците и сите промени кои настануваат во нивниот секојдневен училиштен живот
- Секој ученик избира во кои воннаставни активности ќе учествува според своите афинитети и интереси
- Во сите одделенија и по сите предмети се реализираат голем број вонаставни активности
- Согласно наставниот план, а преку анкетирање , учениците избираат изборни предмети
- Учениците од нашето училиште остваруваат соработка со разни институции и организации со цел организирање и реализирање заеднички проекти
- Училиштето има соработка со невладини организации и локалната средина
- Ученици земаат учество во многубројни проекти, натпревари, онлајн предавања од областа на безбедноста и здравјето, изложби, следат онлајн театарски претставиа, ТВ емисии, и др.
- Училиштето има развиено систем за следење, мотивирање и промовирање на постигањата на учениците, како и наградување и пофалување на учениците кој постојано се надоградува и унапредува.
- Родители сметаат дека наставниците успешно го поттикнуваат нивното дете во напредокот и успехот во учењето.
- Родителите слободно се обраќаат во училиштето со прашања и забелешки во однос на училишниот живот, што докажува дека комуникацијата наставник-родител-стручна служба/директор е на високо ниво.
- Успесите на учениците (конкурси, натпревари, квизови, победи на спортските училишни тимови) се промовираат на веб страната на училиштето.

**Слаби страни**

- Строгите протоколи и правила по кои мораше да работи училиштето заради светската пандемија допринесоа за намалување на одредени активности кои во училиштето претходно повеќе се практикуваа (меѓуодделенски натпревари, гостување во медиуми, посети во театри, кино, ЗОО , музеи и други културно уметнички настани). Ова, во однос на изминатиов период, го вбројуваме во слаби страни, но со олабавувањето на мерките училиштето ќе ги превземе сите потребни мерки и активности за нормален тек и подигнување на мотивацијата кај учениците.

**Приоритети**

- Да се продолжи со реализација на активностите според начин на кој се одвиваа пред пандемијата.

**Училишна клима и култура**

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето постои  взаемно почитување помеѓу наставниот , стручниот кадар, учениците и родителите
- Учениците, родителите и наставниците се чувствуваат добредојдено во училиштето и ја делат филозофијата на инклузија.
- Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи со голем ентузијазам и креативност  што придонесува да постигнуваат подобри резултати.
- Училиштето е препознатливо по грижата за здравјето на учениците, примерното однесување и добрата соработка со родителите.
- Во училиштето има Кодекс на однесување на воспитно-образовниот кадар,Кодекс за однесување на учениците,  Кодекс за оценување на постигањата  на учениците, Правила за однесување на учениците на учениците, родителите и наставниците  и Куќен ред.
- Училиштето има изготвено Политика против насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство и се реализираат обуки за наставниците и превентивни работилници со учениците во однос на препознавање, реагирање и постапување во ситуации на насилно однесување во училиштето.
- Со секоја наредна година се намалува бројот на родителски и ученички советувања по однос на несоодветно однесување
- Соработката меѓу наставниците е особено изразена при реализација на заеднички проекти и активности.
- Постои соработка и огромна подршка помеѓу стручната служба и наставниците.
- Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување и еднаков и правичен пристап кон  сите ученици
- Постои отворена комуникација на наставниците и стручната служба
- Постои отворена комуникација на родителите и стручната служба
- Стручната служба е секогаш достапна за учениците и постројано им дава поддршка
- Постои взаемно почитување меѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и различни способности и примерно однесување на учениците
- Учениците постојано се запознаваат со своите права и обврски
- Своите права учениците имаат можност да ги остваруваат преку Ученичкиот парламент,  ученичките заедници, организации, клубови.
- Постои мотивираност на учениците за изразување на своите способности и знаења во и надвор од наставата што посебно се наградува и вреднува
- Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето
- Во училиштето се спроведуват активности поврзани со мултиетничката интеграција во образованието.

**Слаби страни**

- Учениците сеуште не се чувствуваат  доволно ангажирани во  донесување на одлуки во училиштето.

**Приоритети**

- Поголемо вклучување на учениците со своите мислења, предлози и ставови во однос на подобрување на процесот на учење.

**Соработка со родителите и локалната средина**

**Клучни јаки страни**

- Соработката помеѓу вработените во училиштето и родителите е одлична, за што доказ е спроведената анкета со родителите
- Соработката помеѓу родителите и стручната служба во училиштето и исто така на високо ниво , за што е доказ спроведената анкета.
- Училиштето со Општината посебно со Секторот за образование остварува коректна, конструктивна и плодна соработка;
- Стручната служба соработува со родителите во сите сегменти кои се однесуваат на работата на училиштето;
- Училиштето и со локалната заедница, институциии од областа на здравството, спортот, културата, хуманоста, образованието, остварува плодна соработка;
- Соработка се остварува со деловната заедница и невладиниот сектор, како и државни институции .
- И во услови на пандемија училиштето реализираше успешна соработка со родителите и локалната заедница, онлајн, но и со физичко присуство со почитување на протоколите.

**Слаби страни**

- Недоволна вклученост на родителите во заеднички активности и едукации, работилници, пред се поради ковид мерките, но и отворена понуда од родителите за промоција на некои од професиите со кои се занимаваат, а се со цел практично реализирање на делови од наставната програма и наставните содржини.

**Приоритети**

- Планирање стратегии за продлабочување на соработката и активирање на поголем број родители во активностите на училиштето и во услови на пандемија.

## Подрачја од самоевалуацијата усогласени со подрачјата од интегралната евалуација

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Имајќи предвид дека наставните планови и програми се документи пропишани на национално ниво, односно одобрени од МОН, нашето училиште не само што целосно ги реализира туку тоа го прави квалитетно преку подготовка на соодветни планирања и интерактивна настава.<br>Училиштето, преку пишана процедура, редовно ги информира родителите, учениците и училишните тела за наставниот план и целите и содржините на наставните програми кои се реализираат.<br>Наставниот кадар врз основа на наставните програми изготвува планирања за настава во кои постои заедничка поврзаност или заеднички аспекти помеѓу различни предмети - интегрирана настава, односно за успешна реализација на наставните содржини наставниците пристапуваат кон интеграција на меѓупредметните цели во образовниот процес (на пр. музичко-македонски ј, ликовно-историја, географија-англиски ј. и сл.). Во училиштето постојат инклузивни политики, процедури и упатства според кои наставниците изготвуваат индивидуален образовен план за оние ученици со посебни образовни потреби за кои тоа е препорачано.<br>И во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество на сите ученици.<br>Училиштето има пропишана процедура според која нуди повеќе изборни предмети и го почитува правото учениците по пат на анкета да вршат избор на изборниот предмет.<br>Училиштето изготвува Проширената програма која опфаќа продолжен престој (целодневна настава од прво до трето одделение), продолжен престој со хетерогена група по потреба, организирано прифаќање и заштита на учениците пред почетокот на наставниот процес и по неговото завршување, како во одделенска така и во предметна настава и прифаќање на учениците во вонаставните активности. Грижата за учениците се спроведува меѓу другото и со организирање и постоење на редовни секојдневни дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на наставата и по нејзиното завршување во рамките на училиштето и училишниот двор. Сето ова е поткрепено со план за одржување на истите.<br>Воннаставните активности се дел од севкупните активности во нашето училиште и се одржуваат според желбата, афинитетите, надареноста, способноста и потребите на учениците. Истите се подеднакво достапни за сите ученици. Според горенаведеното, во нашето училиште функционираат следниве воннаставни активности: слободни ученички |

| | |
|---|---|
| | активности за стекнување на нови знаења по сите предмети од прво до деветто одделение; училишни спортски клубови (фудбал, кошарка, одбојка, ракомет и за учениците од I-V одд. аеробик и корективна гимнастика); слободни активности за општествено-корисна работа, работа на одделенската заедница, како и работата на Училишниот парламент, Детската организација и Подмладокот на Црвен крст при нашето училиште. Во рамките на нивните планови и програми се предвидени и реализирани учество на многубројни натпревари и голем број манифестации, како од спортски така и од друг карактер, како на пр. литературни и ликовни конкурси, натпревари на хорот и оркестарот, натпревари за прва помош и ППЗ, квиз натпревари, одбележување на значајни датуми и празници. Наставниците делуваат инспиративно за вклучување на учениците во предвидените воннаставни активности. Учениците се мотивирани за изразување на своето знаење преку креативен труд кој притоа се наградува, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко. |
| **Постигнувања на учениците** | Постигнувањето подобри резултати и успех кај учениците е една од целите на општинското основното училиште „Круме Кепески“ . Наставниот кадар во училиштето е стручно подготвен, квалитетен и обучен, го планира и го реализира воспитно-образовниот процес и се стреми кон подобрување на постигањата на учениците. Наставниците редовно посетуваат семинари и обуки преку кои го подобруваат квалитетот на наставата. Во функција на подобрување на постигнувањата на учениците, во училиштето одлично функционираат активите по предмети, преку кои се разменуваат разни искуства и знаења меѓу наставниците. Од стручните предавања од одржаните часови се подобрува квалитетот на наставата преку размена на искуства од формативното и сумативно оценување, интегрирани часови, како и внесување новини од реализираните обуки. Училишната библиотека редовно го зголемува библиотечниот фонд, а исто така се збогатува и со стручна литература по различни предмети, овозможувајќи им на наставниците постојано да се надградуваат, а тоа влијае и на подобрување на успехот на учениците.<br>Оценувањето и вреднувањето на учениците е важен сегмент во образовниот процес на секој ученик. Во таа насока се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување. Наставниците го користат оценувањето и за да го проценат својот труд во подучувањето на учениците и да ги одредат натамошните правци во сопствената наставна практика. Оцената е транспарентна за ученикот и се постапува според Постапка за известување на родителите за напредокот и успехот на учениците**.** |

Покрај редовната настава, постигнувањата на учениците се следат и подобруваат преку дополнителната настава и додатната настава и воннаставните активности. И во период на пандемија наставата од далечина се одвиваше на начин кој обезбедуваше максимална присутност на учениците и беа обезбедени и применети материјали за учење од далечина кои овозможуваа максимално учество и постигнување на сите ученици.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години, по паралелки во предметна и во одделенска настава и презема активности за нивно подобрување.

Според овие податоци и анализи нема значајни отстапувања во поглед на успехот, поведението и редовноста на учениците во изминатите две учебни години, но и во однос на претходните.

Во последните учебни години сите ученици го завршуваат основното образование. Нема ученици кои ја повторуваат годината.

За да се подобри успехот на учениците и да се мотивираат учениците, покрај редовната настава, во училиштето, се организираат слободни ученички активности во кои учениците ги покажуваат своите способности кон одредена област, на натпревари, наградни литературни, математички, еко и ликовни конкурси, квизови.

Ученици без разлика на полот, социјалната положба или етничка припадност се вклучени во голем број воннаставни активности согласно нивните афинитети, надареноста, способноста и образовни потреби. Учениците постигнуваат високи резултати на многубројни натпревари, литературни и ликовни конкурси, училишни спортски натпревари.

Исто така, заради проширување на знаењата на учениците, училиштето планира и екскурзии (еднодневни, дводневни и тридневни, како и настава во природа) и посети на: библиотеки, образовни емисии, музеи, театри, работилници, кина, фабрики, спомен-куќи, фестивали, литературни читања, саеми, ботанички градини, општина, учество на ликовни и литературни конкурси, на еколошки, спортски, сообраќајни, конкурси, на натпревари по математика, македонски јазик, англиски јазик, географија, ППЗ натпревари, хорски и оркестарски смотри, иако поради пандемијата според протоколите дури оваа учебна година 2021-2022 се започна со натпревари, посета на музеи, телевизија.

Одделенските раководители редовно го следат успехот, дисциплината, редовноста и напредувањата на учениците и редовно ги информираат родителите на учениците и соработуваат со нив преку родителски средби кои се одвиваа онлајн и индивидуални средби со физичко присуство според протоколите за Ковид 19.

Успехот на учениците континуирано се следи во текот на учебната година преку разни форми

| | |
|---|---|
| | на формативно и сумативно оценување, при што се води сметка да се добие целосна слика за секој ученик.<br>Успехот се следи и преку домашно учење за ученици кои поради болест отсуствуваат од наставата, а исто така редовно се следи и успехот на учениците кои поради здравствени причини, оваа учебна 2021-22, наставата ја следат онлајн, со помош на Microsoft Tims и се користат апликациите преку кои се следи во континуитет напредокот на учениците и нивниот успех.<br>Во училиштето постои одлична соработка на наставниот кадар со директорот и со стручната служба и таа соработка овозможува континуирано следење на постигнувањата на учениците. Од страна на психологот се врши советување на оние ученици за кои одделенските раководители ќе укажат дека има потреба заради подобрување на успехот, редовноста и дисциплината. Во исто време се реализира и советување и едукација на нивните родители.<br>Грижата за напредокот на секој ученик, развивањето на неговите потенцијали и неговата подготвеност за учење и животно функционирање се приоритети на нашето училиште. За таа цел наставниците и стручните соработници особено внимание посветуваат на ранливите категории на ученици, но и на оние ученици кои покажуваат особена надареност и таленти од различни области. Во училиштето особено внимание се посветува на активностите за јакнење на инклузивната култура, политика и практика. |
| **Учење и настава** | За успешно и квалитетно реализирање на наставните програми одобрени од МОН наставниците изработуваат квалитетни планирања. За таа цел, наставниците добиваат несебична и извонредно богата поддршка од страна на стручната служба (психологот, педагогот, специјален едукатор и рехабилитатор) на нашето училиште во текот на целата учебна година. Постои Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, која е дел од Годишната програма на училиштето. Исто така врз основа на креирани протоколи, психологот, педагогот и директорот реализираат увид во индивидуалните планирања (годишни, тематско-процесни и дневни) на наставникот, а специјалниот едукатор и рехабилитатор во ИОП, според кои вршат вреднување на квалитетот на планирањето и подготовката на наставниот час, изведбата на самиот час, како и оценувањето на напредокот на учениците. За направените увиди постојат записници.<br>Од почетокот на минатата учебната година наставниот процес се одвиваше во вонредни услови поради светската пандемија предизвикана од корона вирусот. За дел од учениците (од прво до трето одделение) наставата се реализираше со физичко присуство на учениците, додека за останатите ученици (од четврто до деветто одделение) се изведуваше настава од далечина според препораките добиени од Министерството за образование и наука, а со |

| | |
|---|---|
| | помош на Националната платформа за учење и Мајкрософт тимс. На овој начин беше овозможено учениците да ја следат наставата и да имаат двонасочна комуникација со наставниците, а на одреден начин беше овозможена и вклученост на родителите на учениците. Во поголем дел наставата од далечина успешно се реализираше, со мали потешкотии од технички карактер, кои успешно се надминуваа. Освен преку оваа платформа со учениците се комуницираше и преку е-маил, вибер, а истовремено им беа посочени и други извори на учење како што се: националната веб-платформа за образование ЕДУИНО, ТВ училница, веб страни со едукативни содржини и др.<br>Оваа учебна година наставата се реализира со физичко присуство за сите ученици со почитување на пропишаните мерки и протоколи.И покрај вонредните услови за работа учениците, родителите и наставниците беа во постојана комуникација.<br>Училиштето е препознатливо во средината како лидер на инклузивното образование. Според инклузивната училишна политика, училиштето и Училишниот инклузивен тим се грижат да се овозможи квалитетна настава, учество и постигнување на секој ученик, без оглед на неговите посебни потреби.<br>Родителите се информираат за напредокот на нивното дете во писмена и усна форма при што висок процент од родители сметаат дека наставниците успешно го поттикнуваат нивното дете во напредокот и успехот во учењето. Родителите слободно се обраќаат во училиштето со прашања и забелешки во однос на училишниот живот, што докажува дека комуникацијата наставник-родител-стручна служба/директор е на високо ниво.<br>Промените во однесувањето и напредокот на учениците редовно се следат од страна на наставниците и стручните соработници и за истите ги известуваат родителите и пружаат соодветна стручна помош и на учениците и на родителите. Училиштето има систем за пофалување, наградување и мотивирање на учениците со што се поттикнува поголем успех на учениците во училиштето, а со активирање на Web страната на училиштето се афирмираат успесите и надвор од него. Учеството и добивањето на високи награди на општински, регионални и државни натпревари како и награди на конкурси од општински, регионален и државен карактер се успеси на нашите ученици, чии постигнувања се промовираат во училиштето. |
| **Поддршка на учениците** | Учениците во нашето училиште добиваат континуирана поддршка од различни апсекти во текот на сите развојни периоди, како преку претходно планирани и организирани превентивни и интервентни програми и активности, така и преку индивидуална поддршка на секој ученик кој има потреба од тоа.<br>За учениците со посебни образовни потреби стручната служба реализира индивидуална |

| | |
|---|---|
| | поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности, што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење. Наставниците за учениците со посебни потреби изработуваат среднорочен и долгорочен ИОП, како и портфолио за секој ученик, а Тимот за инклузија дава поддршка на наставниците, родителите и на учениците, особено им се даваат насоки како да работат во домашни услови.<br>Училиштето е безбедна средина, како од хигиенски аспект, така и од аспект на услови на безбедно движење низ просторот, реагирање во кризни услови и спречување и реагирање при насилно однесување, за што во училиштето постојат процедури, кодекси, правила и протоколи според кои се постапува.<br>Училиштето посебно се препознава по својата Постапка за грижа за здравјето на учениците и обезбедување на поддршка во учењето на учениците кои се соочуваат со здравствени потешкотии. Стручната служба на училиштето редовно ги следи и работи со учениците со емоционални проблеми, спроведува организирана индивидуална поддршка на учениците со посебни образовни потреби, за што се води уредна документација. Организирањето на спортски активности придонесува како за физичкото, така и за емоционалното здравје на учениците.<br>За учениците од IX одделение посебен акцент се става на нивната информираност и насочување при изборот на идното занимање. Во училиштето се реализира Програма за професионална ориентација на учениците, според која преку спроведување на анкети и тестирања учениците добиваат сознанија за своите интереси и способности, преку презентации и работилници добиваат информации за мрежата на средни училишта и занимањата,начинот на запишување во средните училишта, а преку организирани презентации на средни училишта потесно се запознаваат со работните активности за секој вид занимање, сложеноста на работата и работните задачи на одделни занимања, класификација на занимањата според сложеноста на групите и видот на работата. Според Програма за професионална ориентација на учениците се работи и со учениците од осмо одделение во однос на запознавањето со одредени занимања, во што се вклучени и родители кои ги презентираат своите искуства и професии. |
| **Клима во училиштето** | Во училиштето постои взаемно почитување меѓу наставниот, стручниот кадар, учениците и родителите. Сите тие се чувствуваат добредојдено во училиштето и ја делат филозофијата на инклузија. Училиштето особено води грижа за градење на инклузивна клима и култура и е препознатливо како инклузивно училиште.<br>И покрај предизвиците предизвикани од пандемијата со ковид 19, од резултатите добиени од анкетите спроведени со учениците, родителите и наставниците, како и податоците од разни |

| | |
|---|---|
| | извори и документи во училиштето, може да се заклучи дека во нашето училиште постои позитивна клима за успешно одвивање на целокупниот наставен процес.<br>Наставниците имаат одлична соработка, се почитува различноста во мислењата, се почитуваат повозрасните колеги и од нив се бараат совети за работата, постои толерантност и колегијалност.<br>Соработката меѓу наставниците е особено изразена при реализација на заеднички проекти и активности. Постои соработка и огромна подршка помеѓу стручната служба и наставниците. Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување и еднаков и правичен пристап кон сите ученици.<br>Постои отворена комуникација помеѓу наставниците и стручната служба, како и родителите и стручната служба. Стручната служба е секогаш достапна за учениците и постојано им дава поддршка. Постои взаемно почитување меѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и различни способности и примерно однесување на учениците. Со секоја наредна година се намалува бројот на родителски и ученички советувања по однос на несоодветно однесување.<br>Учениците се вклучени во разни активност без оглед на полот, етничката припадност, посебните потреби или социјалниот статус. Учениците во најголем процент се дружат, си помагаат меѓусебно, се однесуваат пристојно и се редовни во наставата. Во надминувањето на проблемите со редовноста и начинот на однесување на учениците придонесе постојаната работа со учениците, како од страна на наставниците, така и од страна на стручната служба во училиштето и соработката со родителите на учениците.<br>Училиштето е препознатливо по грижата за здравјето на учениците, примерното однесување на учениците и одличната соработка со родителите.<br>Во училиштето има Кодекс на однесување на воспитно-образовниот кадар,Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за оценување на постигањата на учениците, Правила за однесување на учениците , родителите и наставниците и Куќен ред и истите се почитуваат.<br>Училиштето има изготвено Политика против насилство и Протокол за постапување на училиштето во ситуации на насилство и се реализираат обуки за наставниците и превентивни работилници со учениците во однос на препознавање, реагирање и постапување во ситуации на насилно однесување во училиштето. Учениците се чувствуваат безбедни во училиштето.<br>Вклучувањето на учениците и нивните членувања со разни активности во организации, клубови,Ученичкиот парламент, ученичките заедници, како и познавањето на правата и обврските на децата, давање предлози од страна на учениците се голем придонес во демократското учество на учениците во училиштето. Во целокупната работа на училиштето |

| | |
|---|---|
| | значајно место имааат учествата на натпревари по сите предмети. Постои мотивираност на учениците за изразување на своите способности и знаења во и надвор од наставата што посебно се наградува и вреднува.<br>Мултикултурализмот успешно се прифаќа и се промовира во училиштето. Во училиштето се спроведуват самостојни активности поврзани со мултиетничката интеграција во образованието и заеднички активности со ООУ Мустафа Кемал Ататурк од с. Количани.<br>Работната атмосфера како и професионалниот однос придонесуваат за позитивната клима, угледот и имиџот на училиштето.<br>За жал голем дел од активностите беа со ограничена реализација и се изведуваа онлајн поради мерки на претпазливост и почитување на протоколите во услови на пандемија, поради што учениците сеуште не се чувствуваа доволно ангажирани во донесување на одлуки во училиштето. |
| **Ресурси** | Во однос на сместување и просторни капацитети, училиштето има две згради (централно и подрачно), во кои има училници (18+6), кабинети (8+0), фискултурна сала (1+0), соблекувални (2+0), простории за наставни средства и помагала (5+1), простории за директор и наставници (3+1), за педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор (3+0), канцеларии (2+0), за помошен персонал (1+1), кујна со трпезарија (2+0), ходници (15+1), санитарни јазли (7+3), магацин (2+0), подруми (1+1), работилница за хаус мајстор (1+0). Во дворот на централното училиште се подигнати фудбалски балон и спортска сала, која се користи според можностите.<br>Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат во согласност со потребите на самото училиште и тоа од буџетските финансии, по пат на самофинансирање преку издавање на спортската сала, училишната кујна, како и по пат на донации (од различни фирми). Во овој контекст по пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребната работна облека и обувки за техничкиот персонал. За одржување и сервисирање на техничките средства во училиштето е задолжен администратор назначен од Министерството за информатика.<br>Училиштето има богата стручна литература, и тоа прирачници, практикуми, зборници, речници, како и друга литература. Бројот на лектири е зголемен за 155 лектирни изданија од петто до деветто одделение, со што истиот сега изнесува 1601 лектири.<br>Во последнава учебна година набавени се 4 ЛЦД проектори, 1 свич и 3 рутери, купени се 2 смарт табли , 2 лаптопи и 2 проектори (по едно во ЦУ и ПУ). Како донација од ОКВ донирани се 2 смарт телевизори, 5 таблети, 8 лаптопи и компјутери.<br>Училиштето има своја веб страница на која се постираат активности на воспитно-образовниот |

| | |
|---|---|
| | кадар со учениците (прошетки, екскурзии, едукативни работилници, освоени награди од страна на наставници и ученици, одржани приредби со различен повод и сл.).<br>Училиштето располага со потребниот наставен кадар, стручна служба , како и административно-технички кадар. Воспитно-образовниот кадар е со соодветно образование, односно е во согласност со нормативите. Наставниците и стручните соработници ефективно придонесуваат за работата во училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи.<br>Во училиштето е формиран Тим за професионален развој. Системот за професионален развој на наставниците и стручните соработници опфаќа: идентификација на потребите за професионален развој, планирање на професионалниот развој (Училишна програма за професинален развој, акциони планови, лични планови за професионален развој), задоволување на потребите за професионален развој (обуки, семинари, стручна поддршка, литература) и следење на професионалниот развој (досиеа за професионален развој, извештаи, анкети).<br>Тимот за професионален развој врз основа на Програма за професионален развој на воспитно-образовниот кадар активно работи и соработува со сите наставници.<br>Според акционите планови за секоја учебна година кадарот учествува на обуки организирани од БРО и МОН, но уште позначајно е што голем дел од стручното усовршување се одвива во училиштето преку работата на стручните активи, интерни обуки, дисеминации, консултации и други форми на усовршување, но поради пандемијата, последните две години повеќето обуки се одвиваа онлајн.<br>За сите нововработени наставници – приправници се одредува ментор кој ја следи и потпомага нивната работа за стекнување на нови знаења, вештини и умеења.<br>Директорот и стручната служба преку следење на планирањата, дневните подготовки, посета на часови и консултации по извршените увиди, ја следи работата на наставниците и дава повратни информации насочени кон подобрување на квалитетот на наставата.<br>Стручната служба во училиштето дава поддршка на наставниците во многу аспекти од воспитно-образовната работа и е секогаш достапна за консултации и помош.<br>Интересот и потребата за професионален развој кај наставниците е на високо ниво. Тие учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието и МОН, како и обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организации. За одбележување е тоа што наши наставници и стручни соработници учествуваа во активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи и членови во работни групи за изготвување на програмски, законски и концепциски документи на национално ниво. |

| | |
|---|---|
| **Раководење, управување и креирање политики** | Училиштето е управувано од Училишен одбор кој брои 7 члена. Претседател на училишниот одбор е претставник од Советот на родители. На седниците на училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. Училишниот одбор работи според изготвена Програма за работа . Училишниот одбор одржува состаноци со претходно известување и усогласување на времето. Состаноците на Училишниот одбор се закажуваат и одржуваат согласно со Статутот на училиштето и деловниците за работа. Со училиштето раководи директор, кој има отворена соработка со Советот на родители, Бирото за развој на образование и локалната средина.<br>Целите и креирањето на училишната политика се разгледуваат и поставуваат со предлози на наставнички совет, врз основа на слабите и јаките страни изведени од самоевалуацијата. Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани според законските прописи.Училишната политика се креира врз основа на самоевалуацијата на училиштето која се врши на секои 2 години и во која е вклучен целиот воспитно-образовен кадар, а приоритетите се основа за изготвување на Развојна програма на училиштето и Годишната програма на училиштето, како и во соодветните процедури, постапки и правилници. Податоците за самоевалуацијата се добиваат врз основа на документи на училиштето, извештаи од одредени активности, интервјуа и анкети од родители, наставници, стручни соработници и ученици. Врз основа на добиените податоци се согледуваат развојните потреби на училиштето. Се врши извлекување на оние приоритети кои се клучни и за кои има можност за реализација и истите се основа за поставување на целите во Развојната програма на училиштето, а практично се реализираат врз основа на Акциони планови за конкретните цели за секоја учебна година. Сите информации, извештаи што важат за централното училиште се применуваат и во подрачното училиште, со што се опфаќаат неопходните потреби на подрачното училиште.<br>Во Развојното планирање на училиштето се дефинирани стратешки цели, од кои произлегуват развојни и конкретни цели за период од 4 години и истите за секоја учебна година се планираат и реализираат во Годишната програма на училиштето. Врз основа на оваа самоевалуација училиштето треба да ја изготви новата развојна програма на училиштето. Во досегашната Развојна програма реализацијата на целите се одвиваше со следната динамика:<br>Првата стратешка цел-**Обновување и збогатување на ресурсите на училиштето**, опфаќа три развојни цели:<br>**1.1 Обновување на информатичка технологија.** Во однос на оваа развојна цел досега се |

| | |
|---|---|
| | набавени: набавени се 4 ЛЦД проектори, 1 свич и 3 рутери, купени се 2 смарт табли , 2 лаптопи и 2 проектори (по едно во ЦУ и ПУ); како донација на Општина „Кисела Вода“ добиени се 2 телевизори, 8 преносни компјутери, 5 таблети, 2 смарт табли, 2 проектори и 18 куќишта за статични компјутери; како донација на издавачка куќа „Тримакс“ добиена е 1 смарт табла и 1 проектор; преку склучен договор со А1 од субвенција добиен е 1 смарт телевизор; преку Проектот за унапредување на основното образование на МОН целосно е опремен кабинет за природни науки со мебел, нагледни средства и материјали за работа (лабораториски прибор).<br>1.2 Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации- Поставување на алармен систем за реагирање во кризни ситуации. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост.<br>1.3 Збогатување на фондот на библиотеката со лектирни изданија. Бројот на лектири е зголемен за 155 лектирни изданија од петто до деветто одделение, со што истиот сега изнесува 1601 лектири.<br>Во однос на втората стратешка цел **Вклучување и учество на поголем број на учениците и родители во активностите на училиштето**, опфаќа три развојни цели:<br>2.1 Развивање постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари - изготвени се постапка и процедура за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари.<br>2.2 Поголемо вклучување на учениците со свои мислења, предлози и ставови во донесувањето на одлуки. Најчесто тоа се врши преку Училишниот Парламент каде учениците ги изнесуваат своите ставови, предлози, мислења во донесувањето на одлуки. На секој состанок на Училишниот Парламент, претставниците од секое одделение ги изнасуваат своите идеи, мислења, ставови, предлози и сл. во донесување на одлуки. Сепак, учениците сметаат дека сеуште не е доволно застапено нивното учество во донесувањето одлуки во училиштето.<br>2.3 Планирање стратегии за соработка и вклучување на поголем број на родители на разновидни активности на училиштето. Ова најчесто се врши со организирање на Хуманитарни базари, работилници-родители-ученици, учество на некои родители на одреден час (некои предавања за соодветни занимања или едукации за здравство ако родителот е доктор и сл.) Но за жал ова вклучување на родителите во разновидни активности, беше ограниечено во овие две години поради пандемијата со Ковид 19 и забраната за влегување на родителите во училиште. И покрај соработката со родителите, училиштето беше ограничено за доплнителни активности заради почитување на протоколите од Министерство за здравство.<br>Во однос на третата стратешка цел –**Промоција на работата на училиштето**, |

| | |
|---|---|
| | опфаќа две развојни цели:<br>3.1 Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето. Оваа развојна цел сеуште не е реализирана во целост.<br>3.2 Опрационализирање и навремено ажурирање на веб страната на училиштето. Училиштето има своја веб страна на која се постираат активности на воспитно-образовниот кадар со учениците (прошетки, екскурзии, едукативни работилници, освоени награди од страна на наставници и ученици, одржани приредби со различен повод и сл. Оваа веб страна е достапна за сите наставници, родители, локална заедница и успешно функционира, посебно во периодот на пандемија од Ковид 19.<br>Изготвени се правилници, постапки, планови и информативен материјал за постапување во случај на кризни ситуации и спроведени се обуки за вработените.<br>Материјално – техничките средства во училиштето се обезбедуваат согласно потребите на самото училиште и тоа од буџетските финансии, по пат на самофинансирање преку издавање на спортската сала , училишната кујна, како и по пат на донации ( од различни фирми). Во овој контекст по пат на тендери се набавуваат потребните средства за хигиена, материјали за поправка и одржување на училишната зграда, како и потребна работна облека и обувки за техничкиот персонал. За одржување и сервисирање на техничките средства (компјутерите) во училиштето е задолжен администратор назначен од Министерството за информатика.Училиштето има богата стручна литература, и тоа прирачници, практикуми, зборници, речници, како и друга литература.<br>Финансирањето на училиштето се одвива согласно закон и транспарентно.Постојат два вида на постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење, за истото да биде добро спроведувано и контролирано и тоа: Министерството за финасии преку буџетска наменска сметка и самофинансирачки сметка. Директорот има увид во сметките на училиштето , истиот увид го има и општинскиот сметководителот и ги распределува плаќањата од двете сметки. Едната сметка е наменска и средствата ги уплатува Министерството за финансии и Општината,а другата сметка е самофинансирачка на училиштето.Од буџетската сметка се исплакаат платите на вработените, сметките за комуналии и сл. По потреба се користи и уште една сметка – Општинска наменска . Со финансиите располага директорот по одлука на Училишниот одбор и Советот на Општината. За финансиите одговорен е директорот и општинскиот сметководителот . |

## Предлог мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Врз основа на резултатите од самоевалуацијата, како и предлозите и дискусиите на Наставничкиот совет во врска со нив, Комисијата за спроведување на самоевалуација ги предлага следните предлог мерки или приоритети за подобрување на воспитно-образовниот процес, кои треба да бидат вградени во Програмата за развој на училиштето во наредните четири години:

| **Стратешка цел** | **Развојни цели** |
|---|---|
| 1.Осовременување на наставниот процес | 1.1 Обезбедување на модерни нагледни средства за осовременување на наставниот процес |
| | 1.2 Реализирање на обуки кои овозможуваат активно учество на учесниците во самата обука, како и интерни обуки, со оглед на тоа што структурата на воспитно-образовниот кадар се менува и имаме се поголем број на наставници почетници. |
| | 1.3 Опремување на сензорна соба |

| **Стратешка цел** | **Развојни цели** |
|---|---|
| 2. Развивање на системот на функционирање на училиштето во услови на кризни ситуации | 2.1 Доопремување на системот за заштита во кризни ситуации – поставување на противпожарни аларми |
| | 2.2 Поголемо вклучување на учениците со своите мислења, предлози и ставови во однос на подобрување на процесот на учење и во услови на пандемија и други кризни ситуации. |
| | 2.3 Планирање стратегии за продлабочување на соработката и активирање на поголем број родители во активностите на училиштето и во услови на пандемија и други кризни ситуации. |

| **Стратешка цел** | **Развојни цели** |
|---|---|
| 3. Мотивирање на воспитно-образовниот кадар и учениците за постигнување на поголеми успеси | 3.1 Развивање на систем за промовирање, пофалување и наградување на воспитно-образовниот кадар во рамките на училиштето |
| | 3.2 Усовршување на системот на наградување и пофалување на учениците преку доделување награди, дипломи и пофалници |

Комисија за спроведување на СЕУ:

1.Тасевска Андријана – психолог – координатор

2.Наташа Јаковческа – наставник по математика

3.Весна Настоска – одделенски наставник

4.Гордана Икономовска - одделенски наставник

5.Маргарита Грнчиштанова - родител